1. Член 23(3) или Член 23а(3) не го спречуваат кредитирањето на замрзнати сметки од страна на финансиски или кредитни институции кои примаат средства пренесени од страна на трети лица на сметка на лицата, субјектите или телата наведени на список, под услов секое дополнување на таквите сметки, исто така, да биде замрзнато. Финансиските или кредитните институции ги известуваат надлежните органи во врска со ваквите трансакции, без одлагање.

2. Под услов таквата камата или други приходи и плаќања да се замрзнати во согласност со член 23(1) или (2) или член 23а(1) или (2), член 23(3) или член 23а(3) не се применува на приливот на замрзнатите средства:

(а) камата или други приливи од тие сметки; или

(б) плаќања заради договори, спогодби или обврски што биле склучени или произлегле пред датумот на кој лицето, субјектот или телото наведени во член 23 или член 23а е назначено од страна на Комитетот за санкции, Советот за безбедност на ОН или Советот.“.

(15) Членовите 30, 30а, 30б, 31, 33, 34 и 35 се бришат.

(16) Членовите 36 и 37 се заменуваат со следното:

„*Член 36*

Лицето кое однапред дава информации како што е утврдено во релевантните одредби во однос на збирни декларации како и царински декларации во Регулатива (ЕЕЗ) бр. 2913/92 и во Регулатива (ЕЕЗ) бр. 2454/93, исто така, ги покажува сите одобренија, доколку тоа се бара со оваа регулатива.

Член 37

1. Обезбедувањето на складирање на нафтени производи или снабдувањето на бродови, или која било друга услуга за пловни објекти, пловни објекти кои се во сопственост или контролирани, директно или индиректно, од страна на иранско лице, субјект или тело се забранува каде што давателите на услуги имаат информации, вклучувајќи ги и оние од надлежните царински органи врз основа на однапред доставени информации од член 36, кои обезбедуваат разумна основа за утврдување дека пловните објекти носат производи опфатени со Заедничкиот воен список или производи чија набавка, продажба, трансфер или

извоз е забранет според оваа регулатива, освен ако обезбедувањето на такви услуги е потребно за хуманитарни и безбедносни цели.

2. Обезбедувањето на технички услуги и услуги за одржување на карго авиони кои се во сопственост или контролирани, директно или индиректно, од страна на иранско лице, субјект или тело се забранува каде што давателите на услуги имаат информации, вклучувајќи ги и оние од надлежните царински органи врз основа на однапред доставени информации од член 36, кои обезбедуваат разумна основа за утврдување дека пловните објекти носат производи опфатени со Заедничкиот воен список или производи чија набавка, продажба, трансфер или извоз е забранет според оваа регулатива, освен ако обезбедувањето на такви услуги е потребно за хуманитарни и безбедносни цели.

3. Забраните од ставовите 1 и 2 од овој член се применуваат додека товарот не се прегледа и, каде што е потребно, заплени или отстрани, во зависност од случајот.

Секоја заплена и отстранување може, во согласност со националното законодавство или одлуката на надлежен орган, да се изврши на сметка на увозникот или да се наплати од кое било друго лице или субјект кое е одговорно за обидот за недозволена набавка, продажба, трансфер или извоз.“.

(17) Членовите 37а и 37б се бришат.

(18) Точка (а) од член 38(1) се заменува како што следува:

„(а) назначени лица, субјекти или тела наведени во Анексите VIII, IX, XIII и XIV“.

(19) Член 39 се брише.

(20) Точка (а) од член 40(1) се заменува како што следува:

„(а) веднаш да се обезбедат сите информации коишто би го олесниле исполнувањето на оваа регулатива, како што се информации за сметки или замрзнати сметки во согласност со членовите 23 или 23а, на надлежните органи на земјите-членки во кои тие живеат или се наоѓаат, и да се доставaт тие информации, директно или преку земјите-членки, до Комисијата;“.

(21) Член 41 се заменува како што следува:

„Член 41

Забрането е да се учествува, свесно или намерно, во активности чија што цел или резултат од нив е да се заобиколат мерките во член 2а, 2б, 2в, 2г, 3а, 3б, 3в, 3г, 4а, 4б, 5, 10г, 15а, 23, 23а и 37 од оваа регулатива.“.

(22) Во член 42, став 3 се брише.

(23) Членовите 43, 43а, 43б и 43в се бришат.

(24) Во член 44(1), точка (а) се заменува како што следува:

„(а) во однос на замрзнатите средства во согласност со членовите 23 и 23а и одобренијата издадени во согласност со членовите 24, 25, 26, 27, 28, 28а и 28б;“.

(25) Член 45 се заменува како што следува:

„Член 45

Комисијата ги изменува Анексите I, II, III, VIIA, VIIБ и X врз основа на информациите обезбедени од страна на земјите-членки.“.

(26) Член 46 се заменува како што следува:

„Член 46

1. Кога Советот за безбедност на ОН ќе внесе во список физичко или правно лице, субјект или тело, Советот го вклучува тоа физичко или правно лице, субјект или тело во Анекс VIII.

2. Кога Советот ќе одлучи физичко или правно лице, субјект или тело да биде предмет на мерките наведени во член 23(2) и (3), соодветно го изменува Анекс IX.

3. Кога Советот ќе одлучи физичко или правно лице, субјект или тело да биде предмет на мерките наведени во член 23а(2) и (3), соодветно го изменува Анекс XIV.

4. Советот ја соопштува својата одлука, вклучувајќи ги причините за внесување во списокот, на физичкото или правното лице, субјектот или телото од ставовите од 1 до 3, директно, доколку адресата е позната, или преку објавување на оглас, обезбедувајќи му на тој начин на физичкото или правното лице, субјектот или телото можност да поднесе забелешки.

5. Кога ќе бидат поднесени забелешки или кога ќе бидат преставени нови значајни докази, Советот ја преиспитува својата одлука и соодветно го информира физичкото или правното лице, субјект или тело.

6. Кога Обединетите нации ќе одлучат да внесат во список физичко или правно лице, субјект или тело, или да изменат идентификација на податоци на тоа физичко или правно лице, субјект или тело, Советот соодветно го изменува Анекс VIII или XIII.

7. Списоците во Анексите IX и XIV редовно се ревидираат и најмалку на секои 12 месеци.“.

(27) Анексите I, II и III се заменуваат со текстот утврден во Анекс I од оваа регулатива.

(28) Анексите IV, IVA, V, VI, VIA, VIБ и VII се бришат.

(27) Анексите VIIA и VIIБ се заменуваат со текстот утврден во Анекс II од оваа регулатива.

(30) Анекс X се заменува со текстот утврден во Анекс III од оваа регулатива.

(31) Анексите XI и XII се бришат.

(32) Анексите XIII и XIV, како што е наведено во Анекс IV од оваа регулатива, се додаваат.

Член 2

Оваа регулатива влегува во сила на денот по нејзиното објавување во *Службен весник на Европската унија*.

Се применува од датумот наведен во вториот потстав од член 2 од Одлука (ЗНБП) 2015/1863. Датумот на примена се објавува на истиот ден во *Службен весник на Европската унија*.

Оваа регулатива е целосно обврзувачка и директно применлива во сите земји-членки.

Брисел, 18 октомври 2015 година

За Советот
Претседател
Ж. АСЕЛБОРН

Анекс I

„АНЕКС I

Список на производи и технологија наведени во член 2а

Овој анекс се состои од следните предмети наведени во списокот на Групата на нуклеарни снабдувачи, како што е дефинирано во истиот:

Забелешка: Секој предмет чиишто специфични технички карактеристики или спецификации спаѓаат во рамките на категориите определени и во Анекс I и во Анекс III се смета дека спаѓа единствено во рамките на Анекс III

ГНС Дел I

АНЕКС А

КОНТРОЛЕН СПИСОК ОД УПАТСТВОТО

ОПШТИ ЗАБЕЛЕШКИ

1. Преносот на составните делови не треба да ја доведе во прашање целта на овие контроли. Секоја влада ќе преземе дејства за да се постигне оваа цел и ќе продолжи да бара практична дефиниција за составните делови која би можела да се употреби од сите снабдувачи.
2. Во однос на став 9(б)(2) од Упатството, *ист вид* треба да значи дека дизајнот, конструкцијата или оперативните процеси се засновани на исти или слични физички или хемиски процеси како оние кои се посочени во Контролниот список.
3. Снабдувачите ја признаваат тесната врска за одредени процеси за сепарација на изотопи помеѓу постројките, опремата и технологијата за збогатување на ураниум и таа за сепарација на изотопи на „други елементи“ за истражување, медицински и други ненуклеарни индустриски цели. Во тој поглед, снабдувачите треба внимателно да ги прегледаат нивните законски мерки, вклучително и одредбите за лиценцирање на извозот и класификацијата на информациите/технологијата и безбедносните практики, за активностите за сепарација на изотопите кои вклучуваат „други елементи“ за да обезбедат спроведување на соодветни заштитни мерки како што се гарантира. Снабдувачите препознаваат дека, во посебни случаи, соодветните заштитни мерки за активности за сепарација на изотопите кои вклучуваат „други елементи“ ќе бидат во основа исти како и оние за збогатување на ураниум. (Види Воведна забелешка во Оддел 5 од Контролниот список.) Во согласност со став 17(а) од Упатството, снабдувачите се консултираат со други снабдувачи како што е соодветно, со цел да се унапредат унифицирани политики и постапки во преносот и заштитата на постројките, опремата и технологијата кои вклучуваат сепарација на изотопи на „други елементи“. Снабдувачите треба исто така да бидат соодветно претпазливи во случаи кои вклучуваат примена на опрема и технологија, кои се изведени од процесите за збогатување на ураниум, за други ненуклеарни употреби како што е во хемиската индустрија.

ТЕХНОЛОШКИ КОНТРОЛИ

Преносот на „технологијата" којашто е директно поврзана со кој било предмет од списокот подлежи на висок степен на проверка и контрола, исто како и самиот предмет, до степен кој се дозволува со националното законодавство.

Контролите на преносот на „технологијата" не се применуваат врз информациите „во јавниот домен" или на „основното научно истражување".

Освен контролите на преносот на „технологијата" заради неширење на нуклеарно оружје, снабдувачите треба да промовираат заштита на оваа технологија за дизајнот, конструкцијата и функционирањето на капацитетите од контролниот список земајќи го предвид ризикот од терористички напади и треба на примателите да им се посочи потребата истото да се направи.

СОФТВЕРСКИ КОНТРОЛИ

Преносот на „софтверот" кој е директно поврзан со кој било предмет од списокот подлежи на висок степен на проверка и контроли, исто како и самиот предмет, до степен кој се дозволува со националното законодавство.

Контролите на преносот на „софтверот" не се применуваат врз информациите „во јавниот домен" или на „основното научно истражување".

ДЕФИНИЦИИ

„основно научно истражување" — Експериментална или теоретска работа која се презема првично за да се стекне ново знаење за основните начела на феноменот и воочените факти, кои не се првично насочени кон посебна практична цел.

„развој" се поврзува со сите фази пред „производството" и тоа:

— проектирање

— истражување за потребите на проектирањето

— проектна анализа

— проектни концепти

— составување и тестирање на прототипови

— планови за пилот-производство

— проектни податоци

— процес на трансформација на проектните податоци во производ

— проектирање на конфигурација

— проектирање на интеграција

— нацрти

„во јавниот домен" како што се применува овде, значи „технологија" или „софтвер" кој е ставен на располагање без ограничувања за неговото понатамошно ширење. (Ограничувањата во врска со авторските права не ја ставаат „технологијата" или „софтверот" надвор од јавниот домен.)

„микропрограми" — Серија од основни инструкции, кои се чуваат во посебен склад, чие извршување започнува со воведување на неговите референтни инструкции во регистарот на инструкции.

„други елементи“ — Сите елементи различни од хидроген, ураниум и плутониум.

„производство“ ги опфаќа сите производствени фази како што се:

— конструкција

— производствено инженерство

— производство

— интеграција

— составување (монтажа)

— проверка

— тестирање

— осигурување на квалитетот

„програма“ — Серија од инструкции за спроведување на процес кој има таков облик, или може да се претвори во таков облик, за компјутерот да може да го изврши.

„софтвер“ е збир од една или повеќе „програми“ или „микропрограми“ кои се фиксирани на кој било опиплив медиум за запишување.

„техничка помош“ може да биде во облик на: инструкција, вештини, обука, работно знаење, консултантски услуги.

<u>Забелешка:</u> „Техничка помош“ може да опфати пренос на „технички податоци“.

„технички податоци“ можат да бидат во облик на нацрти, планови, дијаграми, модели, формули, инженерски проекти и спецификации, прирачници и инструкции запишани или снимени на други медиуми или уреди како што е диск, лента, РОМ мемории.

„технологија“ се посебни информации кои се бараат за „развој“, „производство“ или „употреба“ на кој било предмет кој се содржи во списокот. Овие информации можат да бидат во облик на „технички податоци“ или „техничка помош“.

„употреба“ — Функционирање, инсталација (вклучително и инсталација на лице место), одржување (проверка), поправка, ремонт или обновување.

МАТЕРИЈАЛ И ОПРЕМА

1. Извор и посебен фисибилен материјал

Како што е дефинирано во член XX од Статутот на Меѓународната агенција за атомска енергија:

1.1. „Изворен материјал“

Изразот „изворен материјал“ е ураниум кој содржи мешавина од изотопи кои можат да се најдат во природата, ураниум осиромашен во изотопот 235; ториум, било што наведено во облик на метал, легура, хемиско соединение или концентрат, секој друг материјал кој содржи што било наведено во таква концентрација, како што Одборот на гувернери од време на време ќе утврди; и таков друг материјал како што Одборот на гувернери од време на време ќе утврди.

1.2. „Посебен фисибилен материјал“

i) Изразот „посебен фисибилен материјал“ е плутониум-239; ураниум-233; „ураниум збогатен во изотопите 235 или 233“; секој материјал кој содржи едно или повеќе од наведеното; и друг фисибилен материјал како што Одборот на гувернери од време на време ќе утврди; но изразот „посебен фисибилен материјал“ не опфаќа изворен материјал.

ii) Изразот „ураниум збогатен во изотопите 235 или 233“ е ураниум кој ги содржи изотопите 235 или 233 или и двата во износ во кој соодносот на износот на овие изотопи наспрема изотопот 238 е поголем од соодносот на изотопот 235 наспрема изотопот 238 кој се појавува во природата.

Сепак, за целите на Упатството, предметите определени во потставот (а) подолу и извозот на изворен или посебен фисибилен материјал во дадена земја-примач, во рок од 12 месеци, под ограничувањата определени во потставот (б) подолу, не се вклучени:

(а) Плутониум со изотопна концентрација на плутониум-238 која надминува 80 %.

Посебен фисибилен материјал кога се користи во грам количини или помалку како сензорска компонента во инструменти; и

Изворен материјал за кој владата е сигурна дека ќе се користи само во ненуклеарни активности, како што е производството на легури или керамика;

(б) Посебен фисибилен материјал	50 ефективни грамови;
Природен ураниум	500 килограми;
Осиромашен ураниум	1000 килограми; и
Ториум	1000 килограми.

2. Опрема и ненуклеарни материјали

Означувањето на предметите од опремата и ненуклеарните материјали, донесено од страна на владата е како што следи (количините под нивоата наведени во Анекс Б се сметаат за незначителни од практични причини):

2.1. Нуклеарни реактори и посебно проектирана или подготвена опрема и составни делови за нив (види Анекс Б, оддел 1.);

2.2. Ненуклеарни материјали за реактори (види Анекс Б, оддел 2.);

2.3. Постројки за повторна обработка на озрачени елементи на гориво и опрема посебно проектирана или подготвена за нив (види Анекс Б, оддел 3.);

2.4. Постројки за производство на елементи на гориво за нуклеарен реактор и опрема посебно проектирана или подготвена за нив (види Анекс Б, оддел 4.);

2.5. Постројки за сепарација на изотопи на природен ураниум, осиромашен ураниум или посебен фисибилен материјал или опрема, различна од аналитички инструменти, посебно проектирана или подготвена за нив (види Анекс Б, оддел 5.);

2.6. Постројки за производство или концентрација на тешка вода, деутериум и соединенија на деутериум и опрема посебно проектирана или подготвена за нив (види Анекс Б, оддел 6.);

2.7. Постројки за конверзија на ураниум и плутониум за употреба во производство на елементи на гориво и сепарација на изотопи на ураниум како што се дефинира во оддели 4 и 5 соодветно и опрема посебно проектирана или подготвена за нив (види Анекс Б, оддел 7.).

АНЕКС Б

ОБЈАСНУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ НА КОНТРОЛНИОТ СПИСОК

(како што е определено во Оддел 2 од МАТЕРИЈАЛ И ОПРЕМА од Анекс А)

1. Нуклеарни реактори и посебно проектирана или подготвена опрема и составни делови за нив

ВОВЕДНА ЗАБЕЛЕШКА

Различни видови на нуклеарни реактори можат да се карактеризираат според тоа кој модератор е употребен (пр. графит, тешка вода, лесна вода, ниту еден), спектарот од неутрони во него (пр. термички, брз), видот на употребениот разладувач (пр. вода, течен метал, топена сол, гас) или според нивната функција или вид (пр. реактори за производство на електрична енергија, реактори за истражување, реактори за тестирање). Целта е сите од овие видови на нуклеарни реактори да се во рамките на опсегот од овој внес и сите негови подвнесови, онаму каде е соодветно. Овој внес не ги контролира реакторите за фузија.

1.1. Комплетни нуклеарни реактори

Нуклеарните реактори кои се способни за функционирање за одржување на контролирана самоодржлива фузиска верижна реакција.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

„Нуклеарен реактор“ во основа вклучува предмети во или монтирани директно на реакторниот сад, опремата која го контролира нивото на струја во јадрото и составните делови кои обично содржат или доаѓаат директно во контакт со или го контролираат разладувачот на реакторното јадро.

ИЗВОЗИ

Извозот на целиот збир од главни предмети во рамките на овие граници ќе се случи само во согласност со постапките од Упатството. Тие поединечни предмети во рамките на оваа функционално дефинирана граница, коишто ќе се извезуваат само во согласност со постапките од Упатството се наведени во ставови 1.2. до 1.11. Владата го задржува правото да ги применува постапките од Упатството на други предмети во рамките на функционално дефинираната граница.

1.2. Садови со нуклеарен реактор

Метални садови или нивни делови произведени во работилница, посебно проектирани или подготвени да го содржат јадрото на нуклеарниот реактор како што е дефинирано во став 1.1. погоре, како и соодветни реакторни интервали како што е дефинирано во став 1.8. подолу.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Точка 1.2. опфаќа садови со нуклеарен реактор без разлика на степенот на притисокот и опфаќа реакторски садови под притисок и каландрии. Главата на реакторскиот сад е опфатена со точка 1.2. како главен дел од реакторскиот сад произведен во работилница.

1.3. **Уреди за промена на горивото во нуклеарните реактори**

Манипулативна опрема посебно проектирана или подготвена за ставање или отстранување на гориво во нуклеарен реактор како што е дефинирано во став 1.1. погоре.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Предметите наведени погоре овозможуваат полнење во текот на работењето или употреба на технички софистицирани карактеристики за позиционирање или центрирање за да овозможи комплекси операции за вадење на горивото како оние во кои непосредната визуелна контрола или пристап до горивото не се возможни.

1.4. **Контролни шипки и опрема за нуклеарен реактор**

Шипки, специјално направени или подготвени, структури за нивна потпора или задржување, погонски механизми со шипки или водилни цевки за шипки за контрола на процесот на фисија во нуклеарен реактор како што е дефинирано во став 1.1. погоре.

1.5. **Цевки под притисок за нуклеарен реактор**

Цевки кои се посебно проектирани или подготвени да содржат и горивни елементи и примарен разладувач во реактор како што е дефинирано во став 1.1. погоре.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Цевки под притисок се делови од канали за гориво проектирани да функционираат при зголемен притисок, понекогаш над 5 MPa.

1.6. **Кошулка за нуклеарно гориво**

Цевки од циркониум метал или легура на циркон (или склопови од цевки) посебно проектирани или подготвени за употреба како кошулка за гориво во реактор како што е дефинирано во став 1.1. погоре и во количини над 10 kg.

Забелешка: За цирконски цевки под притисок, види 1.5. За каландриски цевки, види 1.8.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Цевки од циркониум метал или цевки од легура на циркон за употреба во нуклеарен реактор се состојат од циркон во кој соодносот на хафниум наспрема циркониум обично е помала од 1:500 делови по тежина.

1.7. **Примарни разладувачки пумпи или циркулатори**

Пумпи или циркулатори посебно проектирани или подготвени за циркулирање на примарниот разладувач за нуклеарни реактори како што е дефинирано во став 1.1. погоре.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Посебно проектирани или подготвени пумпи или циркулатори опфаќаат пумпи за реактори со водно разладување, циркулатори за реактори со гасно разладување и електромагнетни и механички пумпи за реактори со разладување со течен метал. Оваа опрема може да опфати пумпи со разработени системи за херметичко затворање или повеќеструко херметичко затворање за да се спречи протекување на примарниот разладувач, оклопени пумпи и пумпи со инертна маса. Оваа дефиниција опфаќа пумпи во согласност со Оддел III, Пододдел I, Напомена НБ (составни делови од Класа 1) од Кодексот на Американското здружение на машински инженери (АСМЕ), или еквивалентни стандарди.

1.8. **Внатрешни делови на нуклеарен реактор**

„Внатрешни делови на нуклеарен реактор“ посебно проектирани или подготвени за употреба во нуклеарен реактор како што е дефинирано во став 1.1. погоре. Ова опфаќа, на пример, потпорни столбови за јадрото, канали за гориво, каландриски цевки, топлински штитови, прегради, решеткасти потпорни јадра и дифузерски плочи.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

„Внатрешни делови на нуклеарен реактор“ се главни структури во еден реакторен сад кои имаат една или повеќе функции како на пример потпора на јадрото, одржување на центрираност на горивото, насочување на протокот на примарното средство за разладување, обезбедување на заштита на реакторните садови од радиоактивно зрачење и управување со инструментите во јадрото.

1.9. Изменувачи на топлина

(а) Генератори на пареа посебно проектирани или подготвени за примарниот или средниот разладен круг во нуклеарен реактор како што е дефинирано во став 1.1. погоре.

(б) Други изменувачи на топлина посебно проектирани или подготвени за употреба во примарниот разладен круг во нуклеарен реактор како што е дефинирано во став 1.1. погоре.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Генераторите на пареа се посебно проектирани или подготвени за пренос на топлината генерирана во реакторот во напојната вода за генерирање на пареа. Кога се работи за брз реактор кој исто така содржи и среден разладен круг, генераторот на пареа се наоѓа во средниот круг.

Во реактор со гасно разладно средство, изменувачот на топлина може да се искористи за пренос на топлината во второто гасно разладно средство кое ја покренува гасната турбина.

Подрачјето на примена на овој внес не опфаќа изменувачи на топлина за системите за потпора на реакторот, пр. системот за итно разладување или системот за разладување на преостанатата топлина.

1.10. **Неутронски детектори**

Посебно проектирани или подготвени неутронски детектори за утврдување на нивоата на неутронски флукс во јадрото на реакторот, како што е дефинирано во став 1.1. погоре.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Подрачјето на примена на овој внес опфаќа детектори надвор и во јадрото кои ги мерат нивоата на неутронскиот тек во голем опсег, вообичаено од 10^4 неутрони на cm^2 на секунда до 10^{10} неутрони на cm^2 на секунда или повеќе. Надвор од јадрото се однесува на оние инструменти надвор од јадрото на реакторот како што е дефинирано во став 1.1. погоре, но кои се наоѓаат во биолошката заштита.

1.11. **Надворешни топлински штитови**

„Надворешните топлински штитови“ посебно проектирани или подготвени за употреба во нуклеарен реактор како што е дефинирано во став 1.1 за намалување на загубата на топлина и исто така за заштита на заштитните садови.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

„Надворешни топлински штитови“ се главни структури кои се ставаат врз реакторниот сад кои ја намалуваат загубата на топлина од реакторот и ја намалуваат температурата внатре во заштитниот сад.

2. Ненуклеарни материјали за реактори

2.1. Деутериум и тешка вода

Деутериум, тешка вода (деутериум оксид) и секое друго соединение на деутериум во кое соодносот на деутериум наспрема атоми на водород надминува 1:5 000 за употреба во нуклеарен реактор како што е дефинирано во став 1.1. погоре во количини кои надминуваат 200 kg на атоми на деутериум за која било земја примач во кој било период од 12 месеци.

2.2. Нуклеарно чист графит

Графит кој има степен на чистота поголем од 5 делови на милион бор-еквиваленти и со густина поголема од 1.50 g/cm за употреба во нуклеарен реактор како што е дефинирано во став 1.1 погоре, во количини кои надминуваат 1 килограм.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

За целите на извозна контрола, владата ќе одлучи дали извозот на графит кој ги исполнува горенаведените спецификации е за употреба во нуклеарен реактор или не.

Бор-еквивалент (BE) може да се утврди експериментално или се пресметува како сума од BEz за нечисти супстанции (освен $BE_{јаглерод}$, бидејќи јаглеродот не се смета за нечиста супстанција) вклучително бор, при што:

BEz (ppm) = CF × концентрација на елементот Z (in ppm);

CF е фактор на конверзија: (σz × AB) делено со (σB × Az);

σB и σz пресеци се за работа на термални неутрони (во амбери) за природен бор и

елементот Z соодветно и A_B и A_z се атомски маси на природен бор и елементот Z соодветно.

3. Постројки за повторна обработка на озрачени елементи на гориво и опрема посебно проектирана или подготвена за нив

ВОВЕДНА ЗАБЕЛЕШКА

Повторната обработка на озрачено нуклеарно гориво ги одделува плутониумот и ураниумот од високорадиоактивните фисиски производи и други трансураниски елементи. Различни технички процеси можат да ја постигнат оваа сепарација. Сепак, со текот на годините Пурекс стана најупотребуваниот и најприфатениот процес. Пурекс опфаќа разредување на нуклеарното гориво во азотна киселина, проследено со сепарација на ураниум, плутониум и фисиски производи со екстракција за разредувач со употреба на мешавина од трибутил фосфат во органски разредувач.

Капацитетите на Пурекс имаат процесни функции слични една на друга, вклучително: ситнење на озрачен горивен елемент, разредување на гориво, екстракција за разредувач и складирање на процесни течности. Исто така може да има опрема за топлинска денитрација на ураниум нитрат, конверзија на плутониум нитрат во оксид или метал и обработка на отпадна течност од фисиски производ во облик соодветен за долготрајно складирање или отстранување. Сепак, посебниот вид и конфигурација на опремата која ги изведува овие функции може да е различна помеѓу капацитетите на Пурекс од различни причини, вклучително и видот и количината на озраченото нуклеарно гориво кое треба повторно да се обработи и планираното отстранување на употребените материјали и филозофијата за безбедност и одржувањето вклучени во проектот на капацитетот.

„Постројка за повторна обработка на озрачени горивни елементи“ ги опфаќа опремата и составните делови кои обично доаѓаат во директен контакт и директно го контролираат озраченото гориво и главните текови за обработка на нуклеарниот материјал и фисиските производи.

Овие процеси, вклучително и комплетните системи за конверзија на плутониум и производство на плутониум метал, можат да се идентификуваат од страна на мерките кои се преземени за избегнување на критичност (пр. со геометрија), изложеност на радијација (пр. со ставање штитови) и опасности од токсичност (пр. со заштитување).

ИЗВОЗИ

Извозот на целиот збир од главни предмети во рамките на овие граници ќе се случи само во согласност со постапките од Упатството.

Владата го задржува правото да ги примени постапките за Упатството на други предмети во рамките на функционално дефинираната граница како што е наведено подолу.

Предмети од опрема кои се сметаат дека спаѓаат во рамките на значењето на фразата „и опрема посебно проектирана или подготвена“ за повторна обработка на озрачени горивни елементи опфаќаат:

3.1. **Машини за ситнење на озрачени горивни елементи**

Далечински управувана опрема посебно проектирана или подготвена за употреба во постројка за повторна обработка како што е дефинирано погоре и наменета за сечење, ситнење или сецкање на склопови со озрачено нуклеарно гориво, снопови или шипки.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Оваа опрема ја сече кошулката на горивото за да го изложи озрачениот нуклеарен материјал за разредување. За тоа се употребуваат посебно проектирани ножеви за сечење метал, иако може да се употреби и напредна опрема, како на пример ласери.

3.2. **Садови за разредување**

Резервоари заштитени од критичност (пр. со мал дијаметар, прстенасти или плочести резервоари) посебно проектирани или подготвени за употреба во постројка за повторна обработка како што е погоре наведено, наменети за разредување на озрачено нуклеарно гориво и кои можат да претрпат жешка. висококорозивна течност и кои можат да бидат далечински товарени и одржувани.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Во садовите за разредување вообичаено се внесува иситнето истрошено гориво. Во овие садови заштитени од критичност, озрачениот нуклеарен материјал се разредува во азотна киселина и остатокот од лушпите се отстрануваат од процесниот тек.

3.3. **Екстрактори со разредувач и опрема со екстрактори за разредувач**

Посебно проектирани или подготвени екстрактори со разредувач, како на пример полнети или пулсирачки колони, мешалки-таложници или центрифугални контактори за употреба во постројка за повторна обработка на озрачено гориво. Екстракторите со разредувач мораат да се отпорни на корозивниот ефект од азотната киселина. Екстракторите со разредувач обично се произведуваат со исклучително високи стандарди (вклучително и посебни техники за заварување и инспекција и обезбедување на квалитет и техники за контрола на квалитетот) од не’рѓосувачки челик со низок степен на јаглерод, титаниум, циркон или други висококвалитетни материјали.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Екстракторите со разредувач добиваат раствор од озраченото гориво од разредувачите и органски раствор кој врши сепарација на ураниумот, плутониумот и фисиските производи. Опремата за екстракција со разредувач обично е проектирана за да ги исполни строгите оперативни параметри, како на пример долготраен век без услови за одржување или прилагодливост за лесна замена, едноставност за ракување и контрола и флексибилност за варијации во процесните услови.

3.4. **Садови за држење или складирање на хемикалии**

Посебно проектирани или подготвени складови за држење или складирање за употреба во постројка за повторна обработка на озраченото гориво. Садовите за држење или складирање мораат да се отпорни на корозивниот ефект од азотната киселина. Садовите за држење или складирање обично се произведуваат од материјали, како на пример не’рѓосувачки челик со низок степен на јаглерод, титаниум или циркон или други висококвалитетни материјали. Садовите за држење или складирање можат да се проектираат за далечинско функционирање и одржување и можат да ги имаат следните карактеристики за контрола на нуклеарна критичност:

(1) ѕидови или внатрешни структури со бор-еквиваленти од најмалку два проценти, или

(2) максимален дијаметар од 175 mm (7 in) за цилиндрични садови, или

(3) максимална широчина од 75 mm (3 in) за плочести или прстенести садови.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Од фазата на екстракција со разредувач произлегуваат три главни млазови со процесна течност. Садовите за држење или складирање се употребуваат во понатамошното процесирање на сите три млаза, како што следува:

(а) Чистиот раствор на ураниум нитрат е концентриран со испарување и се пропушта до процесот на денитрација каде се конвертира во ураниум оксид. Овој оксид повторно се употребува во циклусот на нуклеарното гориво.

(б) Високорадиоактивниот раствор на фисиски производи обично е концентриран со испарување и се складира како течен концентрат. Овој концентрат може последователно да испарува и да се конвертира во облик соодветен за складирање или отстранување.

(в) Чистиот раствор на плутониум нитрат е концентриран и се складира до неговиот пренос кон понатамошните фази од процесот. Конкретно, садовите за држење или складирање на раствори од плутониум се проектирани за да се избегнат проблеми со критичност кои произлегуваат од промените во концентрацијата и обликот на овој млаз.

3.5. Системи за мерење на неутрони за контрола на процесот

Системите за мерење на неутрони посебно проектирани или подготвени за интеграција и употреба со автоматизирани системи за контрола на процесот во постројка за повторна обработка на озрачени горивни елементи.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Овие системи ја опфаќаат можноста за активно и пасивно мерење на неутрони и дискриминација со цел да се утврди количината и составот на фисискиот материјал. Целосниот систем е составен од генератор на неутрони, детектор на неутрони, засилувачи и електроника за обработка на сигнал.

Полето на примена на овој внес не опфаќа детекција на неутрони и мерни системи кои се проектирани за водење на евиденција на нуклеарниот материјал и заштита или која било друга примена кои не се поврзани со интеграцијата и употребата на автоматизирани системи за контрола на процесот во постројка за повторна обработка на озрачените горивни елементи.

4. Постројки за производство на горивни елементи за нуклеарен реактор и опрема посебно проектирана или подготвена за нив

ВОВЕДНА ЗАБЕЛЕШКА

Елементи од нуклеарно гориво се произведени од еден или повеќе од изворите или специјалните фисиски материјали наведени во МАТЕРИЈАЛ И ОПРЕМА од овој анекс. За оксидни горива, најчестиот вид на гориво, има опрема за пресување на пелети, синтирање, мелење и градирање. Мешани оксидни горива се третираат во комори со ракавици (или еквивалентна заштита) додека да се запечатат во кошулката. Во сите случаи, горивото херметички се запечатува во соодветна кошулка која е проектирана да биде примарна обвивка во која е затворено горивото за да обезбеди соодветна функционалност и безбедност во текот на работењето на реакторот. Исто така, во сите случаи, потребно е прецизна контрола на процесите, постапките и опремата со исклучително високи стандарди со цел да се обезбеди предвидлива и безбедна продуктивност на горивото.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Предмети од опрема кои се сметаат дека спаѓаат во рамките на значењето на фразата „и опрема посебно проектирана или подготвена“ за производство на горивни елементи опфаќаат опрема која:

(а) обично доаѓа во директен контакт со, или директно го обработува, или контролира, производствениот тек на нуклеарниот материјал;

(б) херметички го затвора нуклеарниот материјал во кошулката;

(в) го проверува интегритетот на кошулката или пломбата;

(г) го проверува завршниот третман на херметички затвореното гориво; или

(д) се употребува за склопување на елементите на реакторот за гориво.

Таквата опрема или системи од опрема можат да вклучат, на пример:

1) потполно автоматски станици за проверка на пелети посебно проектирани или подготвени за проверка на конечните димензии и дефекти на површината на горивните пелети;
2) автоматски машини за заварување посебно проектирани или подготвени за заварување на крајните капаци на горивните стапови (или шипки);
3) автоматски станици за тестирање и проверка посебно проектирани или подготвени за проверка на интегритетот на завршените горивни стапови (или шипки);
4) системи посебно проектирани или подготвени за производство на кошулки за нуклеарно гориво.

Точка 3 обично опфаќа опрема за: а) рентгенска проверка на заварувањето на крајните капаци на стап (или шипка), б)детекција на истекување на хелиум од стапови под притисок (или шипки) и в) скенирање со гама-зраци на стапови (или шипки) за проверка на исправно наполнетите горивни пелети.

5. **Постројки за сепарација на изотопи на природен ураниум, осиромашен ураниум или посебен фисибилен материјал или опрема, различна од аналитички инструменти, посебно проектирана или подготвена за нив**

ВОВЕДНА ЗАБЕЛЕШКА

Постројките, опремата и технологијата за сепарација на изотопи на ураниум во многу случаи имаат тесна врска со постројките, опремата и технологијата за сепарација на изотопи на „други елементи“. Во посебни случаи, контролите од Оддел 5 исто така се применуваат на постројки и опрема кои се наменети за сепарација на изотопи на „други елементи“. Овие контроли на постројки и опрема за сепарација на изотопи на „други елементи“ се комплементарни на контролите на постројки и опрема посебно проектирани или подготвени за обработка, употреба или производство на посебен фисиски материјал опфатен со

Контролниот список. Овие комплементарни контроли од Оддел 5 за употреби кои вклучуваат „други елементи“ не се применуваат на електромагнетен процес на сепарација на изотопи за којшто станува збор во Дел 2 од Упатството.

Процесите за кои контролите во Оддел 5 се применуваат еднакво без разлика дали целната примена е сепарација на изотопи на ураниум или сепарација на изотопи на „други елементи“ се: гасна центрифуга, гасна дифузија, процес на сепарација на плазма и аеродинамички процеси.

За некои процеси, врската со сепарација на изотопи на ураниум зависи од елементот на кој се врши сепарација. Овие процеси се: ласерски процеси (пр. молекуларна ласерска сепарација на изотопи и ласерска сепарација на изотопи со атомско испарување), хемиска размена и јонска размена. Доставувачите мораат затоа да извршат евалуација на овие процеси за секој случај посебно за примена на контролите од Оддел 5 за употреби кои опфаќаат „други елементи“ соодветно.

Предмети од опрема кои се сметаат дека спаѓаат во рамките на значењето на фразата „опрема, различна од аналитички инструменти, посебно проектирана или подготвена“ за сепарација на изотопи на ураниум опфаќаат:

5.1. **Гасни центрифуги и склопови и составни делови посебно проектирани или подготвени за употреба во гасни центрифуги**

ВОВЕДНА ЗАБЕЛЕШКА

Гасната центрифуга вообичаено се состои од цилиндар (цилиндри) со тенки ѕидови со дијаметар помеѓу 75 mm и 650 mm во вакуумска средина и се врти со голема периферна брзина од отприлика 300 m/s или повеќе, при што има вертикална средишна оска. Со цел да се постигне висока брзина, материјалите од кои се направени ротирачките составни делови мораат да бидат со висок соодносна цврстината наспрема густината и роторскиот склоп и затоа нејзините поединечни составни делови мораат да се произведени со многу блиски толеранции со цел да се минимизира неурамнотеженоста. За разлика од други центрифуги, за гасната центрифуга за збогатување на ураниум е карактеристично тоа што во комората на роторот има ротирачка (ротирачки) преграда (прегради) во облик на диск и склоп од стационарни цевки за довод и екстракција на UF_6 гас кој се состои од најмалку три одвоени канали, од кои два се споени на лопатки кои се протегаат од оската на роторот кон периферијата на комората на роторот. Во вакуумската средина исто така има и голем број на критички предмети кои не ротираат и кои, иако се посебно проектирани, не се комплицирани за производство, ниту пак се произведени од уникатни материјали. Меѓутоа, еден центрифугален капацитет бара голем број на овие составни делови, така што количините можат да обезбедат важна напомена за крајната употреба.

5.1.1. **Ротирачки составни делови**

(а) Целосни роторски склопови:

Цилиндри со тенки ѕидови или голем број на меѓуповрзани цилиндри со тенки ѕидови, произведени од еден или повеќе материјали со висок соодност на сила наспрема густина опишани во ОБЈАСНУВАЧКАТА ЗАБЕЛЕШКА кон овој оддел. Ако се меѓуповрзани, цилиндрите се поврзуваат со флексибилни дувала или прстени како што е опишано во оддел 5.1.1. (в). Доколку е во конечен облик, роторот се прикачува со внатрешна (внатрешни) скретна (скретни) преграда (прегради) и крајни капаци, како што е опишано во оддел 5.1.1. (г) и (д). Меѓутоа, целосниот склоп може да се достави и само делумно склопен.

(б) Роторски цевки:

Посебно проектирани или подготвени цилиндри со тенки ѕидови со дебелина од 12 mm или помала, дијаметар помеѓу 75 mm и 650 mm и произведени од еден или повеќе материјали со висок сооднос на сила наспрема густина опишани во ОБЈАСНУВАЧКАТА ЗАБЕЛЕШКА кон овој оддел.

(в) Прстени или дувала:

Составни делови посебно проектирани или подготвени да дадат локализирана потпора на роторската цевка или да ги спојат голем број на роторски цевки. Дувало е краток цилиндар со дебелина на ѕидот од 3 mm или помала, дијаметар помеѓу 75 mm и 650 mm, кој има набори и е произведен од еден од материјалите со висок сооднос на сила наспрема густина опишани во ОБЈАСНУВАЧКАТА ЗАБЕЛЕШКА кон овој оддел.

(г) Прегради:

Составни делови во облик на дискови со дијаметар помеѓу 75 mm и 650 mm, посебно проектирани или подготвени за инсталирање внатре во центрифугалната роторска цевка, со цел да се изолира комората за поаѓање од главната комора за сепарација и, во некои случаи, да ја потпомогне гасната циркулација UF6 во рамките на главната комора за сепарација на роторската цевка и произведени од еден од материјалите со висок сооднос на цврстина наспрема густина опишани во ОБЈАСНУВАЧКАТА ЗАБЕЛЕШКА од овој оддел.

(д) Горни капаци/Долни капаци:

Составни делови во облик на дискови со дијаметар помеѓу 75 mm и 650 mm, посебно проектирани или подготвени за да одговараат на краевите на роторската цевка и така го задржуваат UF6 во роторската цевка, а во некои случаи како составен дел на потпората, задржуваат или содржат елемент од горниот лежај (горен капак) или ги носат ротирачките елементи од моторот и долниот лежај (долен капак) и се произведени од еден од материјалите со висок сооднос на цврстина наспрема густина опишани во ОБЈАСНУВАЧКАТА ЗАБЕЛЕШКА кон овој оддел.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Материјалите кои се употребуваат за центрифугалните ротирачки составни делови опфаќаат:

(а) Легиран челик кој има максимална затегнувачка цврстина од 1.95 GPa или повеќе;

(б) Алуминиумски легури кои имаат максимална затегнувачка цврстина од 0.46 GPa или повеќе;

(в) Филаментни материјали погодни за употреба во композитни структури и кои имаат специфични модули од 3.18 × 106 m или поголеми и специфична затегнувачка цврстина од 7.62 × 104 m или поголема („Специфичен модул“ е Јунговиот модул во N/m2 поделен со специфична тежина во N/m3; „Специфична максимална затегнувачка цврстина е максималната затегнувачка цврстина во N/m2 поделена со специфична тежина во N/m3).

5.1.2. Статички составни делови

(а) Магнетни лежишта за суспензија:

1. Посебно проектирани или подготвени лежишни склопови кои се состојат од прстенест магнет закачен внатре во куќиштето и содржи средство за пригушување. Куќиштето се изработува од материјал отпорен на UF6 (види ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА кон Оддел 5.2.). Магнетот се спојува со полен продолжеток или втор магнет кој се монтира на горниот капак опишан во Оддел 5.1.1.(д). Магнетот може да биде во облик на прстен со соодност помеѓу надворешниот и внатрешниот дијаметар помал или еднаков на 1.6:1. Магнетот може да има облик кој има почетна порозност од 0.15 H/m или повеќе, или реманенција од 98,5 % или повеќе, или енергетски производ со повеќе од 80 kJ/m3. Освен вообичеаните материјални особини, предуслов е отстапувањето на магнетните оски од геометриските оски да е ограничено на многу мали толеранции (помали од 0.1 mm) или посебно да се бара хомогеност на материјалот на магнетот.

2. Активни магнетни лежишта посебно проектирани или подготвени за употреба кај гасни центрифуги.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Овие лежишта обично ги имаат следните карактеристики:

— Проектирани се за да го држат центриран моторот кој се врти со 600 Hz или повеќе, и

— Се поврзани со стабилен извор на електрична енергија и/или со единица за непрекинат извор на напојување (УПС) со цел да работи повеќе од еден час.

(б) Лежишта/Пригушувачи:

Посебно проектирани или подготвени лежишта кои содржат склоп од зглоб/чашка (pivot/cup) монтиран на пригушувачот. Зглобот обично е вратило од кален челик со полутопка на едниот крај, а на другиот крај со прицврстување за долниот капак опишан во оддел 5.1.1. (д). Освен тоа, вратилото може да има прикачен хидродинамичен лагер. Чашата има облик на пелета со полутопчесто вдлабнување на едната површина. Тие составни делови често се доставуваат одвоено од пригушувачот.

(в) Молекуларни пумпи:

Посебно проектирани или подготвени цилиндри кои имаат внатрешни машински обработени или издупчени прстенести слотови и внатрешни машински обработени дупки. Вообичаените димензии се како што следува:

75 mm до 650 mm внатрешен дијаметар, 10 mm или повеќе дебелина на ѕидот, со должина еднаква или поголема од онаа на дијаметарот. Слотовите вообичаено се со правоаголен пресек и со длабочина од 2 mm или повеќе.

(г) Моторни статори:

Посебно проектирани или подготвени прстенести статори за повеќефазни изменични хистерезни (или релуктанциски) мотори со голема брзина за синхронизирана работа во вакуум на фреквенција од 600 Hz или повеќе и моќност од 40 VA или повеќе. Статорите можат да содржат повеќефазни намоти на ламинирано железно јадро со мал губиток составено од тенки слоеви со вообичаена дебелина од 2.0 mm или помалку.

(д) Куќиште на центрифуга/прифатни садови:

Составни делови посебно проектирани или подготвени да го содржат склопот од роторската цевка на гасната центрифуга. Куќиштето се состои од крут цилиндар со дебелина на ѕидот до 30 mm со прецизно машински изработени краеви за сместување на лежиштата и со еден или повеќе прирабници за вградување. Машински изработените краеви се паралелни еден со друг и се нормални на надолжната оска на цилиндарот во рамките на 0.05 степени или помалку. Куќиштето може исто така да е структура во вид на саќе за да смести повеќе роторски склопови.

(ѓ) Лопатки:

Посебно проектирани или подготвени цевки за екстракција на UF6 гас од роторската цевка по принципот на Питот цевка (односно, со отворот насочен кон периферниот тек на гасот во роторската цевка, на пример со свиткување на крајот на радијално поставената цевка), а кои можат да се прицврстат на централниот систем за екстракција на гас.

5.2. **Посебно проектирани или подготвени помошни системи, опрема и составни делови за постројки за збогатување во гасни центрифуги**

ВОВЕДНА ЗАБЕЛЕШКА

Помошните системи, опремата и составните делови за постројките за збогатување во гасни центрифуги се системите од постројки кои треба да вршат доток на UF_6 во центрифугите, да ги поврзат поединечните центрифуги една со друга за да формираат каскади (или нивоа) за да овозможат прогресивно повисоки збогатувања и за екстракција на „производот“ или „остатокот“ од UF_6 од центрифугите, заедно со опремата која е потребна за движење на центрифугите или за контрола на постројката.

Обично, UF_6 се испарува од тврдата агрегатна состојба со употреба на загреани автоклави и во гасна состојба се носи до центрифугите по пат на каскадни цевководни колектори. „Производот“ и „остатокот“ од UF_6 гасните текови кои течат од центрифугите исто така се пренесува по пат на каскадни цевководни колектори до ладни стапици (кои работат на околу 203 K (- 70 °C) каде кондензираат пред повторен пренос во соодветни контејнери за транспорт или складирање. Бидејќи постројката за збогатување се состои од многу илјади центрифуги кои се распоредени во каскади, има многу километри на каскадни цевководни колектори со илјадници споеви и повеќекратна повторлива структура. Опремата, составните делови и цевководните системи се произведени со многу високи вакуумски и хигиенски стандарди.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Некои од предметите кои се наведени подолу или доаѓаат во директен контакт со UF_6 процесниот гас или директно ги контролираат центрифугите и протокот на гас од една во друга центрифуга и од една во друга каскада. Материјали кои се отпорни на корозија од UF_6 вклучуваат бакар, бакарни легури, не’рѓосувачки челик, алуминиум, алуминиум оксид, алуминиумски легури, никел или легури кои содржат 60 % или повеќе никел и флуорирани полимери на јаглеводород.

5.2.1. Системи за напојување/системи за издвојување на производ и остаток

Посебно проектирани или подготвени процесни системи или опрема за постројки за збогатување изработени или заштитени со материјали кои се отпорни на корозија од UF_6, а кои вклучуваат:

(а) Автоклави за напојување, печки или системи кои се употребуваат за довод на UF6 до процесот на збогатување;

(б) Десублиматори, ладни стапици или пумпи кои се употребуваат за отстранување на UF6 од процесот на збогатување за последователен пренос по загревање;

(в) Станици за стврднување или претворање во течна состојба кои се употребуваат за отстранување на UF6 од процесот на збогатување со компресија и конвертирање на UF6 во течна или тврда агрегатна состојба;

(г) Станици за „производ“ или „остаток“ кои се употребуваат за пренос на UF6 во контејнери.

5.2.2. Машински системи на цевководните колектори

Посебно проектирани или подготвени цевководни системи и системи на цевководни колектори за ракување со UF_6 во рамките на центрифугалните каскади. Цевководната мрежа обично е „трикратен“ систем од цевководни колектори каде секоја центрифуга е поврзана со секој од цевководните колектори. Затоа има значително повторување во неговиот облик. Тој е целосно изработен или заштитен со материјали отпорни на UF_6 (види ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА кон овој оддел) и е произведен по многу високи вакуумски и хигиенски стандарди.

5.2.3 Специјални вентили за исклучување и контрола

(а) Вентилите за исклучување посебно проектирани или подготвени да дејствуваат при доводот, произвдот или остатокот од UF6 гасните токови на поединечна гасна центрифуга.

(б) Вентили со дувала, рачни или автоматски, за исклучување или контрола, изработени од или заштитени со материјали отпорни на корозија од UF6, со внатрешен дијаметар од 10 до 160 mm, посебно проектирани или подготвени за употреба во главните или помошните системи на постројките за збогатување во гасните центрифуги.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Обично посебно проектираните или подготвените вентили вклучуваат вентили со дувала, вентили за брзо дејствување, вентили кои дејствуваат брзо и други.

5.2.4. Масовни спектрометри за UF_6/јонски извори

Посебно проектирани или подготвени масовни спектрометри кои можат директно да земаат примероци од UF_6 гасните текови и кои имаат сè од наведеното:

1. Можат да мерат јони од 320 атомски единици на маса или повеќе и кои имаат резолуција поголема од 1 дел во 320;
2. Јонски извори кои се изградени или заштитени со никел, легури на никел-бакар со содржина на никел од 60 % или повеќе по тежина, или легури на никел-хром.

3. Извори на јонизација со бомбардирање на електрони;
4. Кои имаат колекторски систем погоден за изотопска анализа.

5.2.5. **Претворачи на фреквенција**

Претворачите на фреквенција (исто така познати како конвертори или инвертори) посебно проектирани или подготвени за достава на моторни статори како што е дефинирано во 5.1.2.(г), или делови, составни делови и потсклопови на тие претворачи на фреквенција кои ги имаат сите од следните карактеристики:

1. Повеќефазна излезна фреквенција од 600 Hz или поголема; и
2. Висока стабилност (со контрола на фреквенцијата поголема од 0.2 %).

5.3. **Посебно проектирани или подготвени склопови и составни делови за употреба во процесот за збогатување на гасна дифузија**

ВОВЕДНА ЗАБЕЛЕШКА

Во методот на гасна дифузија за сепарација на изотопи на ураниум, главниот технолошки склоп е специјална порозна гасна дифузиска бариера, претворач на топлина за разладување на гасот (кој се загрева со процесот на компресија), вентили за запечатување и контролни вентили и цевководи. Бидејќи технологијата за гасна дифузија употребува ураниум хексафлуорид (UF_6), целата површина на опремата, цевководот и инструментите (кои доаѓаат во контакт со гасот) мораат да бидат изработени од материјали кои ќе останат стабилни при контакт со UF_6. Капацитетот за гасна дифузија бара голем број на вакви составни делови, така што количините можат да обезбедат важна напомена за крајната употреба.

5.3.1. **Бариери за гасна дифузија и материјали за бариерите**

(а) Посебно проектирани или подготвени тенки, порозни филтри, со големина на порите од 10 - 100 mm, дебелина од 5 mm или помала и за цевковидни облици, дијаметар од 25 mm или помалку, изработени од метални, полимерни или керамички материјали отпорни на корозија од UF6 (види ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА кон Оддел 5.4.) и

(б) посебно подготвени соединенија или прашоци за производство на тие филтри. Таквите соединенија и прашоци вклучуваат никел или легури кои содржат 60 % или повеќе никел, алуминиум оксид или целосно флуоринирани јаглеводородни полимери отпорни на UF6 кои имаат чистота од 99.9 % по тежина или повеќе, големина на честичките помала од 10 μm и висок степен на едноликост на големината на честичките, кои се посебно подготвени за производство на гасни дифузиски бариери.

5.3.2. **Куќишта за дифузери**

Посебно проектирани или подготвени херметички затворени садови за чување на гасната дифузиска бариера, изработени или заштитени со материјали отпорни на UF_6 (види ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА кон Оддел 5.4).

5.3.3. **Компресори и гасни компресори**

Посебно проектирани или подготвени компресори или гасни компресори со капацитет на вшмукување на UF_6 од 1 m^3 по минута или повеќе и со издувен притисок до 500 kPa, проектирани за долготрајно функционирање во средина на UF_6, како и посебни склопови на таквите компресори и гасни компресори. Овие компресори и гасни компресори имаат размер на притисок од 10:1 или помал и се изработени или заштитени со материјали отпорни на UF_6 (види ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА кон Оддел 5.4).

5.3.4. **Радијални осовински заптивки**

Посебно проектирани или подготвени вакуумски заптивки со приклучоци за напојување и издувување, за запечатување на вратилото кое го спојува компресорот или роторот на гасниот компресор со погонскиот ротор за да се осигура сигурно запечатување за спречување на протекување на воздух во внатрешната комора на компресорот или гасниот компресор кој се полни со UF_6. Таквите заптивки обично се проектирани за спречување на гасот да продре во внатрешноста во количина помала од 1000 cm^3 по минута.

5.3.5. **Изменувачи на топлина за ладење на UF_6**

Посебно проектирани или подготвени изменувачи на топлина изработени или заштитени со материјали отпорни на UF_6 (види ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА кон Оддел 5.4) и наменети за стапката на промена на притисокот при пропуштање која е помала од 10 Pa на час, под различни притисоци од 100 kPa.

5.4. **Посебно проектирани или подготвени помошни системи, опрема и составни делови за употреба во процесот на збогатување на гасна дифузија**

ВОВЕДНА ЗАБЕЛЕШКА

Помошните системи, опремата и составните делови за постројките за збогатување во гасни центрифуги се системите од постројки кои треба да вршат доток на UF_6 во склопот за гасна дифузија, да ги поврзат поединечните склопови една со друга за да формираат каскади (или нивоа) за да овозможат прогресивно повисоки збогатувања и за екстракција на „производот“ или „остатокот“ од UF_6 од каскадите за дифузија. Поради високите инерциски својства на каскадите за дифузија, секој прекин во нивното функционирање, а особено нивно исклучување, води кон сериозни последици. Затоа, строго и постојано одржување на вакуумот во сите технолошки системи, автоматска заштита од несреќи и прецизно автоматско регулирање на дотокот на гас е од голема важност во една постројка за гасна дифузија. Сето ова води кон потребата да се опреми постројката со голем број на специјални системи за мерење, регулирање и контрола.

Обично, UF_6 се испарува од цилиндрите кои се монтирани внатре во автоклавите и во гасна состојба се носи до влезната точка по пат на каскадни цевководни колектори. „Производот“ и „остатокот“ од UF_6 гасните текови кои течат од излезните точки се пренесува по пат на каскадни цевководни колектори или до ладни стапици или до станици за компресија каде UF_6 гасот се претвора во течна агрегатна состојба пред преносот во соодветни контејнери за транспорт или складирање. Бидејќи постројката за збогатување на гасната дифузија се состои од голем број на склопови кои се распоредени во каскади, има многу километри на каскадни цевководни колектори со илјадници споеви и повеќекратна повторлива структура. Опремата, составните делови и цевководните системи се произведени со многу високи вакуумски и хигиенски стандарди.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Предметите наведени подолу или доаѓаат во директен контакт со процесниот гас UF_6 или директно го контролираат протокот внатре во каскадата. Материјали кои се отпорни на корозија од UF_6 вклучуваат бакар, бакарни легури, не'рѓосувачки челик, алуминиум, алуминиум оксид, алуминиумски легури, никел или легури кои содржат 60 % или повеќе никел и флуорирани полимери на јаглеводород.

5.4.1. **Системи за напојување/системи за издвојување на производ и остаток**

Посебно проектирани или подготвени процесни системи или опрема за постројки за збогатување изработени или заштитени со материјали кои се отпорни на корозија од UF_6, а кои вклучуваат:

(а) Автоклави за напојување, печки или системи кои се употребуваат за довод на UF6 до процесот на збогатување;

(б) Десублиматори, ладни стапици или пумпи кои се употребуваат за отстранување на UF6 од процесот на збогатување за последователен пренос по загревање;

(в) Станици за стврднување или претворање во течна состојба кои се употребуваат за отстранување на UF6 од процесот на збогатување со компресија и конвертирање на UF6 во течна или тврда агрегатна состојба;

(г) Станици за „производ“ или „остаток“ кои се употребуваат за пренос на UF6 во контејнери.

5.4.2. **Системи на цевководните колектори**

Посебно проектирани или подготвени цевководни системи и системи на цевководни колектори за ракување со UF_6 во рамките на каскадите за гасна дифузија.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Оваа цевководна мрежа обично е „двократен“ систем од цевководни колектори каде секоја ќелија е поврзана со секој од цевководните колектори.

5.4.3. **Вакуумски системи**

(а) Посебно проектирани или подготвени вакуумски разводници, вакуумски цевководни колектори и вакуумски пумпи кои имаат капацитет на вшмукување од 5 m3 по минута или повеќе.

(б) Вакуумски пумпи посебно проектирани за работа во атмосфери кои содржат UF6, изработени од или заштитени со материјали отпорни на корозија од UF6 (види ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА кон овој оддел). Овие пумпи можат или да се ротациски или волуметрички, можат да имаат волуметрички и јаглеводородни заптивки и можат да имаат посебни работни флуиди.

5.4.4. **Специјални вентили за исклучување и контрола**

Посебно проектирани или подготвени вентили со дувала, рачни или автоматски, за исклучување или контрола, изработени или заштитени со материјали отпорни на корозија од UF_6, за инсталација во главните или помошните системи на постројките за збогатување на гасна дифузија.

5.4.5. **Масовни спектрометри за UF_6/јонски извори**

Посебно проектирани или подготвени масовни спектрометри кои можат директно да земаат примероци од UF_6 гасните текови и кои имаат сè од наведеното:

1. Можат да мерат јони од 320 атомски единици на маса или повеќе и кои имаат резолуција поголема од 1 дел во 320;
2. Јонски извори кои се изградени или заштитени со никел, легури на никел-бакар со содржина на никел од 60 % или повеќе по тежина, или никел-хром.
3. Извори на јонизација со бомбардирање на електрони;
4. Кои имаат колекторски систем погоден за изотопска анализа.

5.5. Посебно проектирани или подготвени системи, опрема и составни делови за употреба во аеродинамични постројки за збогатување

ВОВЕДНА ЗАБЕЛЕШКА

Во аеродинамичните процеси на збогатување, мешавина од гасен UF_6 и лесен гас (хидроген или хелиум) се компресира и потоа се пушта низ елементи за сепарација каде сепарацијата на изотопи се постигнува со генерирање на високи центрифугални сили кои се јавуваат заради геометријата на криви ѕидови. Два процеси од овој вид успешно се развиени: процесот со сепарациски млазници и процесот со вителни цевки. И за двата процеси главните компоненти на фазата на сепарација опфаќаат цилиндрични садови во кои има посебни елементи за сепарација (млазници или вителни цевки), гасни компресори и изменувачи на топлина за отстранување на топлината од компресијата. Една аеродинамична постројка бара голем број на вакви фази така што количините можат да обезбедат важна напомена за крајната употреба. Бидејќи аеродинамичните процеси употребуваат UF_6, целата површина на опремата, цевководот и инструментите (кои доаѓаат во контакт со гасот) мораат да бидат изработени од материјали кои ќе останат стабилни при контакт со UF_6.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Предметите наведени во овој оддел или доаѓаат во директен контакт со процесниот гас UF_6 или директно го контролираат протокот внатре во каскадата. Сите површини кои доаѓаат во контакт со процесниот гас се целосно изработени или заштитени со материјали отпорни на UF_6. За целите на одделот кои се однесуваат на точките за аеродинамично збогатување, материјалите кои се отпорни на корозија од UF_6 вклучуваат бакар, бакарни легури, не'рѓосувачки челик, алуминиум, алуминиум оксид, алуминиумски легури, никел или легури кои содржат 60 % или повеќе никел по тежина и флуорирани полимери на јаглеводород.

5.5.1. Сепарациски млазници

Посебно проектирани или подготвени сепарациски млазници и склопови. Сепарациските млазници се состојат од закривени канали во форма на процеп чиј радиус на закривување е помал од 1 mm, отпорни се на корозија од UF_6 и имаат сечило во млазницата кое го одделува гасот кој протекува низ млазницата на две фракции.

5.5.2. Вителни цевки

Посебно проектирани или подготвени вителни цевки и нивни склопови. Вителните цевки се цилиндрични или конусни, изработени или заштитени со материјали отпорни на корозија од UF_6 и со еден или повеќе тангенцијални влезови. Цевките на едниот или на двата краеви можат да се опремат со додатоци од видот на млазници.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Напојниот гас влегува во вителната цевка тангенцијално од еден крај или преку вртложните лопатки или на повеќе тангенцијални позиции долж периферијата на цевката.

5.5.3. **Компресори и гасни компресори**

Посебно проектирани или подготвени компресори или гасни компресори изработени или заштитени со материјали отпорни на корозија од UF_6/смеса од носечки гас (водород или хелиум).

5.5.4. **Радијални осовински заптивки**

Посебно проектирани или подготвени радијални осовински заптивки со приклучоци за напојување и издувување, за запечатување на вратилото кое го спојува роторот на компресорот или роторот на гасниот компресор со погонскиот ротор за да се осигура сигурно запечатување за спречување на истекување на процесен гас или протекување на воздух или заптивен гас во внатрешната комора на компресорот или гасниот компресор кој се полни со UF_6/смеса од носечки гас.

5.5.5. **Изменувачи на топлина за гасно ладење**

Посебно проектирани или подготвени изменувачи на топлина изработени или заштитени со материјали кои се отпорни на корозија од UF_6.

5.5.6. **Куќишта за сепарација на елементи**

Посебно проектирани или подготвени куќишта за сепарација на елементи, изработени или заштитени со материјали отпорни на корозија од UF_6, за да смести вителни цевки или сепарациски млазници.

5.5.7. **Системи за напојување/системи за издвојување на производ и остаток**

Посебно проектирани или подготвени процесни системи или опрема за постројки за збогатување изработени или заштитени со материјали кои се отпорни на корозија од UF_6, а кои вклучуваат:

(а) Автоклави за напојување, печки или системи кои се употребуваат за довод на UF6 до процесот на збогатување;

(б) Десублиматори (или ладни стапици) кои се употребуваат за отстранување на UF6 од процесот на збогатување за последователен пренос по загревање;

(в) Станици за стврднување или претворање во течна состојба кои се употребуваат за отстранување на UF6 од процесот на збогатување со компресија и конвертирање на UF6 во течна или тврда агрегатна состојба;

(г) Станици за „производ“ или „остаток“ кои се употребуваат за пренос на UF6 во контејнери.

5.5.8. **Системи на цевководните колектори**

Посебно проектирани или подготвени системи на цевководните колектори, изработени или заштитени со материјали отпорни на корозија од UF_6, за ракување со UF_6 во аеродинамичните каскади. Оваа цевководна мрежа обично е „двократен“ проект од цевководни колектори каде секоја фаза или група на фази е поврзана со секој од цевководните колектори.

5.5.9. **Вакуумски системи и пумпи**

(а) Посебно проектирани или подготвени вакуумски системи кои се состојат од вакуумски разводни цевки, вакуумски цевководни колектори и вакуумски пумпи и проектирани за работа во атмосфери кои содржат UF6,

(б) Вакуумски пумпи посебно проектирани или подготвени за работа во атмосфери кои содржат UF6 и изработени или заштитени со материјали отпорни на корозија од UF6. Овие пумпи можат да употребуваат јаглеводород и посебни работни флуиди.

5.5.10. **Специјални вентили за исклучување и контрола**

Посебно проектирани или подготвени вентили со дувала, рачни или автоматски, за исклучување или контрола, изработени или заштитени со материјали отпорни на корозија од UF_6, со дијаметар од 40 mm или поголем, за инсталација во главните или помошните системи на постројките за аеродинамично збогатување.

5.5.11. **Масовни спектрометри за UF_6/јонски извори**

Посебно проектирани или подготвени масовни спектрометри кои можат директно да земаат примероци од UF_6 гасните текови и кои имаат сè од наведеното:

1. Можат да мерат јони од 320 атомски единици на маса или повеќе и кои имаат резолуција поголема од 1 дел во 320;
2. Јонски извори кои се изградени или заштитени со никел, легури на никел-бакар со содржина на никел од 60 % или повеќе по тежина, или легура на никел-хром.
3. Извори на јонизација со бомбардирање на електрони;
4. Кои имаат колекторски систем погоден за изотопска анализа.

5.5.12. **Системи за сепарација на UF_6/носители на гас**

Посебно проектирани или подготвени процесни системи за сепарација на UF_6 од носечки гас (водород или хелиум).

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Овие системи се проектирани за намалување на содржината на UF_6 во носечкиот гас на 1 ppm или помалку и можат да вклучат опрема како наведеното:

(а) Криогенски изменувачи на топлина и криосепаратори за температури од 153 K (- 120 °C) или помалку, или

(б) Криогенски единици за ладење за температури од 153 K (- 120 °C) или помалку, или

(в) Сепарациски млазници или единици за вителни цевки за сепарација на UF6 од носечкиот гас, или

(г) UF6 ладни стапици за замрзнување на UF6.

5.6. **Посебно проектирани или подготвени системи, опрема и составни делови за употреба во постројки за збогатување на хемиска размена или јонска размена**

ВОВЕДНА ЗАБЕЛЕШКА

Малата разлика во масата помеѓу изотопите на ураниум предизвикува мали промени во рамнотежата на хемиската реакција која може да се употреби како основа за сепарација на изотопите. Два процеси успешно се развиени: хемиска размена течна агрегатна состојба-течна агрегатна состојба и јонска размена тврда агрегатна состојба-течна агрегатна состојба.

Во процесот на хемиска размена течна агрегатна состојба-течна агрегатна состојба, течните фази кои не се мешаат (водена и органска) се водат противструјно, при што настанува каскаден ефект на илјадници сепарациски фази. Водената фаза се состои од ураниум хлорид во раствор од хидрохлорна киселина; органската фаза се состои од екстрактант кој содржи ураниум хлорид во органски раствор. Контакторите кои се употребуваат во сепарациската каскада можат да се колони за размена на течност-течност (како на пример пулсирачки колони со ситести плочи) или течни центрифугални контактори. Хемиски конверзии (оксидација и редукција) се потребни на двата краја од сепарациската каскада со цел да се обезбеди повратен тек на секој крај. При проектирањето важно е да се избегне контаминација на процесните текови со одредени метални јони. За таа цел се употребуваат колони и цевки што се пластични, обложени со пластика (вклучително и употреба на полимери на флуоројаглерод) и/или обложени со стакло.

Во процесот на јонска размена тврда агрегатна состојба-течност, збогатувањето се постигнува со апсорпција/десорпција на ураниум на специјална, брзоделувачка смола од јонска размена или апсорбент. Раствор од ураниум во хидрохлорна киселина и други хемиски агенси се пропушта низ цилиндрични колони за збогатување кои се наполнети со слоеви од апсорбентот. За постојан процес, потребен е систем за повратен тек за испуштање на ураниумот од апсорбентот назад во течната фаза за да можат да се соберат „производот“ и „остатокот“. Ова се постигнува со употреба на соодветни редукциски/оксидациски хемиски агенси кои целосно се регенерираат во засебни надворешни кружни текови и кои можат делумно да се регенерираат во самите колони за изотопска сепарација. Присуството на жешки концентрирани раствори од хидрохлорна киселина во процесот бара опремата да биде изработена или заштитена со посебни материјали отпорни на корозија.

5.6.1. **Колони за размена течност-течност (Хемиска размена)**

Противструјните колони за размена течност-течност со влезна механичка сила, посебно проектирани или подготвени за збогатување во процесот на хемиска размена со ураниум. Заради отпорност на корозивно дејство на концентрираните раствори од хлороводородна киселина, тие колони и нивните внатрешни делови обично се изработени од соодветни пластични материјали (како на пример флуорирани јаглероводородни полимери) или стакло или се заштитени со нив. Системот обично е проектиран така што времето на задржување во колоните е 30 секунди или пократко.

5.6.2. **Центрифугални контактори течност-течност (Хемиска размена)**

Центрифугални контактори течност-течност посебно проектирани или подготвени за збогатување на ураниум со употреба на процесот за хемиска размена. Таквите контактори употребуваат ротација за постигнување на дисперзија на органските и водните текови, а потоа центрифугална сила за сепарација на фазите. Заради отпорност на корозивно дејство од концентрираните раствори на хлороводородна киселина, контакторите обично се изработени од соодветни пластични материјали (како на пример флуорирани јаглеводородни полимери) или стакло или се заштитени со нив. Системот обично е проектиран така што времето на задржување во центрифугалните контактори е 30 секунди или пократко.

5.6.3. **Системи и опрема за редукција на ураниум (хемиска размена)**

(а) Посебно проектирани или подготвени ќелии за електрохемиска редукција за намалување на ураниум од една валентна состојба во друга заради збогатување на ураниум со процесот на хемиска размена. Материјалите од ќелиите кои доаѓаат во допир со процесните раствори мораат да бидат отпорни на корозивното дејство на концентрираните раствори на хлороводородна киселина.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Катодниот оддел на ќелијата мора да биде проектиран така да спречи повторна оксидација на ураниумот и неговата поголема валентна состојба. За да се задржи ураниумот во катодниот оддел, ќелијата може да има непропустлива мембранска дијафрагма изработена од посебен материјал за размена на катјони. Катодата се состои од соодветен цврст водич, како што е графитот.

(б) Посебно проектирани или подготвени системи на продуктниот крај на каскадата за издвојување на U^{+4} од органски тек, прилагодување на концентрациските киселини и напојување на електрохемиските редукциски ќелии.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Овие системи се состојат од опрема за екстракција на раствор заради издвојување на U^{+4} од органскиот тек во воден раствор, испарување и/или друга опрема за постигнување на прилагодување на pH и контрола на растворот и пумпи или други уреди за пренос за напојување на ќелиите за електрохемиска редукција. При проектирањето важно е да се избегне контаминација на водниот тек со одредени метални јони. Затоа, заради таквите делови кои доаѓаат во допир со процесниот тек, системот е изработен од опрема изработена од соодветни материјали (на пример стакло, флуоројаглеродни полимери, полифенил сулфат, полиетер сулфон и смола импегнирана со графит) или е заштитен со такви материјали.

5.6.4. **Системи за припрема на напојувањето (Хемиска размена)**

Посебно проектирани или подготвени системи за производство на раствори со ураниум хлорид со висока чистота за напојување на постројките за сепарација на изотопи на ураниум со хемиска размена.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Овие системи се состојат од опрема за раствори, екстракција на раствори и/или јонска размена за прочистување и од електролитни ќелии за редукција на ураниум U^{+6}+ или U^{+4} во U^{+3}. Овие системи произведуваат раствори на ураниум хлорид коишто содржат само неколку честички на милион метални нечистотии како што се хром, железо, ванадиум, молибден и други двовалентни или повеќевалентни катјони. Конструкциските материјали за деловите од системите за обработка на U^{+3} со висока чистота вклучуваат стакло, флуорирани јаглеводородни полимери, полифенил сулфат или полиетер сулфон обложен со пластика и смола импегнирана со графит.

5.6.5. **Системи за оксидација на ураниум (Хемиска размена)**

Посебно проектирани или подготвени системи за оксидација на U^{+3} во U^{+4} за враќање во каскадата за сепарација на изотопи на ураниум во процесот на збогатување на хемиската размена.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Овие системи можат да опфатат опрема како на пример:

(а) Опрема за поврзување на хлор и кислород со водниот тек од опремата за сепарација на изотопи и за екстракција на добиениот U^{+4} во осиромашениот органски тек кој се враќа од продуктниот крај на каскадата.

(б) Опрема која ја издвојува водата од хидрохлорната киселина така што водата и концентрираната хидрохлорна киселина може повторно да се воведе во процесот на соодветни места.

5.6.6. **Брзореагирачки смоли/апсорбенти за јонска размена (Јонска размена)**

Брзореагирачки смоли или апсорбенти за јонска размена посебно проектирани или подготвени за збогатување на ураниум со процесот на јонска размена, вклучувајќи и порозни макромрежасти смоли и/или мембранозни структури во кои активните групи за хемиска размена се ограничени на површинскиот слој на неактивните порозни потпорни структури и други сложени структури во кој било соодветен облик, вклучувајќи и честички или влакна. Овие смоли/апсорбенти за јонска размена имаат дијаметри од 0.2 mm или помалку и мораат да бидат хемиски отпорни на концентрирани раствори на хлороводородна киселина и физички доволно цврсти да не се распаднат во колоните за размена. Смолите/апсорбентите се посебно проектирани за овозможување на многу брза кинетичка размена на изотопи на ураниум (полувремето на размена е помало од 10 секунди) и можат да работат на температурен опсег од 373 K (100 °C) до 473 K (200 °C).

5.6.7. **Колони за јонска размена (Јонска размена)**

Цилиндрични колони со дијаметар поголем од 1000 mm за држење и потпора на носачот исполнет со смола/апсорбент за јонска размена, посебно проектирани или подготвени за збогатување на ураниум со процесот на јонска размена. Овие колони се изработени од материјали (како на пример титаниум или флуоројаглеродна пластика) или се заштитени со такви материјали кои се отпорни на корозивното дејство на концентрираните раствори на хлороводна киселина и можат да работат на температурен опсег од 373 K (100 °C) до 473 K (200 °C) и притисоци поголеми од 0,7 MPa.

5.6.8. **Системи за повторен тек на јонска размена (Јонска размена)**

(а) Посебно проектирани или подготвени хемиски или електрохемиски редукциски состеми за регенерирање на хемискиот (хемиските) редукциски агенс (агенси) кој (кои) се употребува (употребуваат) во каскадите за збогатување на ураниум со јонска размена.

(б) Посебно проектирани или подготвени хемиски или електрохемиски оксидациски состеми за регенерирање на хемискиот (хемиските) оксидирачки агенс (агенси) кој (кои) се употребува (употребуваат) во каскадите за збогатување на ураниум со јонска размена.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Во процесот на збогатување на јонската размена може, на пример, да се употребува тривалентен титаниум (Ti^{+3}) како редукциски катјон во кој случај редукцискиот систем би регенерирал Ti^{+3} по пат на редукција на Ti^{+4}.

Во процесот, на пример, може да се употреби тривалентно железо (Fe^{+3}) како оксидант, во кој случај оксидацискиот систем би регенерирал Fe^{+3} по пат на оксидација на Fe^{+2}.

5.7. Посебно проектирани или подготвени системи, опрема и составни делови за употреба во постројки за збогатување со помош на ласер

ВОВЕДНА ЗАБЕЛЕШКА

Постојните системи за процеси на збогатување со помош на ласер се делат на две категории: оние во кои процесниот медиум е атомска пареа на ураниум и оние во кои процесниот медиум е пареа од ураниумско соединение, понекогаш помешана со друг гас или гасови. Вообичаеното именување за таквите процеси вклучува:

— прва категорија - сепарација на изотопи со ласер од атомска пареа;

— втора категорија - молекуларна ласерска сепарација на изотопи, вклучувајќи хемиска реакција по пат на селективно ласерско активирање на изотопи.

Системите, опремата и составните делови за постројки за збогатување со помош на ласер вклучуваат: (а) уреди за напојување пареа од метлен ураниум (за селективна фотојонизација) или уреди за напојување со пареа од соединение на ураниум (за селективна фотодисоцијација или селективна ексцитација/активација); (б) уреди за собирање на збогатен и осиромашен метален ураниум како „производ“ и „остаток“ во првата категорија и уреди за собирање на соединенија од збогатен и осиромашен ураниум како „производ“ или „остаток“ во втората категорија; (в) процесни ласерски системи за селективна ексцитација на изотопи на ураниум - 235; и (г) опрема за подготвување на напојување и конверзија на производи. Сложеноста на спектроскопијата на атомите на ураниум и нивни соединенија може да бара примена на која било од бројните расположливи ласерски и ласерско-оптички технологии.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Многу од точките наведени во овој оддел доаѓаат во директен контакт со пареа од метален ураниум или течност или со процесен гас кој се состои од UF_6 или смеса од UF_6 и други гасови. Сите површини кои доаѓаат во директен контакт со ураниум или UF_6 се целосно изработени или заштитени со материјали отпорни на корозија. За целите на одделот кој се однесува на точките за збогатување со помош на ласер, материјалите кои се отпорни на корозија од пареа или течност на ураниум метал или легури на ураниум вклучуваат графит прекриен со итриа и танталум; и материјалите кои се отпорни на корозија од UF_6 вклучуваат бакар, бакарни легури, не’рѓосувачки челик, алуминиум, алуминиум оксид, алуминиумски легури, никел или легури кои содржат 60 % или повеќе никел по тежина и флуорирани полимери на јаглеводород.

5.7.1. Системи за испарување на ураниум (методи кои се засноваат на атомска пареа)

Посебно проектирани или подготвени системи за испарување на метален ураниум за употреба во ласерско збогатување.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Овие системи можат да содржат пиштоли за производство на електронски снопови и се проектирани за да постигнат испорачана сила (1 kW или повеќе) на целта доволна за создавање на пареа од метален ураниум во мерка која е потребна за функционирање на ласерското збогатување.

5.7.2. Системи и составни делови за ракување со растопен метален ураниум или пареа на метален ураниум (методи кои се засноваат на атомска пареа)

Посебно проектирани или подготвени системи за ракување со растопен ураниум, растопени легури на ураниум или пареа на метален ураниум за употреба во ласерско збогатување или за составни делови посебно проектирани или подготвени за таа цел.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Системите за ракување со течен метален ураниум можат да се состојат од лонци за топење и опрема за ладење на лонците за топење. Лонците за топење и останатите делови од тој систем кои доаѓаат во допир со растопениот ураниум, растопените легури на ураниум или пареата на метален ураниум, се изработени од материјали со соодветна отпорност на корозија и топлина или со нив се заштитени. Соодветните материјали можат да вклучат тантал, графит обложен со итриум, графит обложен со други ретки земјени оксиди (види INFCIRC/254/Дел 2 - (како што е изменет) или нивни смеси.

5.7.3. Колекторски склопови за „производ“ и „остатоци“ од метален ураниум (методи кои се засноваат на атомска пареа)

Посебно проектирани или подготвени колекторски склопови за „производ“ и „остатоци“ од метален ураниум во течна или тврда состојба.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Составните делови за тие склопови се изработени од материјали кои се отпорни на топлина и корозивно дејство на пареата или стопениот метален ураниум (како што е графитот обложен со итриум или тантал) или со нив се заштитени, и можат да вклучат цевки, вентили, арматура, „жлебови“, спроводници, изменувачи на топлина и колекторски плочи за магнетски, електростатички или други методи на сепарација.

5.7.4. Куќишта не модулот за сепарација (методи кои се засноваат на атомска пареа)

Посебно проектирани или подготвени цилиндрични или правоаголни садови за држење на изворите на пареа на метален ураниум, пиштоли со електронски сноп и колектори на „производ“ и „остаток“.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Наведените куќишта имаат бројни влезови за електрично напојување и напојување со вода, отвори за ласерски сноп, приклучоци за вакуумска пумпа и инструменти за дијагностика и надзор. Имаат можност за отворање и затворање заради обновување на внатрешните составни делови.

5.7.5. **Суперсонични експанзиски млазници (молекуларни методи)**

Посебно проектирани или подготвени суперсонични експанзиски млазници за ладење на смесите од UF_6 и носечкиот гас до 150 K (– 123 °C) или помалку и кои се отпорни на корозивното дејство на UF_6.

5.7.6. **Колектори за „производ“ или „остатоци“ (молекуларни методи)**

Посебно проектирани или подготвени составни делови или уреди за собирање на производи на ураниум или остатоци од ураниум по осветлување со ласерско светло.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Во еден од примерите на молекуларната ласерска сепарација на изотопи, колекторите за производи служат за собирање на збогатен ураниум пентафлуорид (UF_5) во тврда состојба. Колекторите на производите можат да се состојат од филтерски, ударни или циклонски колектори или комбинација од нив и мораат да бидат отпорни на корозивното дејство на средината со UF_5/UF_6.

5.7.7. **Компресори за UF_6/носечки гас (молекуларни методи)**

Посебно проектирани или подготвени компресори за смеси на UF_6/носечки гас, проектирани за долготрајна работа во средина на UF_6. Составните делови на тие компресори, кои доаѓаат во допир со процесниот гас, се изработени од материјали кои се отпорни за корозивното дејство на UF_6 или се заштитени од такви материјали.

5.7.8. **Радијални осовински заптивки (молекуларни методи)**

Посебно проектирани или подготвени радијални осовински заптивки со приклучоци за напојување и издувување, за запечатување на вратилото кое го спојува роторот на компресорот со погонскиот мотор за да се осигура сигурно запечатување за спречување на истекување на процесен гас или протекување на воздух или заптивен гас во внатрешната комора на компресорот кој се полни со UF_6/смеса од носечки гас.

5.7.9. **Системи за флуорирање (молекуларни методи)**

Посебно проектирани или подготвени системи за флуорирање на UF_5 (во тврда состојба) во UF_6 (во гасна состојба).

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Наведените системи се проектирани за флуорирање на собраниот прашок од UF_5 во UF_6 за последователно собирање во контејнери за производи или заради трансфер како напојување за дополнително збогатување. Во рамките на еден пристап, реакцијата од флуорирањето може да се постигне во рамките на системот за сепарација на изотопи заради реакција и употреба директно од колекторите за „производот“. Во рамките на друг пристап, прашокот од UF_5 може да се отстрани/пренесе од колекторот за „производот“ во соодветниот реакциски сад (пр. реактор со флуидизиран слој, завртлив реактор или пламена кула) заради флуорирање. И во двата пристапи се употребува опремата за складирање и трансфер на флуорот (или друг соодветен агенс за флуорирање) и за собирање и трансфер на UF_6.

5.7.10. **Масовни спектрометри за UF_6/јонски извори (молекуларни методи)**

Посебно проектирани или подготвени масовни спектрометри кои можат директно да земаат примероци од UF_6 гасните текови и кои имаат сè од наведеното:

1. Можат да мерат јони од 320 атомски единици на маса или повеќе и кои имаат резолуција поголема од 1 дел во 320;
2. Јонски извори кои се изградени или заштитени со никел, легури на никел-бакар со содржина на никел од 60 % или повеќе по тежина, или легури на никел-хром.
3. Извори на јонизација со бомбардирање на електрони;
4. Кои имаат колекторски систем погоден за изотопска анализа.

5.7.11. **Системи за напојување/системи за одвод на производ и остаток (молекуларни методи)**

Посебно проектирани или подготвени процесни системи или опрема за постројки за збогатување изработени од или заштитени со материјали кои се отпорни на корозија од UF_6, а кои вклучуваат:

(а) Автоклави за напојување, печки или системи кои се употребуваат за довод на UF_6 до процесот на збогатување;

(б) Десублиматори (или ладни стапици) кои се употребуваат за отстранување на UF_6 од процесот на збогатување за последователен пренос по загревање;

(в) Станици за стврднување или претворање во течна состојба кои се употребуваат за отстранување на UF_6 од процесот на збогатување со компресија и конвертирање на UF_6 во течна или тврда агрегатна состојба;

(г) Станици за „производ“ или „остаток“ кои се употребуваат за пренос на UF_6 во контејнери.

5.7.12. **Системи за сепарација на UF_6/носечки гас (молекуларни методи)**

Посебно проектирани или подготвени процесни системи за сепарација на UF_6 од носечки гас.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Овие системи можат да опфатат опрема како на пример:

(а) Криогенски изменувачи на топлина или криосепаратори за температури од 153 K (- 120 °C) или помалку, или

(б) Криогенски единици за ладење за температури од 153 K (- 120 °C) или помалку, или

(в) UF_6 ладни стапици за замрзнување на UF_6.

Носечкиот гас може да биде азот, аргон или друг гас.

5.7.13. **Ласерски системи**

Ласери или ласерски системи посебно проектирани или подготвени за сепарација на изотопи на ураниум.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Ласерите и ласерските составни делови кои се важни за процесите за ласерско збогатување ги вклучуваат оние кои се наведени во документот INFCIRC/254/Дел 2 - (како што е изменет). Ласерскиот систем обично содржи и оптички и електронски составни делови за управување со ласерскиот сноп (или снопови) и пренос до комората за сепарација на изотопи. Ласерскиот систем за методите кои се засноваат на атомска пареа обично се состои од подесувачки ласери со бои кои се пумпаат со друг вид на ласер (пр. ласери со бакарна пареа или одредени ласери со цврсто јадро). Ласерскиот систем за молекуларни методи може да се состои од CO_2 ласери или ексцимерски ласери и повеќекратни оптички ќелии. Ласерите или ласерските системи за двете методи бараат стабилизација на фреквенцијата на спектарот за работа во текот на подолги временски периоди.

5.8. Посебно проектирани или подготвени системи, опрема и составни делови за употреба во постројки за збогатување со помош на сепарација на плазма.

ВОВЕДНА ЗАБЕЛЕШКА

При постапката за сепарација на плазма, плазмата на јоните на ураниум поминува низ електрично поле подесено на резонантна фреквенција на јони ^{235}U така што тие селективно ја апсорбираат енергијата и зголемувањето на дијаметарот на своите спирални орбити. Јоните кои имаат патека со голем дијаметар се пресретнуваат за да се искористат за производство на производ збогатен со ^{235}U. Плазмата која настанува со јонизација на пареа од ураниум се задржува во вакуумската комора со магнетно поле со голема јачина кое создава суперспроводлив магнет. Главните технолошки системи на процесот опфаќаат систем за создавање на плазма на ураниум, сепарациски модул за суперспроводлив магнет (види INFCIRC/254/Дел 2 - (како што е изменет)) и системи за отстранување на метал заради собирање на „производ“ и „остаток“.

5.8.1. Микробранови извори на енергија и антени

Посебно проектирани и подготвени микробранови извори на енергија и антени за создавање или забрзување на јони со следните карактеристики: фреквенција поголема од 30 GHz и средна излезна сила за производство на јони поголема од 50 kW.

5.8.2. Калеми за ексцитација на јони

Посебно проектирани или подготвени радиофреквенциски калеми за ексцитација на јони за фреквенција поголема од 100 kHz и кои можат да третираат средна сила поголема од 40 kW.

5.8.3. Системи за производство на плазма на ураниум

Посебно проектирани или подготвени системи за производство на плазма на ураниум за употреба во постројки за сепарација на плазма.

5.8.4. *[Повеќе не се употребува - од 14 јуни 2013 година]*

5.8.5. Колекторски склопови за „производ“ и „остатоци“ од метален ураниум

Посебно проектирани или подготвени колекторски склопови за „производ“ и „остатоци“ од метален ураниум во тврда состојба. Овие колекторски склопови се изработени или заштитени со материјали кои се отпорни на топлина и корозија од пареа на метален ураниум, како графит или тантал обложен со итриум.

5.8.6. **Куќишта за модулите за сепарација**

Посебно проектирани или подготвени цилиндрични садови за употреба во постројки за збогатување со помош на сепарација на плазма, во кои се држи изворот на плазма на ураниум, радиофреквенциски калем и колектори за „производи“ и „остатоци“.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Овие куќишта имаат бројни влезови за електрично напојување, приклучоци за дифузиска пумпа и уреди за дијагностика и надзор. Имаат можност за отворање и затворање заради обновување на внатрешните составни делови и се изработени од соодветен немагнетен материјал, како што е нерѓосувачки челик.

5.9. **Посебно проектирани или подготвени системи, опрема и составни делови за употреба во електромагнетни постројки за збогатување**

ВОВЕДНА ЗАБЕЛЕШКА

Во рамките на електромагнетните постапки, јоните на метален ураниум кои настанале со јонизација на материјалот напоен со сол (обично UCl_4) се забрзуваат и се пропуштаат низ магнетно поле што доведува до тоа јоните од различни изотопи да следат различни патишта. Главните составни делови на електромагнетниот сепаратор на изотопи опфаќаат: магнетно поле за диверзија/сепарација на изотопи во јонскиот сноп, јонски извор со својот состав за забрзување и систем за собирање на одвоени јони. Помошните системи за таа постапка вклучуваат систем за енергетско напојување на магнет, високонапонски систем за напојување на јонскиот извор, вакуумски систем и опсежни системи за постапување со хемикалии за добивање на производи и чистење/рециклирање на составните делови.

5.9.1. **Електромагнетни сепаратори на изотопи**

Електромагнетни сепаратори на изотопи посебно проектирани или подготвени за сепарација на изотопи на ураниум и нивна опрема и составни делови, кои вклучуваат:

(а) Јонски извори

Посебно проектирани или подготвени поединечни или повеќекратни извори на јони на ураниум, кои се состојат од извори на пареа, јонизатори и забрзувачи на снопови и кои се изработени од соодветни материјали како што се графит, нерѓосувачки челик или бакар и можат да обезбедат јонски сноп со вкупна јачина од најмалку 50 mA.

(б) Колектори на јони

Колекторски плочи кои се состојат од два или повеќе прорези и џебови посебно проектирани или подготвени за собирање на јонски снопови од осиромашен или збогатен ураниум и изработени од соодветни материјали како што се графит или нерѓосувачки челик.

(в) Вакуумски куќишта

Посебно проектирани или подготвени вакуумски куќишта за електромагнетни сепаратори на ураниум, изработени од соодветни немагнетни материјали, како што се не’рѓосувачки челик и такви проектирани за работа под притисок од 0,1 Pa или помалку.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Куќиштата се посебно проектирани за да ги вградат јонските извори, колекторските плочи и облогите кои се разладуваат со вода и се опремени со приклучоци за дифузиска пумпа, како и со отвор и капак за отстранување и повторно вградување на тие составни делови.

(г) Магнетни делчиња

Посебно проектирани или подготвени магнетни делчиња со дијаметар поголем од 2 m, кои се употребуваат за одржување на постојано магнетно поле во електромагнетната сепарација на изотопи и за трансфер на магнетното поле помеѓу соседните сепаратори.

5.9.2. Високонапонско напојување

Посебно преоктирано или подготвено високонапонско напојување за јонски извори со сите следни карактеристики: способност за непрекинато работење, излезен напон од 20 000 V или повеќе, излезна струја од 1 A или повеќе и стабилизација на напонот подобра од 0,01 % во текот на временски период од осум часа.

5.9.3. Енергетско напојување на магнети

Посебно проектирано или подготвено енергетско напојување на магнети со истонасочна струја со голема сила со сите следни карактеристики: способност за непрекинато производство на излезна струја од 500 A или повеќе при напон од 100 V или повеќе и стабилизација на струја или напон подобра од 0,01 % во текот на временски период од осум часа.

6. Постројки за производство или концентрација на тешка вода, деутериум и соединенија на деутериум и опрема посебно проектирана или подготвена за нив

ВОВЕДНА ЗАБЕЛЕШКА

Тешка вода може да се произведе со различни постапки. Сепак, најкомерцијално исплатливи се покажаа два процеси: процесот за измена вода-водород сулфид (процес ГС) и процесот за размена амонијак-водород.

Процесот ГС се заснова на размена на водород и деутериум помеѓу вода и водороден сулфид во низа од кули во кои горниот оддел е ладен, а долниот е топол. Водата тече низ кулите додека гасот на водородниот сулфид кружи од дното наспрема врвот на кулите. Низата од ситести плочи се употребува за унапредување на мешањето помеѓу гасот и водата. Деутериумот при ниски температури влегува во водата, а при високи температури во водородниот сулфид. Гасот или водата збогатени со деутериум се отстрануваат од кулите од првата фаза на спојот на топлиот и ладниот оддел, по што процесот се повторува во последователните кули од следната фаза. Производот од последната фаза, односно водата збогатена со до 30 % деутериум, се испраќа во дестилациската единица каде се добива тешка вода со реакторско ниво, т.е. 99,75 % деутериум оксид.

Со процесот за размена амониум-водород може да се издвои деутериум од синтезниот гас преку контакт со течен амонијак во присуство на катализатор. Синтезниот гас се доведува во кулите за размена и во конверторот на амонијак. Во кулите, гасот струи од дното наспрема врвот, додека течниот амонијак струи од врвот наспрема дното. Деутериумот се издвојува од водородот во синтезниот гас и се концентрира во амонијакот. Потоа амонијакот струи во уредот за разградување на амонијакот на дното на кулата, додека гасот струи во конверторот на амонијак на врвот. Понатамошното збогатување се одвива во посладователните фази, а со конечната дестилација се добива тешка вода со рекаторско ниво. Синтезниот гас може да се доведе од постројката за амонијак, која пак може да се изгради заедно со постројката за добивање на тешка вода со процесот на размена амонијак-водород. За процесот на размена амонијак-водород, како извор на деутериум може да се користи исто така и обична вода.

Многу од клучните делови од опремата во постројките за производство на тешка вода, кај кои се применува процесот ГС или процесот за размена амонијак-водород, се заеднички за неколку сегменти од хемиските и петролеумските индустрии. Тоа посебно се однесува на малите постројки во кои се применува процесот. Сепак, само мал број од деловите е стандардно достапен. Процесот ГС и процесот амонијак/водород бараат ракување со голема количина на запалливи, корозивни и токсични течности при зголемен притисок. Според тоа, при утврдување на проектните и оперативните стандарди за постројките и опремата наменети за овие процеси, посебно внимание треба да се посвети на изборот на материјалот и спецификациите, за да се осигура долг век на траење со висока сигурност и безбедност. Изборот на величината најнапред зависи од економичноста и потребите. Така, опремата претежно ќе се подготви во согласност со барањата на купувачот.

Најпосле, треба да се напомене дека како во процесот ГС, така и во процесот за размена амонијак-водород, деловите од опремата кои, поединечно гледано, не се посебно проектирани или подготвени за производство на тешка вода, можат да се склопат во системите кои се посебно проектирани или подготвени за производство на тешка вода. Пример за таков систем е системот за производство на катализатори кој се употребува во процесот за размена амонијак-водород и системите за дестилација на вода кои при двата процеса се употребуваат за конечна концентрација на тешка вода до реакторско ниво.

Деловите од опремата кои се посебно проектирани или подготвени за производство на тешка вода со примена на процесот за размена вода-водород сулфид или процесот за размена амонијак-водород, го вклучуваат следново:

6.1. Кули за размена вода-водород сулфид

Кули за размена со дијаметар од 1,5 m или повеќе кои можат да работат под притисок од најмалку 2 MPa (300 psi) кои се посебно проектирани или подготвени за производство на тешка вода со процесот за размена вода-водороден сулфид.

6.2. Вентилатори и компресори

Еднофазни центрифугални вентилатори или компресори со низок притисок (0,2 MPa или 30 psi за циркулација на гас на водороден сулфид (т.е. гас кој содржи повеќе од 70 % H2S) посебно проектирани или подготвени за производство на тешка вода со помош на постапката за размена вода-водороден сулфид. Овие вентилатори и компресори имаат пропусен капацитет поголем или еднаков на 56 m^3/секунда (120000 SCFM) додека работат на притисоци поголеми од или еднакви на вшмукување од 1.8 MPa (260 psi) и имаат заптивки проектирани за работа со влажен H2S.

6.3. Кули за размена амонијак-водород

Кули за размена амонијак-водород со височина еднаква или поголема од 35 m (114,3 ft) со дијаметар од 1,5 m (4,9 ft) до 2,5 m (8,2 ft) со можност за работа под притисок поголем од 15 MPa (2 225 psi), посебно проектирани или подготвени за производство на тешка вода со процесот за размена амонијак-водород. Овие кули имаат најмалку еден оскен отвор со прирабница кој има ист дијаметар како и цилиндричниот дел низ кој можат да се вметнат или извадат внатрешните делови од кулата.

6.4. Внатрешни делови на кулите и фазни пумпи

Внатрешни делови на кулите и фазни пумпи посебно проектирани или подготвени за кули за производство на тешка вода со процесот на размена на амонијак-водород. Внатрешните делови се посебно проектирани фазни контактори кои овозможуваат непосреден контакт со гас/течност. Фазните пумпи се посебно проектирани подводни пумпи за циркулација на течен амонијак во контактната фаза во фазните пумпи.

6.5. Уреди за разградување на амонијак

Уреди за разградување на амонијак со работен притисок од најмалку 3 MPa (450 psi) кои се посебно проектирани или подготвени за производство на тешка вода со процесот за размена амонијак-водород.

6.6. Инфрацрвени апсорпциски анализатори

Инфрацрвени апсорпциски анализатори кои можат директно да спроведат анализа на соодносот водород и деутериум кога концентрациите на деутериум се еднакви или поголеми од 90 %.

6.7. Каталитички горилници

Каталитички горилници за претворање на збогатен гас на деутериум во тешка вода посебно проектирана или подготвена за производство на тешка вода со процесот на размена амонијак-водород.

6.8. Целосни системи за преработка на тешка вода или нивни колони

Комплетни системи за преработка на тешка вода, или нивни колони, специјално проектирани или подготвени за преработка на тешка вода во концентрација на деутериум за употреба во реакторот.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Овие системи, кои вообичаено користат дестилација на вода за одделување на тешка од лесна вода, се специјално проектирани или подготвени за производство на тешка вода за употреба во реакторот (т.е. обично 99,75% деутериум оксид) од тешката вода со помала концентрација.

6.9. Конвертори за синтеза на амонијак или единици за синтеза на амонијак

Конвертори за синтеза на амонијак или единици посебно проектирани или подготвени за синтеза на амонијак за производство на тешка вода со процесот на размена на амонијак-водород.

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Овие конвертори или единици добиваат синтезен гас (азот и водород) од колоната (или колоните) со висок притисок за размена на амонијак/водород и синтетизираниот амонијак се враќа во колоната (или колоните) за размена.

7. **Постројки за конверзија на ураниум и плутониум за употреба во производство на елементи на гориво и сепарација на изотопи на ураниум како што се дефинира во оддели 4 и 5 соодветно и опрема посебно проектирана или подготвена за нив**

ИЗВОЗИ

Извозот на целиот збир од главни предмети во рамките на овие граници ќе се случи само во согласност со постапките од Упатството. Сите постројки, системи и посебно проектирана или подготвена опрема во рамките на оваа граница може да се користи за преработка, производство или употреба на специјален фисиски материјал.

7.1. **Постројки за конверзија на ураниум и опрема посебно проектирана или подготвена за нив**

ВОВЕДНА ЗАБЕЛЕШКА

Во постројките и системите за конверзија на ураниум може да се врши една или повеќе трансформации од еден хемиски вид на ураниум во друг, вклучувајќи: конверзија на концентрати на ураниумска руда во UO_3, конверзија на UO_3 во UO_2, конверзија на оксиди на ураниум во UF_4, UF_6, или UCl_4, конверзија на UF_4 во UF_6 , конверзија на UF_6 во UF_4, конверзија на UF_4 во ураниум метал, и конверзија на ураниум флуорид во UO_2. Многу од клучните делови на опремата за постројки за конверзија на ураниум се заеднички за неколку сегменти на хемиската процесна индустрија. На пример, типови на опрема што се користи во овие процеси може да вклучува: печки, ротациони печки, реактори со флуидизиран слој, реактори со пламени кули, течни центрифуги, дестилациски колони и колони за екстракција течност-течност. Сепак, само мал број од овие делови се стандардно достапни, додека поголемиот дел од нив се направени во согласност со барањата и спецификациите на клиентот. Во некои случаи, потребни се посебен дизајн и конструкција, со цел да се утврдат корозивните својства на некои од хемикалиите со кои се постапува (HF, F_2, CIF_3 и флуориди на ураниум), како и решавање на прашањата за нуклеарната критичност. Најпосле, треба да се напомене дека како во сите процеси на конверзија на ураниум, деловите од опремата кои, поединечно гледано, не се посебно проектирани или подготвени за конверзија на ураниум, можат да се склопат во системите кои се посебно проектирани или подготвени за употреба во конверзија на ураниум.

7.1.1. **Посебно проектирани или подготвени системи за конверзија на руда на ураниум во UO_3**

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Конверзијата на концентрати на руда на ураниум во UO_3 може да се спроведе така што прво рудата се топи во азотна киселина и се екстрахира прочистениот уранил нитрат, при што се употребува растворувач како што е трибутил фосфат. Потоа, уранил нитратот се претвора во UO_3 или со концентрација и денитрација или со неутрализација со гасен амонијак, при што настанува амониум диуранат со последователно филтрирање, сушење и калцинирање.

7.1.2. Посебно проектирани или подготвени системи за конверзија на UO_3 во UF_6

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Конверзијата на UO_3 во UF_6 може да се изврши директно со флуоринација. Процесот бара извор на флуор во гасна состојба или хлорин трифлуорид.

7.1.3. Посебно проектирани или подготвени системи за конверзија на UO_3 во UO_2

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Конверзијата на UO_3 во UO_2 може да се изврши преку намалување на UO_3 со разграден амонијак во гасна состојба или водород.

7.1.4. Посебно проектирани или подготвени системи за конверзија на UO_2 во UF_4

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Конверзијата на UO_2 во UF_4 може да се изврши со реакција на UO_2 со водороден флуроид (HF) во гасна состојба на 300-500 °C.

7.1.5. Посебно проектирани или подготвени системи за конверзија на UF_4 во UF_6

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Конверзијата на UF_4 во UF_6 се извршува со егзотермичка реакција со флуорин во реакторот на кулата. UF_6 се кондензира од жежок тек кој протекува низ ладната стапица која се лади на – 10 °C. Процесот бара извор на флуор во гасна состојба.

7.1.6. Посебно проектирани или подготвени системи за конверзија на UF_4 во метален ураниум

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Конверзијата на UF_4 во метален ураниум се извршува со намалување со магнезиум (големи серии) или калциум (мали серии). Реакцијата се спроведува на температури над точката на топење на ураниум (1130 °C).

7.1.7. Посебно проектирани или подготвени системи за конверзија на UF_6 во UO_2

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Конверзијата на UF_6 во UO_2 може да се изврши по пат на еден од три процеси. Во првиот процес UF_6 се редуцира и хирдолизира во UO_2 со употреба на водород и пареа. Во вториот процес UF_6 се хидролизира со растворање во вода, амонијакот се додава заради таложење на амониев диурант, а потоа диурантот се редуцира во UO_2 со водород при 820 °C. Во третиот процес гасните UF_6, CO_2, and NH_3 се мешаат во вода при што како талог настанува амониев уранил карбонат. Амониевот уранил карбонат се комбинира со пареа и водород на 500-600 °C за да се добие UO_2.

Конверзијата на UF_6 во UO_2 често се спроведува како прва фаза во постројката за производство на гориво.

7.1.8. Посебно проектирани или подготвени системи за конверзија на UF_6 во UF_4

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Конверзијата на UF_6 во UF_4 се извршува со редукција со водород.

7.1.9. Посебно проектирани или подготвени системи за конверзија на UO_2 во UCl_4

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Конверзијата на UO_2 во UCl_4 може да се изврши по пат на еден од два процеси. Во првиот процес UO_2 реагира со јагленов тетрахлорид (CCl_4) на отприлика 400 °C. Во вториот, UO_2 реагира на отприлика 700 °C во присуство на саѓе (CAS 1333-86-4), јаглерод моноксид и хлор при што настанува UCl_4.

7.2. Постројки за конверзија на плутониум и опрема посебно проектирана или подготвена за нив

ВОВЕДНА ЗАБЕЛЕШКА

Во постројките и системите за конверзија на плутониум може да се изведе една или повеќе конверзии од еден хемиски вид на плутониум во друг, вклучително и конверзија на плутониум нитрат во PuO_2, конверзија на PuO_2 во PuF_4 и конверзија на PuF_4 во плутониум метал. Постројките за конверзија на плутониум обично се поврзуваат со постројките за повторна преработка, но исто така можат да бидат поврзани со постројките за производство на гориво на плутониум. Многу од клучните делови на опремата за постројки за конверзија на плутониум се заеднички за неколку сегменти на хемиската процесна индустрија. На пример, типови на опрема што се користи во овие процеси може да вклучува: печки, ротациони печки, реактори со флуидизиран слој, реактори со пламени кули, течни центрифуги, дестилациски колони и колони за екстракција течност-течност. Воедно, можат да бидат потребни жешки ќелии, комори со ракавици и уреди со далечинско управување. Сепак, само мал број од овие делови се стандардно достапни, додека поголемиот дел од нив се направени во согласност со барањата и спецификациите на клиентот. При проектирањето потребно е особено да се внимава на посебни радиолошки опасности и опасности во врска со критичност и токсичност, поврзани со плутониум. Во некои случаи, потребни се посебен дизајн и конструкција, со цел да се утврдат корозивните својства на некои од хемикалиите со кои се постапува (на пр. HF). Најпосле, треба да се напомене дека во сите процеси на конверзија на плутониум, деловите од опремата кои, поединечно гледано, не се посебно проектирани или подготвени за конверзија на плутониум, можат да се склопат во системите кои се посебно проектирани или подготвени за употреба во конверзија на плутониум.

7.2.1. Посебно проектирани или подготвени системи за конверзија на плутониум нитрат во оксид

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Главните функции вклучени во овој процес се: складирање и прилагодување како материјалот за напојување на процесот, таложење и сепарација на солидни/течни фракции, калцинација, ракување со производот, вентилација, управување со отпад и контрола на процесот. Процесните системи се посебно прилагодени со цел да се избегне критичноста и зрачењето и да се намали ризикот од токсичност на минимум. Во повеќето погони за преработка, овој процес вклучува конверзија на плутониум нитрат во плутониум диоксид. Други постапки може да вклучуваат таложење на плутониум оксалат или плутониум пероксид.

7.2.2. **Посебно проектирани или подготвени системи за производство на плутониум метал**

ОБЈАСНУВАЧКА ЗАБЕЛЕШКА

Оваа постапка обично вклучува флуорирање на плутониум диоксид, обично со високо корозивен водород флуорид, за производство на плутониум флуорид кој потоа, користејќи калциум метал со висока чистота, се редуцира за да се произведе метален плутониум и згура на калциум флуорид. Главните функции кои се вклучени во овој процес се флуорирање (на пример, вклучително опрема направена од скапоцени метали или обложена со нив), редукција на метал (на пр. употреба на керамички садови), добивање на згура, ракување со производ, вентилација, управување со отпад и контрола на процесот. Процесните системи се посебно прилагодени со цел да се избегне критичноста и зрачењето и да се намали ризикот од токсичност на минимум. Други постапки вклучуваат флуорирање на плутониум оксалат или плутониум пероксид проследено со редукција на метал.

АНЕКС В

КРИЕТРИУМИ ЗА НИВОАТА НА ФИЗИЧКА ЗАШТИТА

1. Физичката заштита на нуклеарни материјали се врши за да се спречи неовластено користење и неовластено ракување со нив. Став 3(а) од Упатството се однесува на имплементација на ефективни нивоа на физичка заштита во согласност со соодветните препораки на Меѓународната агенција за атомска енергија (МААЕ), особено оние кои се наведени во INFCIRC/225.

2. Во став 3(б) од Упатството се наведува дека владата на земјата-корисник е одговорна за спроведување на мерките за физичка заштита во таа земја. Сепак, нивото на физичка заштита врз кое овие мерки треба да се засноваат треба да биде предмет на договор помеѓу снабдувачот и примачот. Во овој контекст, овие услови треба да се применуваат на сите земји.

3. Документот INFCIRC/225 на Меѓународната агенција за атомска енергија, со наслов „Физичката заштита на нуклеарен материјал“ и слични документи, кои периодично ги изготвува меѓународната група на експерти и кои се ажурираат доколку е потребно, со цел да се води сметка за постигнатиот напредок и новите знаења во однос на физичка заштита на нуклеарни материјали, се корисна основа за насочување на напорите на државата-примач за проектирањето на систем на мерки и постапки за физичка заштита.

4. Категоризација на нуклеарен материјал, како што е наведено во табелата подолу или којашто е ажурирана од време на време со меѓусебен договор на добавувачи, служи како прифатена основа за проектирање на посебни нивоа на физичка заштита во однос на видот на материјалите и опремата и капацитетите кои ги содржат овие материјали, во согласност со став 3(а) и (б) од Упатството.

5. Договорените нивоа на физичка заштита кои треба да се обезбедат од страна на надлежните државни органи за употреба, складирање и транспорт на

материјалите од прикачената табела ги вклучуваат најмалку следниве безбедносни карактеристики:

КАТЕГОРИЈА III

Употреба и Чување во рамките на област со контролиран пристап

Превоз под посебни мерки на претпазливост вклучувајќи претходни аранжмани помеѓу испраќачот, примачот и превозникот, и, во случај на меѓународен транспорт, претходни договори помеѓу субјектите во согласност со надлежностите и прописите на земјите добавувачи и примачи, во кои се утврдени времето, местото и начинот на пренесување на одговорноста за превоз.

КАТЕГОРИЈА II

Употреба и складирање во заштитена област со контролиран пристап, односно, област која е под постојан надзор од страна на стражари или електронски уреди, а која е опкружена со физичка бариера со ограничен број на влезови кои се под соодветна контрола или која било област со еднакво ниво на физичка заштита.

Превоз под посебни мерки на претпазливост вклучувајќи претходни аранжмани помеѓу испраќачот, примачот и превозникот, и, во случај на меѓународен транспорт, претходни договори помеѓу субјектите во согласност со надлежностите и прописите на земјите добавувачи и примачи, во кои се утврдени времето, местото и начинот на пренесување на одговорноста за превоз.

КАТЕГОРИЈА I

Материјалите во оваа категорија се заштитени од неовластена употреба со следниве системи со голема сигурност:

Употреба и чување во високо заштитена област, односно заштитена област како што е дефинирано за Категорија II погоре и во која, згора на тоа, пристапот е ограничен на лице со докажана сигурност и под надзор на стражари кои се во тесна комуникација со релевантни безбедносни сили. Целта на конкретните мерки кои се преземаат во овој контекст е да се открие и спречи каков било напад, неовластен пристап или кражба на материјали.

Превоз под посебни мерки на претпазливост како што се наведени погоре за превоз на материјали од Категорија II и III и исто така, под постојан надзор со придружба и под услови кои обезбедуваат тесна комуникација со соодветни безбедносни сили.

6. Добавувачите треба да настојуваат да ги идентификуваат корисниците на тие агенции или надлежни органи одговорни за да обезбедат дека е исполнето соодветно ниво на заштита и одговорни за внатрешна координација на операции за одговор/повраток во случај на неовластено користење или ракување со заштитените материјали. Добавувачите и примателите треба исто така да назначат и точки за контакт во рамките на нивните национални надлежни органи заради соработка за прашања за превоз во странство, како и други прашања од заеднички интерес.

ТАБЕЛА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА НУКЛЕАРЕН МАТЕРИЈАЛ

Материјал	Облик	Категорија		
		I	II	III
1. Плутониум*[**а**]	Неозрачен*[**б**]	2 kg или повеќе	Помалку од 2 kg, но повеќе од 500	500 g или помалку*[**в**]
2. Ураниум-235	Неозрачен*[**б**]			
	— ураниум збогатен до 20 % ^{235}U или повеќе	5 kg или повеќе	Помалку од 5 kg, но повеќе од 1 kg	1 kg или помалку*[**в**]
	— ураниум збогатен до 10 % ^{235}U или помалку од 20 %	—	10 kg или повеќе	Помалку од 10 kg*[**в**]
	— ураниум збогатен повеќе од природното, но помалку од 10 % ^{235}U*[**г**]	—	—	10 kg или повеќе
3. Ураниум-233	Неозрачен*[**б**]	2 kg или повеќе	Помалку од 2 kg, но повеќе од 500 g	500 g или помалку*[**в**]
4. Озрачено гориво			Осиромашен или природен ураниум, ториум или нискозбогатено гориво (помалку од 10 % фисиска содржина)*[**д**][**ѓ**]	

[а] Како што е наведено во Контролниот список.

[б] Материјал кој не е озрачен во реактор или материјал кој е озрачен во реактор, но со ниво на озраченост еднакво или помало од 100 рад/час на оддалеченост од еден метар без штит.

[в] Треба да исклучи количини кои не се радиолошки значајни.

[г] Природен ураниум, осиромашен ураниум и ториум и количества на ураниум збогатен до ниво на помалку од 10% кои не спаѓаат под категорија III треба да бидат заштитени во согласност со праксата за прудентно управување.

[д] Иако се препорачува ова ниво на заштита, на земјите ќе им биде дозволено, по оценка на посебните околности, да утврдат поинаква категорија на физичка заштита.

[ѓ] Друго гориво, кое врз основа на неговата оригинална содржина на фисиски материјали се класифицира во Категорија I или II пред зрачењето може да се намали за едно ниво на категорија ако нивото на зрачење од горивото надминува 100 рад/час по метрички тон без штит.

ГНС Дел II

СПИСОК НА ОПРЕМА, МАТЕРИЈАЛИ И СОФТВЕР СО ДВОЈНА НАМЕНА ОД НУКЛЕАРНА ОБЛАСТ И СРОДНА ТЕХНОЛОГИЈА

Забелешка: Во овој анекс се употребува Меѓународниот систем на единици (СИ). Во сите случаи, физичката количина дефинирана во единиците од СИ треба да се смета за официјално препорачана контролна вредност. Сепак, некои параметри на алатни машини се наведени во нивните стандардни мерни единици, кои не се дел од СИ.

Вообичаено употребувани кратенки (и нивни префикси за означување количина) во овој анекс се како што следува:

A — ампер(и)

Bq — бекерел(и)

°C — Целзиусови степен(и)

CAS — Служба за хемиска дестилација

Ci — кири(и)

cm — сантиметар (сантиметри)

dB — децибел(и)

dBm — децибел во однос на 1 миливат

g — грам(грамови); исто така забрзување на тежа (9.81 m/s^2)

GBq — гигабакарел(и)

GHz — гигахерц

GPa — гигапаскал(и)

Gy	— греј
h	— час(часови)
Hz	— херц
J	— џул(и)
K	— келвин
keV	— килоелектронволт(и)
kg	— килограм(и)
kHz	— килохерц
kN	— килоњутн(и)
kPa	— килопаскал(и)
kV	— киловолт(и)
kW	— киловат(и)
m	— метар(метри)
mA	— милиампер(и)
MeV	— милион електрон волт(и)
MHz	— мегахерц
ml	— мililитар(мililитри)
mm	— милиметар(милиметри)
MPa	— мегапаскал(и)
MPa	— милипаскал(и)
MW	— мегават(и)
µF	— микрофарад(и)
µm	— микрометар(микрометри)
µs	— микросекунда(микросекунди)
N	— њутн(њутни)
nm	— нанометар(нанометри)
ns	— наносекунда(наносекунди)
nH	— нанохенри(и)
ps	— пикосекунда(пикосекунди)
PMC	— ефективна вредност

rpm — вртежи во минута

s — секунда(секунди)

T — тесла(тесли)

ТИР — вкупно вчитување на индикатори

V — волт(и)

W — ват(и)

ОПШТА ЗАБЕЛЕШКА

Следните ставови се применуваат на списокот на опрема, материјали и софтвер со двојна намена од нуклеарна област и сродна технологија.

1. Описот на кој било предмет од списокот го опфаќа тој предмет како нов или како половен.
2. Кога описот на кој било предмет на списокот не содржи квалификации или спецификации, се смета дека ги опфаќаат сите варијанти на тој предмет. Распределбата по категории е дадена само како референца и не влијае на толкувањето на дефиницијата на предметите.
3. Проверките треба да се вршат дури и ако трансферот на секој предмет што не е под контрола (вклучувајќи постројки) кои содржат една или повеќе контролирани компоненти кога контролираната компонента или компоненти се главниот елемент на овој случај и може да се отстранат или да се користат за други намени.

   Забелешка: За да проценат дали контролираната компонента или компоненти се сметаат за главен елемент, владите треба да ги измерат факторите на количина, вредност и технолошката експертиза и други посебни околности кои би можеле да ја воспостават контролираната компонента или компоненти, како главен елемент на набавениот предмет.
4. Преносот на составните делови не треба да ја доведе во прашање целта на овие контроли. Секоја влада ќе преземе дејства за да се постигне оваа цел и ќе продолжи да бара практична дефиниција за составните делови која би можела да се употреби од сите снабдувачи.

ТЕХНОЛОШКИ КОНТРОЛИ

Преносот на „технологија“ се контролира во согласност со Упатсвото и како што е опишано во секој оддел од анексот. „Технологијата“ која е директно поврзана со кој било предмет од анексот подлежи на висок степен на проверка и контрола, исто како и самиот предмет, до степен кој се дозволува со националното законодавство.

Одобрувањето за извоз на секој предмет од анескот исто така е овластување за извоз на минимум „технологијата“ на истиот корисник која се бара за инсталација, функционирање, одржување и поправка на предметот.

Забелешка: Контролите на преносот на „технологијата“ не се применуваат врз информациите „во јавниот домен“ или на „основното научно истражување“.

ОПШТА ЗАБЕЛЕШКА ЗА СОФТВЕРОТ

Преносот на „софтверот“ се контролира во согласност со Упатсвото и како што е опишано во анексот.

Забелешка: Контролите на „софтверот“ не се применуваат на „софтверот“: којшто е

1. Генерално достапен на јавноста со тоа што:

а. Се продава од залиха во малопродажба без ограничување; и

б. Е проектиран за инсталација од страна на корисникот без дополнителна значителна помош од страна на набавувачот;

или

2. „Во јавниот домен“.

ДЕФИНИЦИИ

„Точност“ —

Обично мерена како неточност, се дефинира како максимално отстапување, позитивно или негативно, од наведените прифатени стандарди или вистинска вредност.

„Отстапување од аголна позиција“ —

Најголемата разлика меѓу аголната и фактичката позиција, многу прецизно измерена аголна позиција откако работниот дел од плочата е завртен од неговата почетна позиција.

„Основно научно истражување“ —

Експериментална или теоретска работа која се презема првично за да се стекне ново знаење за основните начела на феноменот и воочените факти, кои не се првично насочени кон посебна практична цел.

„Контурна контрола“ —

Две или повеќе „нумерички контролирани“ движења кои функционираат во согласност со инструкциите кои ја утврдуваат следната потребна позиција и потребните стапки на напојување за да се постигне таа позиција. Овие стапки на напојување се разликуваат во однос една на друга, така што се добива посакуваната контура. (Реф. ИСО 2806-1980 како што е изменет)

„Развој“ —

се поврзува со сите фази пред „производството“ и тоа:

— проект

— истражување на проект

— проектна анализа

— проектни концепти

— составување и тестирање на прототипови

— планови за пилот-производство

— проектни податоци

— процес на трансформација на проектните податоци во производ

— проектирање на конфигурација

— проектирање на интегрирање

— нацрти

„Влакнести или филаментни материјали“ —

се непрекинати „монофиламенти“, „предива“, „прамени“, „јажиња“ или „ленти“.

Забелешка:

1. „Филамент“ или „монофиламент“ — е најмалиот инкремент на влакното, обично неколку микрометри во дијаметар.

2. „Прамен“ — е збир (обично 12-120) од приближно паралелни „нишки“.

3. „Нишка“ — е сноп од „филаменти“ (обично над 200) поставени приближно паралелно.

4. „Лента“ — е материјал изработен од испреплетени или еднонасочни, „филаменти“, „нишки“, „прамени“ или предива“, итн, обично пред-импрегнирани со смола.

5. „Јаже“ — е сноп од „филаменти“, обично поставени приближно паралелно.

6. „Предиво“ — е сноп од преплетени „нишки“.

„Филамент“ —

Да се види „Влакнести или филаментни материјали“.

„Во јавниот домен“ —

„Во јавниот домен“ како што се применува овде, значи „технологија“ или „софтвер“ кој е ставен на располагање без ограничувања за неговото понатамошно ширење. (Ограничувањата во врска со авторските права не ја ставаат „технологијата“ или „софтверот“ надвор од „јавниот домен.“)

„Линеарност“ —

(Обично мерено во смисла на нелинеарност) е максималното отстапување на фактичката карактеристика (просечно отчитување на скалата горе и доле), позитивно или негативно, од права линија, така позиционирани за да се изедначат и минимизираат максималните девијации.

„Мерна несигурност“ —

Карактеристичен параметар кој утврдува во кој обем околу излезната вредност е точната вредност на мерливата променлива со ниво на доверба од 95%. Истата вклучува и коригирани систематски отстапувања, некоригирана реакција и случајни отстапувања.

„Микропрограма“ —

Серија од основни инструкции, кои се чуваат во посебен склад, чие извршување започнува со воведување на неговите референтни инструкции во регистарот на инструкции.

„Монофиламент“ —

Види „Влакнести или филаментни материјали“.

„Нумеричка контрола“ —

Автоматска контрола на процесот изведена од страна на уредот, така што употребата на нумерички податоци обично се воведува како операција која е во тек. (Реф. ISO 2382)

„Точност на позиционирање“ —

со „нумерички управувани“ машински алатки се одредува и се прикажува во согласност со ставка 1.Б.2, во врска со условите подолу:

(а) Услови за тестирање (ИСО 230/2 (1988), став 3):

- (1) 12 часа пред и за време на мерењето, машинските алатки и опремата за точност на мерењето се чуваат на иста амбиентална температура. Во периодот пред мерењето, лизгачките делови на машината постојано се движат, на ист начин како што тоа ќе се врши во текот на мерењата на точноста;
- (2) Машината е опремена со механичка, електронска, или софтверска компензација што се извезува заедно со машината;
- (3) Точноста на мерната опрема за мерењата е најмалку четирипати поточна од очекуваната прецизност на машинските алатки;
- (4) Енергетското напојување на лизгачките погони е како што следува:
  - (i) Варијациите на влезните линии не изнесуваат повеќе од ± 10% од номиналниот деклариран напон;
  - (ii) Варијациите на френквенцијата не изнесуваат повеќе од ± 2 Hz од нормална фреквенција;
  - (iii) Не се дозволени пречки или прекин на мрежата.

(б) Програма за тестирање (став 4):

- (1) Стапка на напојување (брзина на лизгачки делови) во текот на мерењето е брзина на преминувањето;

Забелешка: Во случајот каде машинските алатки кои произведуваат површини со оптички квалитет, стапката на напојување е еднаква или помала од 50 mm во минута;

- (2) Мерењата се вршат сукцесивно од едниот крај на оската до другиот без да се вратат на стартната позиција за секој потег кон целната позиција;
- (3) Оските кои не се мерат се задржуваат во средна положба за време на тестот на оската.

(в) Приказ на резултатите од тестирањето (став 2):

Резултатите од мерењата мораат да вклучат:

(1) „Точност на позиционирањето“ (А) и

(2) Просечна грешка (Б).

„Производство“ —

ги опфаќа сите производствени фази како што се:

- — конструкција

— производствено инженерство

— изработка

— интеграција

— составување (монтажа)

— проверка

— тестирање

— осигрување на квалитет

„Програма“ —

Серија од инструкции за спроведување на процес кој има таков облик, или може да се претвори во таков облик, за компјутерот да може да го изврши.

„Резолуција“ —

Најмалото зголемување на мерен уред; на дигиталните инструменти, најмалку значаен бит. (Реф. ANSI B-89.1.12)

„Прамен“ —

Да се види „Влакнести или филаментни материјали“.

„Софтвер“ —

Колекција од еден или повеќе „програми“ или „микропрограми“ кои се фиксирани на кој било опиплив медиум за запишување.

„Нишка“ —

Да се види „Влакнести или филаментни материјали“.

„Лента“ —

Да се види „Влакнести или филаментни материјали“.

„Техничка помош“ —

„Техничка помош“ може да биде во облик на: инструкција, вештини, обука, работно знаење, консултантски услуги.

Забелешка: „Техничка помош“ може да опфати пренос на „технички податоци“.

„Технички податоци“ —

„Технички податоци“ можат да бидат во облик на нацрти, планови, дијаграми, модели, формули, инженерски проекти и спецификации, прирачници и инструкции запишани или снимени на други медиуми или уреди како што е диск, лента, РОМ мемории.

„Технологија“ —

се посебни информации кои се бараат за „развој“, „производство“ или „употреба“ на кој било предмет кој се содржи во списокот. Овие информации можат да бидат во облик на „технички податоци“ или „техничка помош“.

„Јаже“ —

Да се види „Влакнести или филаментни материјали“.

„Употреба“ —

Функционирање, инсталација (вклучително и инсталација на лице место), одржување (проверка), поправка, ремонт и обновување.

„Предиво“ —

Да се види „Влакнести или филаментни материјали“.

СОДРЖИНА НА АНЕКСОТ

1.Г.3.	„Софтвер“ за која било комбинација на електронски уреди или систем кој овозможува тој уред (тие уреди) да функционираат како „нумеричка контролна“ единица за машински алатки	1- 9

1.Д. ТЕХНОЛОГИЈА

1.Д.1.	„Технологија“ во согласност со Технолошките контроли за „развој“, „производство“ или „употреба“ на опрема, материјал или „софтвер“	1- 9

2. МАТЕРИЈАЛИ

2.А. ОПРЕМА, СКЛОПОВИ И СОСТАВНИ ДЕЛОВИ

2А.1.	Садови направени од материјали отпорни на течни актинидни метали	2- 1
2.А.2.	Платинирани катализатори	2- 1
2.А.3.	Композитни структури во облик на цевки	2- 2

2.Б. ОПРЕМА ЗА ТЕСТИРАЊЕ И ПРОИЗВОДСТВО

2.Б.1.	Капацитети и постројки за тритиум и поврзана опрема	2- 2
2.Б.2.	Објекти и постројки за сепарација на изотопи на литиум, и системи и опрема за нив	2- 2

2.В. МАТЕРИЈАЛИ

2.В.1.	Алуминиум	2- 2
2.В.2.	Берилиум	2- 3
2.В.3.	Бизмут	2 - 3
2.В.4.	Бор	2 - 3
2.В.5.	Калциум	2 - 3
2.В.6.	Хлор трифлуорид	2 - 3
2.В.7.	Влакнести или филаментни материјали и предимпрегнирани материјали	2 - 3

3. ОПРЕМА ЗА СЕПАРАЦИЈА НА ИЗОТОПИ НА УРАНИУМ И СОСТАВНИ ДЕЛОВИ

(Различни од предметите во Контролниот список)

3.А. ОПРЕМА, СКЛОПОВИ И СОСТАВНИ ДЕЛОВИ

6. СОСТАВНИ ДЕЛОВИ ЗА НУКЛЕАРНИ ЕКСПЛОЗИВНИ УРЕДИ

1. ИНДУСТРИСКА ОПРЕМА

1.А. ОПРЕМА, СКЛОПОВИ И СОСТАВНИ ДЕЛОВИ

1.А.1. Прозорци за заштита од зрачење со висока густина (оловно стакло или друго), кои ги имаат сите следни карактеристики и посебно конструирани рамки за нив:

а. „Ладна површина“ поголема од 0,09 m^2;

б. Густина поголема од 3 g/cm^3; и

в. Дебелина од 100 mm или повеќе.

<u>Техничка напомена:</u> Во точка 1.А.1.а. терминот „ладна површина“ е површината на прозорецот низ која се гледа, а која според проектот е изложена на најниско ниво на зрачење.

1.А.2. ТВ камери отпорни на зрачење или леќи за истите, посебно конструирани или оценети како отпорни на зрачење, така што се способни да издржат вкупна доза на зрачење поголема од 5 x 10^4 Gy (силициум) без ослабување на перформансите.

<u>Техничка напомена:</u> Поимот Gy (силициум) се однесува на енергијата во џули по килограм која се апсорбира од страна на незаштитен примерок на силициум кога е изложен на јонизирачко зрачење.

1.А.3. „Роботи“, „врвови на манипулатори“ и контролни единици, како што следува:

а. „Роботи“ или „врвови на манипулатори“ кои ги имаат кои било од следниве карактеристики:

1. Посебно дизајнирани за да соодветствуваат со националните стандарди за безбедност, применливи при ракување со високоексплозивни средства (на пример, почитување на електрични карактеристики за високоексплозивни средства); или
2. Посебно конструирани или оценети како отпорни на зрачење, така што се способни да издржат вкупна доза на зрачење поголема од 5 x 10^4 Gy (силициум) без ослабување на перформансите;

<u>Техничка напомена:</u> Поимот Gy (силициум) се однесува на енергијата во џули по килограм која се апсорбира од страна на незаштитен примерок на силициум кога е изложен на јонизирачко зрачење.

б. Контролни единици посебно проектирани за кој било од „роботите“ или „врвовите на манипулаторите“ утврдени во точка 1.А.3.а.

<u>Забелешка:</u> Точка 1.А.3. не контролира „роботи“ посебно проектирани за ненуклеарни индустриски примени, како што се кабини за фарбање на автомобили со спреј.

<u>Технички напомени:</u> 1. *„Роботи“*

Во точка 1.А.3. „робот“ е манипулациски механизам кој може да делува на континуирана патека или од една до друга точка, може да користи „сензори“ и ги има сите следни карактеристики:

(а) е мултифункционален;

(б) способен е да позиционира или ориентира материјал, делови, алатки или посебни уреди преку променливи движења во тридимензионален простор;

(в) вклучува три или повеќе серво-уреди со затворена или отворена јамка, кои можат да вклучат чекорни (степ) мотори; и

(г) има „можност за програмирање од страна на корисникот" со помош на метод на учење/повторување или со користење на електронски компјутер што може да биде програмибилен логички контролор, односно без механичка интервенција.

Забелешка 1:

Во претходно наведената дефиниција, „сензори“ се детектори на физичките феномени чиј резултат (по конверзија во сигнал кој може да се толкува од контролна единица) може да создаде „програми“ или да измени програмирани инструкции или нумерички „програмски“ податоци. Ова вклучува „сензори“ со машинска визија, инфрацрвен приказ, акустичен приказ, чувство при допир, инерциска мерна опрема, оптички или акустички мерење на растојание или мерење на сила или вртежни моменти.

Забелешка 2:

Во претходно наведената дефиниција, „можност за програмирање од страна на корисникот“ е можност на корисникот да вметне, измени или да замени „програми“ на друг начин освен:

(а) физичка промена во жичните- или интерконекциите; или

(б) поставување на контролите за функциите вклучително и влезот на параметри.

Забелешка 3:

Горенаведената дефиниција не ги опфаќа следните уреди:

(а) Манипулациски уреди кои единствено можат да се контролираат рачно/со телеоператор;

(б) *Фиксни сериски манипулациски механизми кои се автоматски подвижни уреди кои функционираат според механички фиксирани програмирани движења. „Програмата“е механички ограничена со фиксирани запирања, како што се иглички или запци. Редоследот на движењата и селекцијата на патеките или аглите не можат да варираат и не се менуваат со механички, електронски или електрични средства;*

(в) *Механички контролирани варијабилни сериски манипулациски механизми кои се автоматски подвижни уреди кои функционираат според механички фиксирани програмирани движења. „Програмата“ е механички ограничена со фиксирани, но прилагодливи запирања, како што се иглички или запци. Редоследот на движењата и селекцијата на патеките или аглите можат да варираат во рамките на фиксираната „програмска“ шема. Варијации или модификации на „програмската“ шема во една или повеќе оски на движење се остварува само преку механички операции (на пример, промени на игличките или размена на запците);*

(г) *Варијабилни сериски манипулациски механизми кои не се серво-контролирани и кои се автоматски подвижни уреди кои функционираат според механички фиксирани програмирани движења. „Програмата“ е променлива, но редоследот продолжува само со бинарниот сигнал од механички фиксирани електрични бинарни уреди или прилагодливи запирања;*

(д) *Складишни кранови се дефинирани како Картезијански координатни манипулациски системи произведени како интегрален дел од вертикална низа на канти за складирање и проектирани за пристап до содржината на тие контејнери за складирање или земање.*

2. „Врвови на манипулатори“

Во точка 1.А.3. „врвови на манипулатори“ се фаќачи, „активни алатни единици“ и кои било други алати кои се прикачуваат на основната плоча на крајот на „роботската“ рака-манипулатор.

Забелешка:

Во претходно наведената дефиниција, „активни алатни единици“ е уред за примена на движечка сила, процесна енергија или сензорен сигнал на предметот кој се обработува.

1.А.4. Далечински манипулатори кои може да се користат за активности на растојание кога станува збор за операции за радиохемиско одвојување или топли ќелии, кои имаат која било од следниве карактеристики:

а. Способност за пенетрација од 0,6 m или повеќе од ѕидот на топлата ќелија (операција низ ѕидот); или

б. Способност за премостување преку врвот на ѕидот на топла ќелија со дебелина од 0,6 m или повеќе (операција низ ѕидот).

Техничка напомена: *Далечинските манипулатори обезбедуваат пренесување на дејствата на човечкиот оператор на активностите до раката која делува на далечина и крајниот уред. Тие можат да бидат од надреден/подреден тип или ракувани со палка за управување или тастатура.*

1.Б. ОПРЕМА ЗА ТЕСТИРАЊЕ И ПРОИЗВОДСТВО

1.Б.1. Системи за обликување со струење, системи за обликување со вртење кои имаат и функции за обликување со струење и шкрипци, како што следува:

Машини кои ги имаат и двете следни карактеристики:

1. Три или повеќе валјаци (активни или водечки); и
2. Кои, во согласност со техничката спецификација на производителот, можат да бидат опремени со единици за „нумеричка контрола“ или компјутерска контрола;

б. Шкрипци за обликување на ротори проектирани да формираат цилиндрични ротори на внатрешен дијаметар помеѓу 75 и 400 mm.

Забелешка: Точка 1.Б.1.а. опфаќа машини кои имаат само еден валјак проектиран со цел да деформира метал плус два помошни валјака кои го поддржуваат шкрипецот, но не учествуваат директно во процесот на деформација.

1.Б.2. Машински алатки, како што следува, и која било комбинација од нив, за отстранување или сечење метали, керамика или композити, кои, според техничката спецификација на производителот, можат да бидат опремени со електронски уреди за истовремена, „контурна контрола“ со две или повеќе оски:

Забелешка: За „нумерички контролни“ единици контролирани од нивниот поврзан „софтвер“, види точка 1.Г.3.

а. Машински алатки за вртење кои имаат „прецизност на позиционирање" со сите расположливи компензации, подобри (помали) од 6 µm во согласност со ИСО 230/2 (1988) долж која било линеарна оска (вкупно позиционирање) за машини со способност за обработка на дијаметар поголем од 35 mm;

Забелешка: Точка 1.Б.2.а. не се однесува на машини за вртење на шипки (Swissturn), ограничена исклучиво на обработка со уред за шипки, ако најголемиот дијаметар на шипката е еднаков или помал од 42 mm и не постои можност за монтирање на стегачки глави. Машините можат да имаат способности за дупчење и/или мелење за обработка на делови со дијаметар помал од 42 mm.

б. Машински алатки за мелење кои ги имаат кои било од следните карактеристики:

1. „Точности на позиционирање“ со сите расположливи компензации подобри (помали) од 6 µm во согласност со ИСО 230/2 (1988) долж која било линеарна оска (вкупно позиционирање);
2. Две или повеќе контурни ротирачки оски; или
3. Пет или повеќе оски кои можат да се координираат истовремено за „контурна контрола“.

Забелешка: Точка 1.Б.2.б. не се однесува на машини за мелење кои ги имаат двете следни карактеристики:

1. траекторијата на X-оската поголема од 2 m; и
2. вкупна „прецизност на позиционирање“ на x-оската полоша (повеќе) од 30 µm во согласност со ИСО 230/2 (1988).

в. Машински алатки за брусење кои имаат кои било од следните карактеристики:

1. „Точности на позиционирање“ со сите расположливи компензации подобри (помали) од 4 µm во согласност со ИСО 230/2 (1988) во која било линеарна оска (вкупно позиционирање);
2. Две или повеќе контурни ротирачки оски; или
3 Пет или повеќе оски кои можат да се координираат истовремено за „контурна контрола“.

Забелешка: Точка 1.Б.2.в. не се однесува на машини за брусење, како што следува:

1. Цилиндрични надворешни, внатрешни и надворешно-внатрешни машини за брусење, кои ги имаат сите следни карактеристики:

а. Ограничени на максимален капацитет на работниот дел со надворешен дијаметар или должина од 150 mm; и

б. Оски ограничени на x, z и c.

2. Координатни брусилки кои немаат z или w-оска со вкупна прецизност на позиционирање, помала (подобра) од 4 микрони. Прецизноста на позиционирање е во согласност со ИСО 230/2 (1988).

г. Бежични машини за електроерозиска обработка (ЕДМ) кои имаат две или повеќе контурни ротирачки оски и кои можат да се координираат истовремено за „контурна контрола“.

Забелешки: 1. Наведените нивоа за прецизност на позиционирање изведени во согласност со постапките од мерењата направени во согласност со ИСО 230/2 (1988) или националните еквиваленти, можат да се користат за секој модел на машинска алатка, доколку, наместо да се спроведуваат поединечни тестови на машина, националните власти тоа го предвидуваат и прифаќаат.

Наведената „прецизност на позиционирањето“ се изведува како што следува:

а. Изберете пет машини од еден модел кои треба да се евалуираат;

б. Измерете ги прецизностите на линеарните оски во согласност со ИСО 230/2 (1988);

в. Утврдете ги вредностите на прецизност (А) за секоја оска на секоја машина. Методот на пресметување на вредноста на прецизност е опишан во стандардот ИСО 230/2 (1988);

г. Утврдете ја средната вредност на прецизност за секоја оска. Оваа средна вредност станува наведена „прецизност на позиционирањето“ за секоја оска за моделот ($\hat{A}x$, $\hat{A}y$…);

д. Бидејќи точка 1.Б.2. се однесува на секоја линеарна оска, ќе има толку наведени вредности за „прецизност на позиционирање“ колку што има и линеарни оски;

ѓ. Ако која било оска од машинската алатка која не е опфатена со точки 1.Б.2.а., 1.Б.2.б. или 1.Б.2.в. има наведена „прецизност на позиционирање“ од 6 µm или подобра (помала) за машини за брусење и 8 µm или подобра (помала) за машини за мелење и вртење, и двете во согласност со ИСО 230/2 (1988), тогаш од производителот се бара да го потврдува нивото на прецизност на секои осумнаесет месеци.

2. Точка 1.Б.2. не се однесува на машини за посебна намена кои се ограничени на производство на кои било следни делови:

а. Менувачи

б. Коленести или запчести осовини

в. Алатки или сечачи

г. Полжави-екструдери

Технички напомени:

1. *Номенклатурата на оската е во согласност со Меѓународниот стандард ИСО 841, „Нумерички контролни машини - Номенклатура на оска и движење“.*
2. *Во вкупниот број на контурни оски не се вбројуваат секундарните контурни паралелни оски, (на пр., w-оската на хоризонтални брусилки или секундарната ротирачка оска чија средишна линија е паралелна со примарната ротирачка оска).*
3. *Ротирачките оски не секогаш ротираат над 360 степени. Ротирачката оска може да се придвижува од линеарен уред, пр. завртка или пренос со запчаници.*
4. *За целите на точка 1.Б.2., бројот на оски кои може да се координира истовремено за „контурна контрола“ е бројот на оски долж кои или околу кои, за време на обработката на работното парче, се вршат истовремени и меѓусебно поврзани движења помеѓу работното парче и алатката. Ова не опфаќа никакви дополнителни оски долж кои или околу кои се вршат други релативни движења во машината, како на пример:*
   - а. Системи за обликување на брусни плочи и машини за брусење;
   - б. Паралелни ротирачки оски проектирани за инсталирање на посебни работни парчиња;
   - в. Колинеарни ротирачки оски проектирани за манипулација на истото работно парче кои се обработуваат по пат на зацврстување во стегач од различни краеви.
5. *Машински алатки кои имаат најмалку две од трите можност за вртење, мелење или брусење (на пр. машина за вртење со можност за мелење) мораат да бидат евалуирани според секоја од применливите точки, 1.Б.2.а., 1.Б.2.б . и 1.Б.2.в.*
6. *Точки 1.Б.2.б.3 и 1.Б.2.в.3. вклучуваат машини врз основа на паралелен линеарен кинематички дизајн (на пр. хексаподи) кои имаат 5 или повеќе оски, од кои ниедна не е ротирачка оска.*

1.Б.3. Димензиски инспекциски машини, инструменти или системи, како што следува:

а. Компјутерски контролирани или нумерички контролирани координатни машини за мерење (CMM) кои ја имаат која било од следните карактеристики:

1. Имаат само две оски и имаат максимална дозволива грешка на мерење на должината долж која било оска (еднодимензионална), идентификувани како која било комбинација од E0x MPE, E0y MPE или E0z MPE, еднаква на или помала (подобра) од (1.25 + L/1

000) µm (при што L е измерената должина во mm) во која било точка во рамките на оперативниот опсег на машината (т.е. во рамките на должината на оската), во согласност со ИСО 10360-2(2009); или

2. Три или повеќе оски оски и имаат тридимензионална (волуметрична) максимална дозволива грешка на мерењето на должината (Е0, МРЕ еднаква на, или помала (подобра) од (1.7 + L/800) µm (1.7 + L/1 800) µm (при што L е измерената должина во mm) во која било точка во рамки на оперативниот опсег на машината (т.е. во рамки на должината на оската), во согласност со ИСО 10360-2(2009).

<u>Техничка напомена:</u> Најголемата допуштена грешка при мерењето на должината Е0, МРЕ при најпрецизната конфигурација на координатниот мерен уред (CMM) која произведувачот ја утврдил во согласност со стандардот ИСО 10360-2(2009) (пр. најдобро од следното: сонда, должина на иглата, параметри на движење, средина) и со сите расположливи компензации се споредува со прагот 1,7 + L/ 800 µm.

б. Инструменти за мерење на линеарно изместување, како што следува:

1. Системи за мерење без контакт со „резолуција“ еднаква или подобра (помала) од 0,2 µm во опсегот на мерење до 0,2 mm;

2. Системи на линеарен варијабилен диференцијален трансформатор (LVDT) кои ги имаат двете од следниве карактеристики:

   а. 1. „Линеарност“ еднаква или помала (подобра) од 0.1 % измерена од 0 до целосен оперативен опсег, за LVDT со оперативен опсег до 5 mm; или

      2. „Линеарност“ еднаква или помала (подобра) од 0.1 % измерена од 0 до 5 mm, за LVDT со оперативен опсег поголем од 5 mm; и

   б. Поместување еднакво или подобро (помало) од 0.1 % на ден на стандардна амбиентална собна температура за тестирање ± 1 K;

3. Мерни системи кои ги имаат и двете следни карактеристики:

   а. Содржат ласер; и

   б. одржуваат за најмалку 12 часа, при опсег на температура од ± 1 K, приближно стандардна температура и стандарден притисок:

      1. „Резолуција“ над нивниот полн опсег од 0.1 µm или подобра; и

      2. Со „мерна несигурност“ еднаква или подобра (помала) од (0.2 + L/2 000) µm (L е измерената должина во милиметри);

<u>Забелешка:</u> Точка 1.Б.3.б.3. не се однесува на системи за мерење на интерферометри, без повратна информација со затворена или отворена јамка, кои содржат ласер за мерење грешки во движење поради лизгање на машински алатки, машини за димензионална инспекција или слични уреди.

<u>Техничка напомена:</u> Во точка 1.Б.3.б. „линеарно изместување“ е промената на растојанието помеѓу мерната сонда и предметот кој се мери.

в. Мерни инструменти за аголно изместување кои имаат „отстапување од аголната позиција“ еднакво на, или подобро (помало) од 0.00025°;

<u>Забелешка:</u> Точка 1.Б.3.в. не се однесува на оптички инструменти, како што се автоколиматори, со употреба на колимирано светло (на пример, ласерско светло) за откривање аголно поместување на огледало.

г. Системи за истовремена линеарно-аголна проверка на полутопки, кои ги имаат двете од следниве карактеристики:

1. „Мерна несигурност“ долж која било линеарна оска еднаква или подобра (помала) од 3.5 µm на 5 mm; и

2. „Отстапување од аголната позиција“ еднакво или помало од 0.02°.

<u>Забелешки:</u> 1. Точка 1.Б.3. опфаќа машински алатки кои можат да се користат како мерни машини доколку ги исполнуваат или надминуваат критериумите утврдени за функциите на мерната машина.

2. Машините опишани во точка 1.Б.3. се контролираат доколку го надминуваат прагот утврден каде било во рамките на нивниот оперативен опсег.

<u>Техничка напомена:</u> Сите параметри на мерни вредности во оваа точка претставуваат плус/минус, т.е. не го претставуваат целиот појас.

1.Б.4. Индукциски печки со контролирана атмосфера (вакуум или инертен гас) и нивно напојување, како што следува:

а. Пешки кои ги имаат сите следни карактеристики:

1. Способни за функционирање на температури над 1,123 K (850 °C);

2. Индукциски калеми со дијаметар од 600 mm или помалку; и

3. Проектирани за влезна сила од 5 kW или повеќе;

<u>Забелешка:</u> Точка 1.Б.4.а. не се однесува на печките наменети за преработка на полупроводнички плочки.

б. Напојување со утврдена излезна сила од 5 kW или повеќе, посебно проектирани за печки наведени во точка 1.Б.4.а.

1.Б.5. „Изостатски преси“ и поврзана опрема, како што следува:

а. „Изостатски преси“ кои ги имаат и двете следни карактеристики:

1. Способни за постигнување на максимален работен притисок од 69 MPa или поголем; и

2. комора со празнина со внатрешен дијаметар поголем од 152 mm;

б. Матрици, калапи и контроли посебно проектирани за „изостатски преси“ наведени во став 1.Б.5.а.

<u>Технички напомени:</u> 1. Во точка 1.Б.5. „Изостатски преси“ се опрема која може да врши притисок на затворена комора со користење на различни средства (гас, течност, цврсти честички, итн) за да

создаде еднаков притисок во сите правци во внатрешноста на комората врз работното парче или материјалот.

2. *Во точка 1.Б.5. димензијата на внатрешната комора се однесуваат на комората во која се постигнати и работната температура и работниот притисок и не вклучува вградени елементи. Таа димензија ќе биде помала или од внатрешниот дијаметар од комората со притисок или од внатрешниот дијаметар на изолираната комора на печката, во зависност од тоа која од двете комори се наоѓа во внатрешноста на другата.*

1.Б.6. Системи за испитување на вибрации, опрема и составни делови, како што следува:

а. Електродинамични системи за испитување на вибрации кои ги имаат сите следни карактеристики:

1. Употребуваат контролни техники со повратна информација или затворена јамка и вклучуваат дигитална контролна единица;
2. Способни за вибрирање на 10 g RMS или повеќе помеѓу 20 и 2,000 Hz; и
3. Способни за пренесување на сила од 50 kN или поголема, измерено на „мерна маса“;

б. Дигитални контролни единици, комбинирани со „софтвер“ посебно проектирани за испитување на вибрации, со широчина на појас во реално време поголем од 5kHz и кои се проектирани за систем наведен во точка 1.Б.6.а.;

в. Предизвикувачи на вибрации (единици за мешање), со или без придружни засилувачи, што можат да пренесат сила од 50 kN или поголема, измерено на „мерна маса“ и кои се користат во системите наведени во став 1.Б.6.а.;

г. Потпорната конструкција за испитување и електронски единици проектирани за комбинирање на повеќе единици за мешање кои можат да обезбедат ефикасна комбинирана сила од 50 kN или поголема, измерено на „мерна маса“, а кои се користат за системите наведени во точка 1.Б.6.а.

<u>Техничка напомена:</u> Во точка 1.Б.6. „мерна маса“ е рамна маса или површина вез вградени елементи.

1.Б.7. Вакуумски печки за топење и леење на метали или пак со заштитен гас и соодветна опрема, како што следува:

а. Сводни печки за топење и леење кои ги имаат и двете следни карактеристики:

1. Капацитети на потрошни електроди помеѓу 1,000 и 20,000 cm3; и
2. Способни за функционирање со темепратури на топење над 1,973 K (1,850 °C);

б. Печки за топење со електронски сноп и печки за атомизација на плазма и топење, кои ги имаат и двете следни карактеристики:

1. Сила од 50 kW или поголема; и
2. Способност за функционирање со темепратури на топење над 1 473 K (1 200 °C);

в. Системи за компјутерско управување и системи за следење посебно подесени за која било од печките наведени во точка 1.Б.7.а. или 1.Б.7.б.

1.В. МАТЕРИЈАЛИ

Нема.

1.Г. СОФТВЕР

1.Г.1. „Софтвер“ посебно проектиран или изменет за „употреба“ на опремата наведена во точка 1.А.3., 1.Б.1., 1.Б.3., 1.Б.5., 1.Б.6.а., 1.Б.6.б., 1.Б.6.г. или 1.Б.7.

Забелешка: „Софтвер“ посебно проектиран или изменет за системите наведени во точка 1.Б.3.г. опфаќа „софтвер“ за истовремени мерења на дебелината на ѕидот и контурата.

1.Г.2. „Софтвер“ посебно проектиран или изменет за „развој“, „производство“ или „употреба“ на опремата наведена во точка 1.Б.2.

Забелешка: Точка 1.Г.2. не се однесува на програмски „софтвер“ кој создава командни кодови за „нумеричка контрола“, но не дозволува директна употреба на опремата за обработка на различни делови.

1.Г.3. „Софтвер“ за која било комбинација на електронски уреди или систем кој овозможува таквиот уред (таквите инструменти) да функционираат како единица за „нумеричка контрола“ за машински алатки, која е способна за контролирање на пет или повеќе интерполациски оски кои можат да се координираат истовремено за „контурна контрола“.

Забелешки:

1. „Софтвер“ се контролира било да се експортира одвоено или да се наоѓа во единица за „нумеричка контрола“ или кој било електричен уред или систем.
2. Точка 1.Г.3. не контролира „софтвер“ посебно проектиран или изменет од страна на производителите на контролната единица или машинската алатка за управување на машинска алатка која не е наведена во точка 1.Б.2.

1.Д. ТЕХНОЛОГИЈА

1.Д.1. „Технологија“ во согласност со Технолошките контроли за „развој“, „производство“ или „употреба“ на опрема, материјал или „софтвер“ наведен во 1.А. до 1.Г.

2. МАТЕРИЈАЛИ

2.А. ОПРЕМА, СКЛОПОВИ И СОСТАВНИ ДЕЛОВИ

2.А.1. Садови за топење метали направени од материјали отпорни на течни актинидни метали, како што следува:

а. Садови кои ги имаат и двете следни карактеристики:

1. Волумен помеѓу 150 cm^3 (150 ml) и 8 000 cm^3 (8 l (литри)); и

2. Изработени од, или обложени со, кој било од следните материјали, или комбинација од следните материјали кои имаат вкупно ниво на нечистотија од 2 % или помалку по тежина:
    - а. Калциум флуорид (CaF_2);
    - б. Калциум цирконат (метацирконат) ($CaZrO_3$);
    - в. Цериум сулфид (Ce_2S_3);
    - г. Ербиум оксид (ербиум) (HfO_2);
    - д. Хафниум оксид (хафниум) (HfO_2);
    - ѓ. Магнезиум оксид (MgO);
    - е. Легура на нитриден ниобиум-титаниум-волфрам (приближно 50 % Nb, 30 % Ti, 20 % W);
    - ж. Итриум оксид (итриум) (Y_2O_3); или
    - з. Циркониум оксид (циркониум) (ZrO_2);

б. Садови кои ги имаат и двете следни карактеристики:
1. Волумен помеѓу 50 cm^3 (50 ml) и 2 000 cm^3 (2 литри); и
2. Изработени од, или обложени со, тантал, со чистота од 99.9 % или повеќе по тежина;

в. Садови кои ги имаат и двете следни карактеристики:
1. Волумен помеѓу 50 cm^3 (50 ml) и 2 000 cm^3 (2 литри);
2. Изработени од, или обложени со, тантал, со чистота од 98 % или повеќе по тежина; и
3. Покриени со тантал карбид, нитрид, борид или која било комбинација од нив.

2.А.2. Платинирани катализатори посебно проектирани или подготвени за унапредување на реакцијата на размена на водородни изотопи меѓу водородот и водата за обновување на тритиум од тешка вода или за производство на тешка вода.

2.А.3. Композитни структури во облик на цевки кои ги имаат и двете следни карактеристики:

а. Внатрешен дијаметар помеѓу 75 и 400 mm; и

б. Изработени од кои било „влакнести или филаментни материјали“ наведени во точка 2.В.7.а. или јаглеродни предимпрегнирани материјали наведени во точка 2.В.7.в.

2.Б. ОПРЕМА ЗА ТЕСТИРАЊЕ И ПРОИЗВОДСТВО

2.Б.1. Постројки или уреди за тритиум и опрема за нив, како што следува:

а. Постројки или уреди за производство, обновување, екстракција, концентрација или ракување со тритиум;

б. Опрема за постројки или уреди за тритиум, како што следува:
1. Единици за ладење на водород или хелиум способни за ладење до

23 K (– 250 °C) или помалку, со капацитет за отстранување на топлина поголем од 150 W;

2. Системи за чување и прочистување на изотопи на водород со употреба на метални хидриди како средство за чување или прочистување.

2.Б.2. Објекти и постројки за сепарација на изотопи на литиум и системи и опрема за нив, како што следува:

Забелешка: Одредена опрема и составни делови за сепарација на изотопи на литиум за процесот на сепарација на плазма (ПСП), исто така, директно се применливи на сепарацијата на изотопи на ураниум и се контролираат според INFCIRC/254 Дел 1 (како што е изменет).

а. Постројки или уреди за сепарација на изотопи на литиум;

б. Опрема за сепарација на изотопи на литиум заснована врз процесот со амалгам на литиум-жива, како што следува:

1. Запечатени колони за размена на течност-течност, посебно проектирани за амалгами на литиум;
2. Пумпи со амалгам на жива или литиум;
3. Ќелии за електролиза на амалгам на литиум;
4. Испарувачи за концентриран раствор на литиум хидроксид;

в. Системи за размена на јони посебно проектирани за сепарација на изотопи на литиум и посебно проектирани составни делови за нив;

г. Системи за хемиска размена (кои употребуваат крунести етери, криптанди или улар-етери) посебно проектирани за сепарација на изотопи на литиум и посебно проектирани составни делови за нив.

2.В. МАТЕРИЈАЛИ

2.В.1. Легури на алуминиум кои ги имаат и двете следни карактеристики:

а. „Можат да поднесат“ крајна затегнувачка цврстина од 460 MPa или поголема на 293 K (20 °C); и

б. Во облик на цевки или цилиндрични тврди форми (вклучувајќи и ковани облици) со надворешен дијаметар поголем од 75 mm.

Техничка напомена: Во точка 2.В.1. фразата „можат да поднесат“ опфаќа легури на алуминиум пред или по топлинскиот третман.

2.В.2. Берилиум како метал, легури кои содржат повеќе од 50 % берилиум по тежина, соединенија на берилиум, нивни производи и нивни отпадни делови и отпад.

Забелешка: Точка 2.В.2. не се однесува на следното:

а. Метални прозорци за машини за X-зраци или за уреди за бушење;

б. Оксидни облици во произведени или полупроизведени облици посебно проектирани за електронски составни делови или како супстрати за електрични кола;

в. Берил (силикат на берилиум и алуминиум) во облик на смарагд или аквамарин.

2.B.3. Бизмут кој ги има и двете следни карактеристики:

а. Чистота од 99.99 % или поголема по тежина; и

б. Содржи помалку од 10 ppm (делови на милион) на сребро по тежина.

2.B.4. Бор збогатен со изотоп бор-10 (^{10}B) до повеќе од неговата природна честота на изотопи, како што следува: елементарен бор, смеси кои содржат бор, негови производи, отпад или отпадни делови од нив.

Забелешка: Во точка 2.B.4. смесите кои содржат бор опфаќаат материјали кои содржат бор.

Техничка напомена: Природната честота на изотопи на бор-10 е приближно 18.5 масен удел (20 постотен атомски удел).

2.B.5. Калциум кој ги има и двете следни карактеристики:

а. Содржи помалку од 1000 делови на милион по тежина метални нечистотии различни од магнезиум; и

б. Содржи помалку од 10 делови на милион по тежина на бор.

2.B.6. Хлор трифлуорид (ClF3).

2.B.7. „Влакнести или филаментни материјали“ и предимпрегнирани материјали, како што следува:

а. Јаглеродни или арамидни „влакнести или филаментни материјали“ кои имаат која било од следната карактеристика:

1. „Специфичен модул“ од 12.7 × 10^6 m или поголем; или
2. „Специфична затегнувачка цврстина“ од 23.5 × 10^4 m или поголем;

Забелешка: Точка 2.B.7.а. не се однесува на арамидни „влакнести или филаментни материјали“ кои имаат 0.25 % или повеќе по тежина на модификаторот на површина на влакна на база на естер.

б. Стаклени „влакнести или филаментни материјали“ кои ги имаат двете следни карактеристики:

1. „Специфичен модул“ од 3.18 × 10^6 m или поголем; и
2. „Специфична затегнувачка цврстина“ од 7.62 × 10^4 m или поголема;

в. Непрекинати импрегнирани „предива“, „прамени“, „јажиња“ или „ленти“ со со термоактивна смола со ширина од 15 mm или помалку (препреги), изработени од јаглерод или стаклени „влакнести или филаментни материјали“ утврдени во точка 2.B.7.а. или точка 2.B.7.б.

Техничка напомена: Смолата ја формира матрицата на смесата.

Технички напомени: 1. *Во точка 2.B.7. „Специфичниот модул“ е модулот на Јанг во N/m^2 поделен со специфичната тежина во N/m^3 измерена на температура од 296 ± 2 K (23 ± 2 °C) и релативна влажност од 50 ± 5 %.*

2. *Во точка 2.В.7. „Специфичната затегнувачка цврстина“ е крајната затегнувачка цврстина во N/m^2 поделен со специфичната тежина во N/m^3 измерена на температура од 296 ± 2 K (23 ± 2 °C) и релативна влажност од 50 ± 5 %.*

2.В.8. Метал хафниум, легури кои содржат повеќе од 60 % хафниум по тежина, соединенија на хафниум кои содржат повеќе од 60 % хафниум по тежина, нивни производи и нивни отпадни делови и отпад.

2.В.9. Литиум збогатен во изотопот литиум-6 (^{6}Li) до повеќе од неговата природна честота на изотопи и производи или уреди кои содржат збогатен литиум, како што следува: елементарен литиум, легури, соединенија, смеси кои содржат литиум, негови производи, отпад или отпадни делови од нив.

Забелешка: Точка 2.В.9. не се однесува на термолуминесцентни дозиметри.

Техничка напомена: Природната честота на изотопи на литиум-6 е приближно 6.5 тежински удел (7,5 постотен атомски удел).

2.В.10. Магнезиум кој ги има и двете следни карактеристики:

а. Содржи помалку од 200 делови на милион по тежина метални нечистотии различни од калциум; и

б. Содржи помалку од 10 делови на милион по тежина на бор.

2.В.11. Легиран челик кој „може да поднесе“ максимална затегнувачка цврстина од 1950 MPa или повеќе на 293 K (20 °C).

Забелешка: Точка 2.В.11. не се однесува на форми во кои сите линеарни димензии се 75 mm или помалку.

Техничка напомена: Во точка 2.В.11. фразата „можат да поднесат“ опфаќа легиран челик пред или по топлинскиот третман.

2.В.12. Радиум-226 (^{226}Ra), легури на радиум-226, соединенија на радиум-226, смеси кои содржат радиум-226, производи од нив и производи или уреди кои содржат што било од горенаведеното.

Забелешка: Точка 2.В.12. не се однесува на следното:

а. Медицински апликатори;

б. Производ или уред кој содржи помалку од 0.37 GBq радиум-226.

2.В.13. Легури на титаниум кои ги имаат двете следни карактеристики:

а. „Можат да поднесат“ крајна затегнувачка цврстина од 900 MPa или поголема на 293 K (20 °C); и

б. Во облик на цевки или цилиндрични тврди форми (вклучувајќи и ковани облици) со надворешен дијаметар поголем од 75 mm.

Техничка напомена: Во точка 2.В.13. фразата „можат да поднесат“ опфаќа легури на титаниум пред или по топлинскиот третман.

2.В.14. Волфрам, волфрамкарбид и легури кои содржат повеќе од 90% од тежината на волфрам, кои ги имаат и двете следни карактеристики:

а. Во форми со вдлабната цилиндрична симетрија (вклучувајќи цилиндрични сегменти) со внатрешен дијаметар од 100 mm и 300 mm; и

б. Маса поголема од 20 kg.

Забелешка: Точка 2.В.14. не се однесува на производи посебно проектирани како тегови или колиматори со гама зраци.

2.В.15. Циркониум со содржина на хафниум од помалку од 1 дел хафниум до 500 делови циркониум по тежина, како што следува: метал, легури кои содржат повеќе од 50% од тежината на циркониум, соединенија, нивни производи, отпад и отпадни делови од горенаведеното.

Забелешка: Точка 2.В.15. не се однесува на циркониум во облик на фолија со дебелина од 0.10 mm или помалку.

2.В.16. Прав од никел и порозен метал на никел, како што следува:

Забелешка: За прав од никел кој е посебно подготвен за произодство на бариери од гасна дифузија, види INFCIRC/254/Дел 1 (како што е изменет).

а. Прав од никел кој ги има и двете следни карактеристики:

1. Содржина на чистота на никел од 99.0 % или поголема по тежина; и
2. Средна големина на честички помала од 10 μm измерена по стандардот ASTM B 330;

б. Порозен никел метал произведен од материјали наведени во точка 2.В.16.а.

Забелешка: Точка 2.В.16. не се однесува на следното:

а. Филаментни правови од никел;

б. Единечни листови од порозен никел метал со површина од 1000 cm^2 по лист или помалку.

Техничка напомена: Точка 2.В.16.б. се однесува на порозен метал формиран со валање и синтерување на материјалот од точка 2.В.16.а. за да се формира метален материјал со фини пори меѓусебно поврзани низ целата структура.

2.В.17. Тритиум, соединенија на тритиум, смеси кои содржат тритиум во кои соодносот на тритиум наспроти атоми на водород надминува 1 дел во 1000 и производи или уреди кои содржат што било од горенаведеното.

Забелешка: Точка 2.В.17. не се однесува на производ или уред кој содржи помалку од 1.48×10^3 GBq тритиум. 2.В.18. Хелиум-3 (^{3}He), смеси кои содржат хелиум-3 и производи или уреди кои содржат што било од горенаведеното.

Забелешка: Точка 2.В.18. не се однесува на производ или уред кој содржи помалку од 1 g хелиум-3.

2.В.19. Радионуклиди соодветни за создавање на извори на неутрони врз основа на алфа-н реакција:

Актиниум 225
Актиниум 227
Калифорниум 253
Куриум 240
Куриум 241
Куриум 242
Куриум 243
Куриум 244
Ајнштајниум 253
Ајнштајниум 254
Гадолиниум 148
Плутониум 236
Плутониум 238
Полониум 208
Полониум 209
Полониум 210
Радиум 223
Ториум 227
Ториум 228
Ураниум 230
Ураниум 232

Во следните облици:

а. Елементарен;

б. Соединенија кои имаат вкупна активност од 37 GBq по kg или поголема;

в. Смеси кои имаат вкупна активност од 37 GBq по kg или поголема;

г. Производи или уреди кои содржат што било од горенаведеното.

Забелешка: Точка 2.В.19. не се однесува на производ или уред кој содржи помалку од 3.7 GBq активност.

2.В.20. Рениум и легури кои содржат 90 % по тежина или повеќе рениум; и легури на рениум и волфрам кои содржат 90 % по тежина или повеќе на комбинација на рениум и волфрам, со двете од следните карактеристики:

а. Во форми со шуплива цилиндрична симетрија (вклучувајќи цилиндрични сегменти) со внатрешен дијаметар од 100 mm и 300 mm; и

б. Маса поголема од 20 kg.

2.Г. СОФТВЕР

Нема

2.Д. ТЕХНОЛОГИЈА

2.Д.1. „Технологија“ во согласност со Технолошките контроли за „развој“, „производство“ или „употреба“ на опрема, материјал или „софтвер“ наведен во 2.А. до 2.Г.

3. ОПРЕМА И СОСТАВНИ ДЕЛОВИ ЗА СЕПАРАЦИЈА НА ИЗОТОПИ НА УРАНИУМ (Различна од предметите во Контролниот список)

3.А. ОПРЕМА, СКЛОПОВИ И СОСТАВНИ ДЕЛОВИ

3.А.1. Изменувачи или генератори на фреквенција кои можат да се употребуваат како моторен погон на варијабилна или фиксна фреквенција, со секоја од следните карактеристики:

Забелешка 1: Изменувачите и генераторите на фреквенција посебно проектирани или подготвени за процесот на гасна центрифуга се контролираат според INFCIRC/254/Дел 1 (како што е изменет).

Забелешка 2: „Софтвер“ посебно проектиран за подобрување или ослободување на функционалноста на изменувачите или генераторите на фреквенција за да ги исполни карактеристиките подолу, е опфатен во 3.Г.2. и 3.Г.3.

а. Повеќефазен излез кој дава сила од 40 VA или повеќе;

б. Функционира на фреквенција од 600 Hz или повеќе; и

в. Контрола на фреквенција подобра (помала) од 0.2 %.

Забелешки: 1. Точка 3.А.1. опфаќа само изменувачи на фреквенција наменети за посебна индустриска машинерија и/или потрошувачка стока (машински алатки, возила и.т.н.) ако изменувачите на фреквенција можат да ги исполнат карактеристиките погоре кога се отстранети и подлежат на Општата забелешка 3.

2. Заради контрола на извозот, Владата ќе одлучи дали одреден изменувач на фреквенција ги исполнува карактеристиките погоре или не, земајќи ги предвид хардверските и софтверските пречки.

Технички напомени: 1. *Изменувачите на фреквенција во точка 3.А.1. исто така се познати и како конвертори или инвертори.*

2. *Карактеристиките наведени во точка 3.А.1. можат да се исполнат со одредена опрема на пазарот, како на пример: генератори, електронска опрема за испитување, извори на наизменична струја, моторни погони со варијабилна брзина, погони со варијабилна брзина (ПВБ), погони со варијабилна фреквенција (ПВФ), погодни со приалгодлива фреквенција (ППФ) или погони со прилагодлива брзина (ППБ).*

3.А.2. Ласери, ласерски засилувачи и осцилатори, како што следува:

а. Ласери со бакарна пареа кои ги имаат и двете следни карактеристики:

1. Работат на бранови должини помеѓу 500 и 600 nm; и
2. Просечна излезна сила еднаква на или поголема од 30 W;

б. Аргон јонски ласери кои ги имаат и двете следни карактеристики:

1. Работат на бранови должини помеѓу 400 и 515 nm; и
2. Просечна излезна сила поголема од 40 W;

в. Неодимиумски допирани (освен стакло) ласери со излезна бранова должина помеѓу 1 000 и 1 100 nm кои имаат која било од следниве карактеристики:

1. импулсна ексцитација и преклоп Q со времетраење на импулс еднакво на или поголемо од 1 ns, и имаат кои било од следниве карактеристики:
   - а. Единствен трансверзален излезен мод со просечна излезна моќност поголема од 40 W; или
   - б. Повеќекратен трансверзален излезен мод со просечна излезна моќност поголема од 50 W; или

2. Вклучувајќи двојно зголемување на фреквенцијата на излезна бранова должина помеѓу 500 и 550 nm со просечна излезна моќност поголема од 40 W;

г. Прилагодливи импулсни осцилатори со ласери во боја со еден мод, кои ги имаат сите следни карактеристики:

1. Работат на бранови должини помеѓу 300 и 800 nm;
2. Просечна излезна сила поголема од 1 W;
3. Стапка на повторување поголема од 1 kHz; и
4. Широчина на импулс помала од 100 ns;

д. Прилагодливи импулсни засилувачи и осцилатори на ласери во боја, со еден мод, кои ги имаат сите следни карактеристики:

1. Работат на бранови должини помеѓу 300 и 800 nm;
2. Просечна излезна сила поголема од 30 W;
3. Стапка на повторување поголема од 1 kHz; и
4. Широчина на импулс помала од 100 ns;

Забелешка: Точка 3.А.2.д. не се однесува на осцилатори со единечен мод.

в. Александритни ласери кои ги имаат сите следни карактеристики:

1. Работат на бранови должини помеѓу 720 и 800 nm;
2. Појас од 0.005 nm или помалку;
3. Стапка на повторување поголема од 125 Hz; и
4. Просечна излезна сила поголема од 30 W;

в. Импулсни јаглерод-диоксидни ласери кои ги имаат сите следни карактеристики:

1. Работат на бранови должини помеѓу 9 000 и 11 000 nm;
2. Стапка на повторување поголема од 250 Hz;
3. Просечна излезна сила поголема од 500 W; и
4. Широчина на импулс помала од 200 ns;

Забелешка: Точка 3.А.2.е. не ги опфаќа индустриските CO_2 ласери со висока моќност (обично 1 до 5 kW) кои се употребуваат за сечење и заварување, бидејќи вторите се или со постојан бран или се импулсни со широчина на импулс поголема од 200 ns.

ж. Импулсни ексцајмер-ласери (XeF, XeCl, KrF) кои ги имаат сите од следните карактеристики:

1. Работат на бранови должини помеѓу 240 и 360 nm;
2. Стапка на повторување поголема од 250 Hz; и
3. Просечна излезна сила поголема од 500 W;

з. Параводородни уреди за преместување на Раман проектирани за работа при излезна бранова должина од 16 µm и со стапка на повторување поголема од 250 Hz.

ѕ. Импулсни јаглерод-моноксидни ласери кои ги имаат сите следни карактеристики:

1. Работат на бранови должини помеѓу 5 000 и 6 000 nm;
2. Стапка на повторување поголема од 250 Hz;
3. Просечна излезна сила поголема од 200 W; и
4. Широчина на импулс помала од 200 ns.

Забелешка: Точка 3.А.2.ѕ. не ги опфаќа индустриските CO ласери со висока моќност (обично 1 до 5 kW) кои се употребуваат за сечење и заварување, бидејќи вторите се или со постојан бран или се импулсни со широчина на импулс поголема од 200 ns.

3.А.3. Вентили кои ги имаат сите следни карактеристики:

а. Номинална големина од 5 mm или повеќе;

б. Кои имаат запечатени дувала; и

в. Целосно се направени од или се обложени со алуминиум, легура на алуминиум, никел или легура на никел кои содржат повеќе од 60 % никел по тежина.

Техничка напомена: За вентили со различен влезен и излезен дијаметар, параметарот со номинална големина во точка 3.А.3.а се однесува на најмалиот дијаметар.

3.А.4. Суперпроводливи соленоидни електромагнети кои ги имаат сите следни карактеристики:

а. Можат да создадат магнетни полиња поголеми од 2 T;

б. Соодноc на должината наспрема внатрешниот дијаметар поголем од 2;

в. Внатрешен дијаметар поголем од 300 mm; и

г. Униформираност на магнетното поле подобра од 1 % над централните 50 % од внатрешниот волумен.

Забелешка: Точка 3.А.4. не се однесува на магнети посебно проектирани за и експортирани *како дел од* системите за создавање слика од медицинската нуклеарна магнетна резонанца (НМР).

Забелешка: *Како дел од,* не секогаш значи физички дел во истата пратка. Посебните пратки од различни извори се дозволени, доколку сродните документи за извоз јасно ја наведуваат врската *како дел од.*

3.А.5. Уреди со високоенергетска еднонасочна струја кои ги имаат и двете следни карактеристики:

а. Способни постојано да произведуваат, во текот на период од 8 часа, 100 V или повеќе со излезна струја од 500 A или повеќе; и

б. Стабилност на струјата или напонот подобра од 0.1 % во текот на период од 8 часа.

3.А.6. Високонапонски уреди на еднонасочна струја кои ги имаат и двете следни карактеристики:

а. Способни постојано да произведуваат, во текот на период од 8 часа, 20 kV или повеќе со излезна струја од 1 А или повеќе; и

б. Стабилност на струјата или волтажата подобра од 0.1 % во текот на период од 8 часа.

3.А.7. Сите видови на претворачи на притисок со кои може да се мери апсолутниот притисок и со секој од следниве карактеристики:

а. Елементи чувствителни на промени во притисокот направени од алуминиум, алуминиумски легури, алуминиум оксид (глина или сафир), никел или легура на никел со тежина на никел поголема од 60% или целосно флуорирани полимери на јаглеводород, или заштитени со нив;

б. Пломби, доколку ги има, потребни за запечатување на елементите чувствителни на промените на притисокот и во директен контакт со процесниот медиум, направени од алуминиум, алуминиумски легури, алуминиум оксид (глина или сафир), никел или легура на никел со тежина на никел поголема од 60% или целосно флуорирани полимери на јаглеводород, или заштитени со нив;

в. Кои имаат која било од следните карактеристики:

1. Мерен опсег на помалку од 13 kPa и „точност“ подобра од ± 1% од целиот мерен опсег; или

2. Мерен опсег од 13 kPa или поголем и „точност“ подобра од ± 130 Pa при мерење на 13 kPa.

Технички напомени: 1. *Во точка 3.А.7. претворачите на притисок се уреди кои ги конвертираат мерењата на воздухот во сигнал.*

2. *Во точка 3.А.7. „точност“ опфаќа нелинеарност, хистереза и повторливост на амбиентална температура.*

3.А.8. Вакуумски пумпи кои ги имаат сите следни карактеристики:

а. Влезна големина на грлото еднаква или поголема од 380 mm;

б. Брзина на испумпување еднаква или поголема од 15 m^3/s; и

в. Способни за производство на конечен вакуум подобар од 13.3 mPa.

Технички напомени: 1. *Брзината на испумпување се утврдува на точката на мерење со азотен гас или воздух.*

2. *Конечниот вакуум се утврдува на излезот на пумпата со затворен излез на пумпата.*

3.А.9 Спирални компресори со дувала и спирални вакуумски пумпи со дувала кои ги имаат сите следни карактеристики:

а. Способни за постигнување на влезниот волуменски проток од 50 m^3/час или повеќе;

б. Способни за постигнување на соодносот на притисокот од 2:1 или повеќе; и в. Сите површини кои доаѓаат во допир со процесниот гас да се изработени од кој било од следните материјали:

1. Алуминиум или легура на алуминиум;
2. Алуминиум оксид;
3. Не'рѓосувачки челик;
4. Никел или легура на никел;
5. Фосфорна бронза; или
6. Флуорополимери.

<u>Технички напомени:</u> 1. *Во спирален компресор или вакуумска пумпа, плински џебови во облик на полумесечина не можат да се помрднат од областа помеѓу еден или повеќе парови меѓусебно испреплетени спирални лопатки или спирали, од кои една е подвижна, а другата статична. Спиралата која е подвижна кружи околу фиксираната спирала и не се врти околу самата себе. Како што подвижната спирала кружи околу статичната спирала, гасните џебови се намалуваат во големина (т.е. се компресирани) како што се движат кон излезниот отвор на машината.*

2. *Во спирален компресор со дувала или вакуумска пумпа, процесниот гас е целосно изолиран од подмачканите делови на пумпата и од надворешната атмосфера со метални дувала. Еден крај на дувалата се прикачува на подвижната спирала, а другиот на статичното куќиште од пумпата.*

3. *Флуорополимерите опфаќаат, без да се ограничуваат на нив, еден од следниве материјали:*

   а. Политетрафлуороетилен (ПТФЕ),
   б. Флуориниран етилен пропилен (ФЕП),
   в. Перфлуороалкокси (ПФА),
   г. Полихлоротрифлуороетилен (ПЦТФЕ); и
   д. Винилиден флуорид-хексафлуоропропилен кополимер.

3.Б. ОПРЕМА ЗА ТЕСТИРАЊЕ И ПРОИЗВОДСТВО

3.Б.1. Електролитски ќелии за производство на флуор со излезен капацитет поголем од 250 g флуор на час.

3.Б.2. Опрема за производство или склопување на ротори, опрема за исправување на ротори, шкрипци и калапи за формирање дувала, како што следува:

а. Опрема за склопување на ротори за склопување на делови на цевките, прегради и крајни капаци на роторот на гасната центрифуга;

<u>Забелешка:</u> Точка 3.Б.2.а. вклучува прецизни шкрипци, уреди за притегнување и машини за смалување.

б. Опрема за исправување на ротори за порамнување на деловите на роторските цевки на гасната центрифуга со заедничката оска;

<u>Техничка напомена:</u> Во точка 3.Б.2б. таквата опрема обично се состои од прецизни мерни сонди кои се поврзани со компјутер кој последователно го контролира дејството на, на пример, пневматските клипови кои се користат за порамнување на деловите со роторски цевки.

в. Шкрипци и калапи за формирање на дувала за производство на дувала со еднократна конволуција.

<u>Техничка напомена:</u> Дувалата наведени во точка 3.Б.2.в. ја имаат секоја од следните карактеристики:

1. *Внатрешен дијаметар помеѓу 75 и 400 mm;*
2. *Должина еднаква или поголема на 380 mm;*
3. *Еднократна конвулутивна длабочина поголема од 2 mm; и*
4. *Изработени од легури на алуминиум со голема цврстина, легиран челик или „влакнести или филаментни материјали“ со голема цврстина.*

3.Б.3. Центрифугални машини за рамнотежа во повеќе рамнини, фиксни или преносливи, хоризонтални или вертикални, како што следува:

а. Центрифугални машини за рамнотежа проектирани за балансирање на флексибилни ротори кои имаат должина од 600 mm или повеќе и кои ги имаат сите следни карактеристики:

1. Осцилирачки или дијаметар на лежиште поголем од 75 mm;
2. Носивост од 0.9 до 23 kg; и
3. Способни за балансирање на брзина на вртење поголема од 5000 вртежи во минута;

б. Центрифугални машини за рамнотежа проектирани за балансирање на составни делови на шуплив цилиндричен ротор и кои ги имаат сите следни карактеристики:

1. Дијаметар на лежиште поголем од 75 mm;
2. Носивост од 0.9 до 23 kg;
3. Способност за балансирање до останата неурамнотеженост еднаква или помала од 0.010 kg × mm/kg на поединечна рамнина; и
4. Работа на ременски погон.

3.Б.4. Машини за намотување на филамент и сродна опрема, како што следува:

а. Машини за намотување на филамент кои ги имаат сите следни карактеристики:

1. Нивното движење за поставување, замотување и намотување влакна е координирано и програмирано во две или повеќе оски;
2. Посебно проектирани за производство на композитни структури или ламинати од „влакнести или филаментни материјали“; и
3. Способни за намотување на цилиндрични цевки со внатрешен дијаметар помеѓу 75 и 650 mm и должини од 300 mm или повеќе;

б. Координирање и програмски контроли за машини за намотување на филамент наведени во 3.Б.4.а.;

в. Прецизни шкрипци за намотување на филамент наведени во 3.Б.4.а.;

3.Б.5. Електромагнетни сепаратори на изотопи проектирани за или опремени со, единечни или повеќекратни извори на јони способни за да дадат вкупна енергија на јонскиот сноп од 50 mA или поголема.

Забелешки: 1. Точка 3.Б.5. опфаќа сепаратори способни за збогатување на стабилни изотопи, како и оние за ураниум.

Забелешка: Сепаратор способен за сепарација на изотопи на олово со разлика од една единица на маса во себе има способност за збогатување на изотопи на ураниум со разлика од три единици на маса.

2. Точка 3.Б.5. опфаќа сепаратори со извори на јони и колектори и двате во магнетното поле и оние конфигурации во кои тие се наоѓаат надвор од полето.

Техничка напомена: Единечен извор на јони од 50 mA не може да произведе повеќе од 3 g издвоен високо-збогатен ураниум (ХЕУ) годишно од природни вредности.

3.Б.6. Спектрометри на маса кои можат да мерат јони од 320 атомски единици на маса или повеќе и кои имаат резолуција поголема од 2 дела во 230, како што следува, и извори на јони од нив:

Забелешка: Спектрометри на маса посебно проектирани или подготвени за директна анализа на примероци на ураниум се контроилраат според INFCIRC/254/Дел 1 (како што следува).

а. Спектрометри на маса со индуктивно врзана плазма (ИЦП/МС);

б. Спектрометри на маса со светлечко празнење (ГДМС);

в. Спектрометри на маса со термичка јонизација (ТИМС);

г. Спектрометри на маса со бомбардирање со електрони, кои ги имаат двете следни карактеристики:

1. Систем за влез на молекуларен зрак со кој се вметнуваат паралелни зраци на молекулите на аналит во регионот на изворот на јони каде молекулите се јонизираат со електронски сноп; и
2. Една или повеќе ладни стапици кои можат да се изладат до температура од 193 K (-80 °C) или помалку со цел да се уловат молекулите на аналит кои не се јонизирани со електронскиот сноп;

д. Спектрометри на маса опремени со извор за микрофлуоринација на јони проектирани за актиниди или актинидни флуориди.

Технички напомени: 1. *Точка 3.Б.6.г опишува спектрометри на маса кои обично се користат за изотопска анализа на UF6 гасни примероци.*

2. *Спектрометри на маса за бомбардирање со електрони во точка 3.Б.6.г исто така се познати како спектрометри на маса со електронско влијание или спектрометри на маса за електронска јонизација.*

3. *Во точка 3.Б.6.г.2, „ладна стапица“ е уред кој уловува гасни молекули со ниво кондензирање или замрзнување на ладни површини. За целите на овој внес, гасна хели-криогенска вакуумска пумпа со затворена јамка не е ладна стапица.*

3.В. МАТЕРИЈАЛИ

Нема.

3.Г. СОФТВЕР

3.Г.1. „Софтвер“ посебно проектиран за „употреба“ на опремата наведена во точки 3.А.1., 1.Б.3. или 3.Б.4.

3.Г.2. „Софтвер“ или шифри/клучеви за шифрирање посебно проектирани за подобрување или ослободување на функционалните карактеристики на опремата која не е опфатена од точка 3.А.1. за да ги исполни или надмине карактеристиките наведени во точка 3.А.1.

3.Г.3 „Софтвер“ посебно проектиран за подобрување или ослободување на функционалните карактеристики на опремата опфатена во точка 3.А.1.

3.Д. ТЕХНОЛОГИЈА

3.Д.1. „Технологија“ во согласност со Технолошките контроли за „развој“, „производство“ или „употреба“ на опрема, материјал или „софтвер“ наведен во 3.А. до 3.Г.

4. ОПРЕМА ПОВРЗАНА СО ПОСТРОЈКИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ТЕШКА ВОДА (Освен предметите од Контролниот список)

4.А. ОПРЕМА, СКЛОПОВИ И СОСТАВНИ ДЕЛОВИ

4.А.1. Специјализирани пакувања кои можат да се користат во одвојувањето на тешката од обичната вода, кои ги имаат и двете следни карактеристики:

а. Изработени од фосфорна бронзена клопка која хемиски е обработена за подобрување на својството на влажност; и

б. Прокетирани за да се употребуваат во вакуумски дестилациски кули.

4.А.2. Пумпи кои се способни да циркулираат раствори од концентриран или разреден катализатор на калиум амид во течен амонијак (KNH_2/NH_3), кои ја имаат секоја од следните карактеристики:

а. Не пропуштаат воздух (т.е. херметички затворени);

б. Капацитет поголем од 8.5 m^3/h; и

в. Кои имаат која било од следните карактеристики:

1. За концентрирани раствори од калиум амид (1% или повеќе), оперативен притисок од 1.5 до 60 MPa; или
2. За раствори од разреден калиум амид (помалку од 1%), оперативен притисок од 20 до 60 MPa.

4.А.3. Турбоекспандери или сетови од турбоекспандери-компресори кои ги имаат и двете следни карактеристики:

а. Проектирани за функционирање со излезна температура од 35 K (– 238 °C) или помалку; и

б. Проектирани за пропустлива моќ на водороден гас од 1 000 kg/h или повеќе.

4.Б. ОПРЕМА ЗА ТЕСТИРАЊЕ И ПРОИЗВОДСТВО

4.Б.1. Колони за размена на вода и водород сулфид и внатрешни контактори, како што следува:

Забелешка: За колони кои се посебно проектирани или подготвени за производство на тешка вода, види INFCIRC/ 254/Дел 1 (како што е изменет).

а. Колони за размена на вода и водород сулфид кои ги имаат сите следни карактеристики:

1. Можат да функционираат на притисок од 2 MPa или повеќе;
2. Изработени од јаглероден челик и со број на големина на зрно на аустенит од 5 или повеќе во согласност со стандардот АСТМ (или еднаков стандард); и
3. Со дијаметар од 1,8 m или повеќе;

б. Внатрешни контрактори за колоните за размена на вода-водород сулфид наведени во точка 4.Б.1.а.

Техничка напомена: Внатрешните контрактори на колоните се сегментирани корита кои имаат ефективен склопен дијаметар од 1.8 m или повеќе; се проектирани за олеснување на противструјниот допир и се изработени од не'рѓосувачки челик со содржина на јаглерод од 0.03 % или помала. Тие можат да бидат ситасти корита, вентилни корита, корита со меурести капаци или корита со турбо-мрежа.

4.Б.2. Колони за криогена дестилација на водород кои ги имаат сите следни карактеристики:

а. Проектирани за функционирање на внатрешна температура од 35 K (– 238 °C) или помалку;

б. Проектирани за функционирање на внатрешни притисоци од 0.5 до 5 MPa;

в. Изработени или од:

1. Не'рѓосувачки челик од серијата 300 со ниска содржина на сулфур и со број на големина на зрно на аустенит од 5 или повеќе во согласност со стандардот АСТМ (или еднаков стандард); или
2. Еквивалентни материјали кои се и криогенски и H2-компатибилни; и

г. Со внатрешни дијаметри од 30 cm или повеќе и „ефективни должини“ од 4 m или повеќе.

Техничка напомена: Изразот „ефективна должина“ е активната височина на материјалот за запечатување во запечатена колона или активната височина на внатрешните контакторски плочи во плочеста колона.

4.Б.3. *[Повеќе не се употребува - од 14 јуни 2013 година]*

4.В. МАТЕРИЈАЛИ

Нема.

4.Г. СОФТВЕР

Нема.

4.Д. ТЕХНОЛОГИЈА

4.Д.1. „Технологија“ во согласност со Технолошките контроли за „развој“, „производство“ или „употреба“ на опрема, материјал или „софтвер“ наведен во 4.А. до 4.Г.

5. ОПРЕМА ЗА ТЕСТИРАЊЕ И МЕРЕЊЕ ЗА РАЗВОЈ НА НУКЛЕАРЕН ЕКСПЛОЗИВ

5.А. ОПРЕМА, СКЛОПОВИ И СОСТАВНИ ДЕЛОВИ

5.А.1. Фотомултипликациски цевки кои ги имаат и двете следни карактеристики:

а. Фотокатодна област поголема од 20 cm^2; и

б. Траење на порастот на импулсот на анодата помалку од 1ns.

5.Б. ОПРЕМА ЗА ТЕСТИРАЊЕ И ПРОИЗВОДСТВО

5.Б.1. Генератори на трепкави X-зраци или импулсни акцелератори на електрони кои имаат која било од следниот збир од карактеристики:

а. 1. Најголема енергија на електроните од акцелераторот од 500 keV или поголема, но помала од 25 MeV; и

2. Со фактор на квалитет (К) од 0.25 или повеќе; или

б. 1. Најголема енергија на електроните од акцелераторот од 25 MeV или поголема; и

2. Најголема сила поголема од 50 MW.

<u>Забелешка:</u> Точка 5.Б.1. не се однесува на акцелератори кои се составни делови на уредите проектирани за целите различни од електронски сноп или зрачење од X-зраци (микроскопија на електрони, на пример), ниту на оние проектирани за медицински цели.

Технички напомени: 1. *Факторот на квалитет K се дефинира како: $K = 1.7 \times 10^3 V^{2.65} Q$. V е најголемата енергија на електрони во милиони електронски волти. Ако траењето на импулсот на снопот на акцелераторот е помало од или еднакво на 1 µs, тогаш Q е вкупното забрзано полнење во кулони. Ако траењето на импулсот на снопот на акцелераторот е поголемо од 1 µs, тогаш Q е максималното забрзано полнење во 1 µs. Q е еднакво на интеграл од i во однос на t, врз помалку од 1 µs или времетраењето на импулсот на снопот ($Q = \int idt$), при што i е струјата на снопот во ампери и i е времето во секунди.*

2. *Најголема сила = (најголем потенцијал во волти) x (најголемата струја на снопот во ампери).*

3. *Во машини засновани на шуплини со забрзани микробранови, времетраењето на импулсот на снопот е помало од 1 µs или траењето на пакетот на зраците во сноп кои произлегуваат од еден импулс на микробранов модулатор.*

4. *Во машини засновани на шуплини со забрзани микробранови, најголемата струја на снопот е просечната струја во времетраењето на пакетот на зраците во сноп.*

5.Б.2. Системи со топови со голема брзина (на гориво, гас, навои, електромагнетски и електротермички видови и други напредни системи) кои се способни за забрзување на проектили до 1.5 km/s или повеќе.

Забелешка: Оваа точка не се однесува на топови посебно проектирани за системи за оружје со голема брзина.

5.Б.3. Камери со голема брзина и уреди за создавање слика и составни делови за нив, како што следува:

Забелешка: „Софтвер“ посебно проектиран за подобрување или ослободување на функционалноста на камерите или уредите за создавање слика за да ги исполни карактеристиките подолу, е опфатен во 5.Г.1. и 5.Г.2.

а. Камери кои даваат пругаста слика и посебно проектирани составни делови за нив, како што следува:
   1. Камери кои даваат пругаста слика со брзина на запис поголема од 0.5 mm/μs;
   2. Електронски камери кои даваат пругаста слика способни за 50 ns или помала временска резолуција;
   3. Пругасти цевки за камери наведени во 5.Б.3.а.2.;
   4. Приклучоци посебно проектирани за употреба со камери кои даваат пругаста слика кои имаат модуларни структури и кои ги овозможуваат функционалните спецификации во 5.Б.3.а.1 или 5.Б.3.а.2.;
   5. Синхронизациски електронски единици, роторски склопови кои се состојат од турбини, огледала и лагери посебно проектирани за камери наведени во 5.Б.3.а.1.

б. Камери кои создаваат слика и посебно проектирани составни делови за нив, како што следува:
   1. Камери кои создаваат слика со стапки на снимање поголеми од 225 000 слики во секунда;
   2. Камери кои создаваат слика способни за 50 ns или помало време на експозиција;
   3. Цевки за создавање на слика и уреди за создавање на слика во цврста состојба кои имаат голема брзина на затворачот од 50 ns или помалку, посебно проектирани за камери наведени во 5.Б.3.б.1 или д.Б.3.б.2.;
   4. Приклучоци посебно проектирани за употреба со камери кои создаваат слика кои имаат модуларни структури и кои ги овозможуваат функционалните спецификации во 5.Б.3.б.1 или 5.Б.3.б.2.;
   5. Синхронизациски електронски единици, роторски склопови кои се состојат од турбини, огледала и лагери посебно проектирани за камери наведени во 5.Б.3.б.1 или 5.Б.3.б.2.

в. Камери или цевки за создавање слики и посебно проектирани составни делови за нив, како што следува:
   1. Камери или цевки кои создаваат слика кои имаат голема брзина на затворачот од 50 ns или помалку;

2. Уреди за создавање слика и цевки за интензивирање на слика кои имаат голема брзина на затворачот од 50 ns или помалку, посебно проектирани за камери наведени во 5.Б.3.в.1.;
3. Електро-оптички уреди за затварање (Кер или Покелс ќелии) кои имаат голема брзина на затворачот од 50 ns или помалку;
4. Приклучоци посебно проектирани за употреба со камери кои имаат модуларни структури и кои ги овозможуваат функционалните спецификации во 5.Б.3.в.1.

Техничка напомена: *Камери со голема брзина кои создаваат единечни слики можат самостојно да се употребуваат за создавање на една слика од динамичен настан или повеќе такви камери можат да се комбинираат во секвенциски систем за создавање на повеќе слики од настан.*

5.Б.4. *[Повеќе не се употребува - од 14 јуни 2013 година]*

5.Б.5. Специјализирани инструменти за хидродиначни експерименти, како што следува:

а. Интерферометри на брзина за мерење на брзини кои надминуваат 1km/s во текот на временски интервали помали од 10 µs;

б. Мерачи на ударниот притисок способни за мерење на притисоци поголеми од 10 GPa, вклучително и мерачи изработени со манганин, итербиум и поливинилид -бифлуорид (ПВБФ, ПВФ2);

в. Кварцни претворачи на притисок за притисоци поголеми од 10 GPa.

Забелешка: Точка 5.Б.5.а. се однесува на интерферометри на брзина како што се ВИСАР (Системи од интерферометри на брзина за кој било рефлектор), ДЛИ (Доплер ласерски интерферометри) и ПДВ (Доплер фотонички мерачи на брзина), исто така познати како Het-V (Хетеродински интерферометри).

5.Б.6. Високобрзински импулсни генератори и импулсни глави за нив, кои ги имаат двете следни карактеристики:

а. Излезна волтажа поголема од 6 V во отпорно оптеретување помало од 55 оми; и

б. „Време на премин на импулсот“ помало од 500 ps.

Технички напомени: 1. *Во точка 5.Б.6.б. „време на премин на импулсот“ се дефинира како временскиот интервал помеѓу 10 % и 90 % волтажна аплитуда.*

2. *Импулсните глави се мрежи кои создаваат импулс проектирани да прифатат напонски скок и да го обликуваат во разни импулсни облици кои можат да бидат правоаголни, триаголни, степенести, импулсни, експоненцијални или моноциклични. Импулсните глави можат да бидат интегрален дел од импулсниот генератор, можат да бидат приклучен модул до уредот или можат да бидат надворешнен поврзан уред.*

5.Б.7. Садови, комори, контејнери и други уреди за чување на јаки експлозиви проектирани за тестирање на јаки експлозиви или експлозивни уреди и кои ги имаат и двете следни карактеристики:

а. Проектирани целосно да содржат експлозив еднаков на 2 kg ТНТ или повеќе; и

б. Кои имаат елементи или карактеристики на дизајнот кои им овозможуваат трансфер во реално време или одложен на дијагностички или мерни информации.

5.В. МАТЕРИЈАЛИ

Нема.

5.Г. СОФТВЕР

5.Г.1. „Софтвер“ или шифри/клучеви за шифрирање посебно проектирани за подобрување или ослободување на функционалните карактеристики на опремата која не е опфатена од точка 5.Б.3. за да ги исполни или надмине карактеристиките наведени во точка 5.Б.3.

5.Г.2. „Софтвер“ или шифри/клучеви за шифрирање посебно проектиран за подобрување или ослободување на функционалните карактеристики на опремата опфатена во точка Б.3.

5.Д. ТЕХНОЛОГИЈА

5.Д.1. „Технологија“ во согласност со Технолошките контроли за „развој“, „производство“ или „употреба“ на опрема, материјал или „софтвер“ наведен во 5.А. до 5.Г.

6. СОСТАВНИ ДЕЛОВИ ЗА НУКЛЕАРНИ ЕКСПЛОЗИВНИ УРЕДИ

6.А. ОПРЕМА, СКЛОПОВИ И СОСТАВНИ ДЕЛОВИ

6.А.1. Детонатори и системи за повеќекратно иницирање, како што следува:

а. Детонатори на експлозив кои се придвижуваат со помош на електрична енергија, како што следува:

1. Експлозивен мост (ЕБ);
2. Жица на експлозивен мост (ЕБВ);
3. Моментна запалка;
4. Експлозивни фолијски иницијатори (ЕФИ);

б. Постапки со употреба на единечни или повеќекратни детонатори проектирани речиси истовремено да иницираат експлозивна содржина врз област поголема од 5000 mm^2 со еден сигнал за палење, при што временското отстапување на иницирањето на целата површина е помало од 2.5 μs.

Забелешка: Точка 6.А.1. не се однесува на детонаторите кои употребуваат само примарни експлозиви, како на пример оловен азид.

Техничка напомена: Во точка 6.А.1. сите засегнати детонатори употребуваат мал електричен водич (мост, жица за премостување или фолија) кој испарува во експлозијата кога низ него поминува високонапонски електричен импулс. Кај детонаторите кои не се од видот „слапер“, експлозивниот водич започнува хемиска детонација кога доаѓа во допир со јак експлозивен материјал, како што е на пример ПЕТН (пентаеритритолтетранитрат). Кај детонаторите од видот „слапер“, испарувањето на електричниот водич во експлозија ја придвижува запалката *(слаперот) кој удира во експлозивот и со тоа ја започнува хемиската детонација. Слаперот во некои дизајни се придвижува со магнетна сила. Изразот експлодирачки фолиен детонатор може да се однесува или на ЕБ или на детонатор од видот „слапер“. Исто така, зборот иницијатор понекогаш се користи наместо зборот детонатор.*

6.А.2. Опрема за активирање и соодветни импулсни генератори на јака струја, како што следува:

а. Опрема за активирање на детонатори (системи за иницирање, системи за палење), вклучително опрема за активирање која се придвижува електронски, со експлозив или оптички, изработена за придвижување на повеќекратно контролирани детонатори, утврдени во точка 6.А.1. погоре;

б. Модуларни генератори на електричен импулс (импулсни генератори) кои ги имаат сите следни карактеристики:

1. Проектирани за преносна или мобилна употреба или за употреба во тешки услови;
2. Способни за испорака на енергија за помалку од 15 μs во оптеретувања помали од 40 оми;
3. Кои имаат излез поголем од 100 A;
4. Димензија помала од 30 cm;
5. Тежина помала од 30 kg; и
6. Утврдени се за да функционираат над зголемен температурен опсег од 223 до 373 K (– 50 °C до 100 °C) или утврдени како соодветни за примена во аеронаутиката.

в. Единици за микроактивирање кои ги имаат сите следни карактеристики:

1. Димензија помала од 35 mm;
2. Имаат номинален напон еднаков или поголем од 1 kV; и
3. Капацитетот им е еднаков или поголем од 100 nF.

Забелешка: Опрема за активирање која се придвижува оптички и опрема која употребува ласерско палење и ласерско полнење. Опрема за активирање која се придвижува со експлозив опфаќа опрема за активирање и фероелектрични и феромагнетни видови. Точка 6.А.2.б. опфаќа придвижувачи во облик на ксенонски флеш ламби.

6.А.3. Склопни уреди како што следува:

а. Цевки со ладна катода, без разлика дали се наполнети со гас или не, кои функционираат слично како и меѓупросторот помеѓу искрите, кои ги имаа сите следни карактеристики:

1. Содржат три или повеќе електроди;
2. Најголемиот номинален напон на анодата е 2.5 kV или повеќе;
3. Најголемата номинална струја на анодата е 100 A или повеќе; и

4. Време на задржување на анодата од 10 µs или повеќе;

Забелешка: Точка 6.А.3.а. опфаќа гасни критрон-цевки и вакуумски спритрон-цевки.

б. Меѓупростори између искри на активирање кои ги имаат и двете следни карактеристики:

1. Време на задршка на анодата од 15 µs или повеќе; и
2. Наменети се за најголема струја од 500 А или повеќе;

в. Модули или склопови со функција за брзо префрлување кои ги имаат сите следни карактеристики:

1. Најголем номинален напон на анодата поголема од 2 kV;
2. Најголемата номинална струја на анодата е 500 А или повеќе; и
3. Време на вклучување од 1 µs или помалку.

6.А.4. Кондензатори за импулсно празнење кои го имаат кој било од следните сетови на карактеристики:

а. 1. Номинален напон поголем од 1.4 kV;
   2. Складирање на енергија поголема од 10 J;
   3. Капацитет поголем од 0.5 µF; и
   4. Сериска индуктивност помала од 50 nH; или

б. 1. Номинален напон поголем од 750 V;
   2. Капацитет поголем од 0.25 µF; и
   3. Сериска индуктивност помала од 10 nH.

6.А.5. Системи за создавање на неутрони, вклучително и цевки, кои ги имаат и двете следни карактеристики:

а. Проектирани за работа без надворешен вакуумски систем; и

б. 1. Користејќи електростатско забрзување за индуцирање на нуклеарна реакција тритиум-деутериум; или
   2. Користејќи електростатичко забрзување за индуцирање на нуклеарна реакција деутериум-деутериум и способни за излез на неутрони од 3×10^9 неутрони во секунда или повеќе.

6.А.6. Линиски водови кои овозможуваат нискоиндуктивна врска кон детонаторите со следните карактеристики:

а. Номинален напон поголем од 2 kV; и

б. Индуктивност помала од 20 nH.

6.Б. ОПРЕМА ЗА ТЕСТИРАЊЕ И ПРОИЗВОДСТВО

Нема.

6.В. МАТЕРИЈАЛИ

6.В.1. Високоексплозивни супстанции или смеси, кои содржат повеќе од 2 % по тежина на што било од следново:

а. Циклотетраметилентетранитрамин (HMX) (CAS 2691-41-0);

б. Циклотриметилентринитрамин (RDX) (CAS 121-82-4);

в. Триаминотринитробензен (TATB) (CAS 3058-38-6);

г. Аминодинитробензо-фуроксан или 7-амино-4,6 тринитробензофуразан-1-оксид (ADNBF) (CAS 97096-78-1);

д. 1,1-диамино-2,2-динитроетилен (DADE или FOX7) (CAS 145250-81-3);

ѓ. 2,4-динитроимидазол (DNI) (CAS 5213-49-0);

е. Диаминоазоксифуразан (DAAOF или DAAF) (CAS 78644-89-0);

ж. Диаминотринитробензен (DATB) (CAS 1630-08-6);

з. Динитрогликолурил (DNGU или DINGU) (CAS 55510-04-8);

ѕ. 2,6-Бис (пикриламино)-3,5-динитропиридин (PYX) (CAS 38082-89-2);

k 3,3′-диамино-2,2′,4,4′,6,6′-хексанитробифенил или дипикрамид (DIPAM) (CAS 17215-44-0);

l Диаминоазофуразан (DAAzF) (CAS 78644-90-3);

к. 1,4,5,8-тетранитро-пиридазино[4,5-d] пиридазин (TNP) (CAS 229176-04-9);

л. Хексанитростилбен (HNS) (CAS 20062-22-0); или

љ. Кој било експлозив со кристална густина поголема од 1.8 g/cm^3 и кој има детонациска брзина поголема од 8 000 m/s.

6.Г. СОФТВЕР

Нема.

6.Д. ТЕХНОЛОГИЈА

6.Д.1. „Технологија“ во согласност со Технолошките контроли за „развој“, „производство“ или „употреба“ на опрема, материјал или „софтвер“ наведен во 6.А. до 6.Г.

АНЕКС II

Список на други стоки и технологија, вклучително и софтвер, наведени во член 3а

ВОВЕДНИ ЗАБЕЛЕШКИ

1. Освен ако не е поинаку наведено, референтните броеви кои се користат во колоната со наслов „Опис“ се однесуваат на описите на предмети со двојна употреба утврдени во Анекс I кон Регулатива (ЕЗ) бр. 428/2009.
2. Референтниот број во колоната со наслов „Сроден предмет од Анекс I кон Регулатива (ЕЗ) бр. 428/2009“ значи дека карактеристиките на предметот опишан во колона „Опис“ се надвор од параметрите утврдени во описот на внесот за двојна употреба кон кој се врши упатување.
3. Дефинициите на изразите помеѓу „единечни наводници“ се дадени во техничката забелешка кон соодветнниот предмет.
4. Дефинициите на изразите помеѓу „двојни наводници“ можат да се најдат во Анекс I кон Регулатива (ЕЗ) бр. 428/2009.

ОПШТИ ЗАБЕЛЕШКИ

1. Целта на контролите наведени во овој анекс не треба да се избегне со извозот на која било неконтролирана стока (вклучувајќи постројки) кои содржат најмалку една контролирана компонента кога контролираната компонента или компоненти се главниот елемент на таа стока и може лесно да се отстранат или да се користат за други намени.

Забелешка: За да проценат дали контролираната компонента или компоненти се сметаат за главен елемент, треба да се измерат факторите на количина, вредност и технолошките сознанија и други посебни околности кои би можеле да ја воспостават контролираната компонента или компоненти, како главен елемент на набавената стока.

2. Стоките наведени во овој анекс опфаќаат и нови и половни стоки.

ОПШТА ТЕХНОЛОШКА ЗАБЕЛЕШКА (ОТЗ) (Да се чита во врска со оддел II.Б.)

1. Продажбата, доставата, трансферот или извозот на „технологијата“ која е „потребна“ за „развој“, „производство“ или „употреба“ на стоки чија продажба, достава, трансфер или извоз се контролира во Дел А (Стоки) подолу, се контролира во согласност со одредбите од Оддел II.Б.
2. „Технологијата“ која е „потребна“ за „развој“, „производство“ или „употреба“ на стоки кои се под контрола останува да биде под контрола дури и кога се применува на неконтролирани стоки.
3. Контролите не се применуваат на онаа „технологија“ која е минимум потребна за инсталација, функционирање, одржување (проверка) и поправка на тие стоки кои не се контролираат или чиј извоз е одобрен во согласност со Регулатива (ЕЗ) бр. 423/2007 или оваа регулатива.
4. Контролите на преносот на „технологијата“ не се применуваат врз информациите „во јавниот домен“ или на „основното научно истражување“ или минимум потребните информации за доделување на патент.

II.А. СТОКИ

А0. Нуклеарни материјали, капацитети и опрема

Бр.	Опис	Поврзана точка од Анекс I кон Регулатива (ЕЗ) бр. 428/2009
II.А0.001	Ламби со шуплива катода, како што следува: а. јодни ламби со шуплива катода со прозорци од чист силикон или кварц б. ураниумови ламби со шуплива катода	—
II.А0.002	Фарадееви изолатори со бранова должина меѓу 500 nm и 650 nm	—
II.А0.003	Оптички решетки со бранова должина меѓу 500 nm и 650 nm	—
II.А0.004	Оптички влакна со бранова должина меѓу 500 nm и 650 nm обложени со антирефлексен слој со бранова должина меѓу 500 nm и 650 nm и дијаметар на јадрото поголем од 0,4 mm, но не над 2 mm	—
II.А0.005	Компоненти на нуклеарен реактор и опрема за тестирање, освен оние наведени во 0А001, како што следува: 1. Пломби 2. Внатрешни компоненти 3. Опрема за пломбирање, тестирање и мерење	0А001
II.А0.006	Нуклеарни детектирачки системи за откривање, идентификација или одредување на количина на радиоактивни материјали и зрачење со нуклеарно потекло и посебно проектирани компоненти за нив, освен оние наведени под точка 0А001.s. или 1А004.в.	0А001.s 1А004.в
II.А0.007	Вентили запечатени со дувала од алуминиумска легура или не’рѓосувачки челик од тип 304, 304L или 316L. Забелешка: Оваа точка не опфаќа вентили запечатени со дувала дефинирани во 0Б001.в.6 и 2А226.	0В001.в. 6 2А226
II.А0.008	Ласерски огледала, освен оние од точка 6А005.д, кои се состојат од супстрати со коефициент на термална експанзија од 10^{-6} K^{-1} или помалку на 20 °C (на пример, кварцно стакло или сафир). Забелешка: Со оваа точка не се опфатени оптички системи проектирани посебно за астрономски примени, освен огледала што содржат растопено стакло.	0Б001.е.5, 6А005.д

Бр.	Опис	Поврзана точка од Анекс I кон Регулатива (ЕЗ) бр. 428/2009
II.A0.009	Ласерски леќи, освен оние од точка 6А005.д.2, кои се состојат од супстрати со коефициент на термална експанзија од 10^{-6} K^{-1} или помалку на 20 °C (на пример, растопено стакло).	0Б001.е, 6А005.д.2
II.A0.010	Цевки, цевководи, фланши, сврзувачки елементи изработени од никел или легура на никел со удел на маса од никел повисок од 40%, освен оние наведени во точка 2Б350.ж.1.	2Б350
II.A0.011	Вакуумски пумпи освен оние наведени во 0Б002.ѓ.2 или 2Б231, како што следува: Турбомолекуларни пумпи со проток еднаков или поголем од 400 l/s, Пумпи со јак вакуум од типот „Рутс“ („Roots“) со волуметриски вшмукувачки проток поголем од 200 m^3/h. Суви свиткани компресори, запечатени со дувала, како и суви, свиткани вакуумски пумпи, запечатени со дувала.	0Б002.ѓ.2, 2Б231
II.A0.012	Заштитени куќишта за манипулација, складирање и ракување со радиоактивни супстанции (жешки ќелии).	0Б006
II.A0.013	„Природен ураниум“ или „осиромашен ураниум“ или ториум во форма на метал, легура, хемиско соединение или концентрат и секој друг материјал што содржи една или повеќе од горенаведените состојки, освен оние наведени во 0В001.	0В001
II.A0.014	Детонациски комори со капацитет на апсорпција на експлозија поголем од 2.5 kg TNT.	—
II.A0.015	„Комори со ракавица“, посебно изработени за радиоактивни изотопи, радиоактивни извори или радионуклиди. Техничка забелешка: Поимот „комори со ракавица“ (Glove Boxes) означува опрема која го штити корисникот од опасна пареа, честички или зрачење од материјали во опремата со која лицето надвор од комората ракува или ги обработува со манипулатори или ракавици што се дел од опремата.	0Б006
II.A0.016	Контролни системи за токсични гасови изработени за непрекинато делување и откривање на сулфурводород, како и за нив посебно изработени детектори.	0А001 0Б001.в

Бр.	Опис	Поврзана точка од Анекс I кон Регулатива (ЕЗ) бр. 428/2009
II.A0.017	Детектори за откривање на протекување на хелиум.	0A001 0Б001.в

A1. Материјали, хемикалии, „микроорганизми“ и „токсини“

II.A1.001	Бис(2-етилхексил) фосфорна киселина (HDEHP или D2HPA) CAS 298-07-7 раствор во која било количина, со чистота поголема од 90%.	—
II.A1.002	Гасовит флуор (ЦАС-број): 7782-41-4), со чистота од најмалку 95%.	—
II.A1.003	Прстенести капаци и заптивки со внатрешен дијаметар од 400 mm или помалку, што се изработени од еден од следните материјали: а. Кополимери на винилиден флуорид што содржи 75% или повеќе бета кристална структура без растегнување; б. Флуорирани полимиди со количински удел на врзан флуор од 10% или повеќе; в. Флуорирани фосфазни еластомери со количински удел на врзан флуор од 30% или повеќе; г. Полихлоротрифлуоретилен (PCTFE, на пример, Kel-F ®); д. Флуоро-еластомери (на пример, Viton ®, Tecnoflon ®); ѓ. Политетрафлуороетилен (PTFE).	—
II.A1.004	Лична опрема за откривање на зрачење со нуклеарно потекло, вклучително лични дозиметри. Забелешка: Оваа точка не опфаќа нуклеарни системи за детекција дефинирани во точка 1A004.в.	1A004.в
II.A1.005	Електролитски ќелии за добивање флуор со производствен капацитет поголем од 100 g флуор на час. Забелешка: Оваа точка не опфаќа електролитски ќелии дефинирани во точка 1Б225.	1Б225
II.A1.006	Катализатори, освен оние што се забранети со точка 1A225, што содржат платина, паладиум или родиум, кои се користат за поттикнување на реакции на размена на водородни изотопи меѓу водород и вода за добивање на тритиум од тешки води или за производство на тешки води.	1Б231, 1A225

Бр.	Опис	Поврзана точка од Анекс I кон Регулатива (ЕЗ) бр. 428/2009
II.A1.007	Алуминиум и неговите легури, освен оние наведени во 1B002.б.4 или 1B202.а, во сирова или полуобработена форма, што имаат една од следните карактеристики: а. Способност за максимална еластична цврстина од 460 MPa или повеќе од 293 K (20 °C); или б. Способност за еластична цврстина од 415 MPa или повеќе на 298 K (25 °C).	1B002.б.4, 1B202.а
II.A1.008	Магнетни метали од сите видови и секаков облик со почетна релативна пропустливост од 120 000 или повеќе и дебелина меѓу 0,05 и 0,1 mm.	1B003.а
II.A1.009	„Влакнести или филаментни материјали“ или предимпрегнирани материјали, како што следува: ЗАБЕЛЕШКА: ВИДИ ИСТО ТАКА II.A1.019.A. а. Јаглеродни или арамидни „влакнести или филаментни материјали“ што имаат кои било од следните карактеристики: 1. „Специфичен модул“ над 10 × 10^6 m; или 2. „Специфична еластична цврстина“ над 117 × 10^4 m; б. стаклени „влакнести или филаментни материјали“ со некоја од следните карактеристики: 1. „Специфичен модул“ над 3,18 × 10^6 m; или 2. „Специфична еластична цврстина“ над 76,2 × 10^3 m; в. Непрекинати „предива“, „преѓа“, „колчишта“ или „траки“, импрегнирани со термоактивна смола, со ширина од 15 mm или помалку (кога се препреги), изработени од јаглеродни или стаклени „влакнести или филаментни материјали“ освен оние наведени во II.A1.010.а. или б. Забелешка: Оваа точка не опфаќа „влакнести и филаментни материјали“ дефинирани во точки 1B010.а, 1B010.б, 1B210.а и 1B210.б.	1B010.а 1B010.б 1B210.а 1B210.б

Бр.	Опис	Поврзана точка од Анекс I кон Регулатива (ЕЗ) бр. 428/2009
II.A1.010	Влакна импрегнирани со вештачка или природна смола (препреги), влакна премачкани со метал или јаглерод (предоблици) или „предоблици на јаглеродни влакна“, како што следува: а. Изработени од „влакнести или филаментни материјали “ наведени во II.A1.009 погоре; б. „Влакнести или филаментни материјали“ импрегнирани со „матрица“ на епоксидна смола (препреги), од точки 1В010.а, 1В010.б или 1В010.в, што се користат при поправка на делови или ламинати на воздухопловни објекти чија величина на поединечни плочи не надминува 50 cm × 90 cm; в. Препреги наведени во 1В010.а, 1В010.б или 1В010.в, импрегнирани со фенолна или епоксидна смола и температура при премин во стакло (Tg) помала од 433 K (160 °C) и температура на процесот пониска од температурата при премин во стакло. Забелешка: Оваа точка не опфаќа „влакнести и филаментни материјали“ дефинирани во точка 1В010.д.	1В010.д. 1В210
II.A1.011	Керамички композитни материјали зацврстени со влакна од силициум карбид за носни делови (врвови на проектили), возила за враќање во земјината атмосфера, капаци на млазници употребливи кај „проектили“ освен оние наведени во точка 1В107.	1В107
II.A1.012	Легиран челик, освен оние наведени во 1В116 или 1В216, „издржливи на“ максимална еластична цврстина од 2 050 MPa или повеќе на 293 K (20 °C). Техничка забелешка: Фразата „мартезитни челици издржливи на“ опфаќа мартензитни челици пред или по термичка обработка.	1В216
II.A1.013	Волфрам, тантал, волфрам карбид, тантал карбид и легури, кои ги имаат двете наведени карактеристики: а. Во облици со шуплива цилиндрична или сферична симетрија (вклучително сегменти на цилиндар) со внатрешен дијаметар меѓу 50 mm и 300 mm; и б. маса поголема од 5 kg. Забелешка: Оваа точка не опфаќа волфрам, волфрам карбид и легури дефинирани во точка 1В226.	1В226

Бр.	Опис	Поврзана точка од Анекс I кон Регулатива (ЕЗ) бр. 428/2009
II.A1.014	Елементарен прав на кобалт, неодимиум или самариум или легури или нивни смеси чиј количински удел на кобалт, неодимиум или самариум изнесува најмалку 20%, со големина на честички помала од 200 μm.	—
II.A1.015	Чист трибутил фосфат (ТБП) [ЦАС-бр. 126-73-8] или каква било смеса чиј количински удел на ТБП е поголем од 5%.	—
II.A1.016	Легиран челик, освен оној што е забранет со 1B116, 1B216 или II.A1.012 Техничка забелешка: Легирани челици се легури на железо чии општи својства се висок удел на никел, доста низок удел на јаглерод и употреба на заменливи елементи или преципитати (талози) за да се постигне зајакнување и стврднување при стареење на легурата.	—
II.A1.017	Метали, метален прав и материјали, како што следува: а. Волфрам и легури на волфрам, освен оние што се забранети со точка 1B117, во облик на еднообразни сферични или атомизирани честички со дијаметар од 500 μm или помал со количински удел на волфрам од 97 % или повеќе; б. Молибден и легури на молибден, освен оние што се забранети со точка 1B117, во облик на еднообразни сферични или атомизирани честички со дијаметар од 500 μm или помали со количински удел на молибден од 97 % или повеќе; в. Материјали од волфрам во цврста состојба, освен оние забранети со 1B226, или II.A1.013 што се составени од следните материјали: 1. Волфрам и легури со количински удел на волфрам од 97% или повеќе; 2. Волфрам инфилтриран со бакар со количински удел на волфрам од 80% или повеќе; или 3. Волфрам инфилтриран со сребро со количински удел на волфрам од 80% или повеќе.	—

Бр.	Опис	Поврзана точка од Анекс I кон Регулатива (ЕЗ) бр. 428/2009
II.A1.018	Меки магнетни легури со следниот хемиски состав: (а) Содржина на железо меѓу 30% и 60% и (б) Содржина на кобалт меѓу 40% и 60%.	—
II.A1.019	„Влакнести или филаментни материјали” или препреги, што не се забранети со Анекс I или II (под точки II.A1.009, II.A1.010) од оваа регулатива, или кои не се наведени во Анекс I кон Регулатива (ЕЗ) бр. 428/2009, како што следува: (а) Јаглеродни „влакнести или филаментни материјали“; Забелешка: II.A1.019а. не опфаќа ткаенини. (б) Непрекинати, „предива“, „преѓа“ , “колчишта” или „траки“ импрегнирани со термоактивна смола, изработени од јаглеродни „влакнести или филаментни материјали“; (в) Непрекинати „предива’, „преѓа“, „колчишта” или „траки“ изработени од полиакрилонитрил (ПАН)	—
II.A1.020	Легури на челик во листови или плочи со која било од следните карактеристики: (а) Легури на челик издржливи на максимална еластична цврстина од 1 200 MPa или повеќе на 293 K (20 °C); или (б) Дуплексен нерѓосувачки челик стабилизиран со азот. Забелешка: Терминот легури „издржливи на“ опфаќа легури пред или по топлинска обработка Техничка забелешка: „Дуплексниот нерѓосувачки челик стабилизиран со азот“ има двофазна микроструктура која се состои од феритен и аустенитен челик со додаток на азот за стабилизација на микроструктурата.	1B116 1B216
II.A1.021	Јаглерод-јаглерод композитен материјал.	1A002.б.1
II.A1.022	Легури на никел во цврста или полуобработена форма, со количински удел на никел од 60% или повеќе.	1B002.в.1.а

Бр.	Опис	Поврзана точка од Анекс I кон Регулатива (ЕЗ) бр. 428/2009
II.A1.023	Легури на титаниум во листови или плочи издржливи на максимална еластична цврстина од 900 MPa или повеќе на 293 K (20 °C). Забелешка: Терминот легури „издржливи на“ опфаќа легури пред или по топлинска обработка.	1B002.б.3
II.A1.024	Погонски горива и составни хемикалии на тие горива, како што следува: (а) Толуен диизоцијанат (TDI) (б) Метилдифенилдиизоцијанат (MDI) (в) Изофорон диизоцијанат (IPDI) (г) Натриум перхлорат (д) Ксилидин (ѓ) Хидрокси терминиран полиетер (HTPE) (е) Хидрокси терминиран капролактон етер (HTCE) Техничка забелешка: Оваа точка се однесува на чисти супстанции и која било мешавина која содржи најмалку 50% од една од наведените хемикалии.	1B111
II.A1.025	„Материјали за подмачкување“ чиј основен составен дел е кој било од следните: (а) Перфлуороалкиелетер, (CAS 60164-51-4); (б) Перфлуорополиалкилетер PFPE (CAS 6991-67-9) „Материјали за подмачкување“ значи масла и течности.	1B006
II.A1.026	Легури на берилиум-бакар или бакар-берилиум во плочи, листови, траки или валани шипки, што во составот како главен елемент имаат бакар и други елементи со удел на берилиум помал од 2%.	1B002.б
	A2. Обработка на материјали	

Бр.	Опис	Поврзана точка од Анекс I кон Регулатива (ЕЗ) бр. 428/2009
II.A2.001	Системи за испитување вибрации, нивната опрема и компоненти, освен оние наведени во 2Б116: а. Системи за испитување вибрации што користат техники на повратни или затворени спреги и кои вклучуваат дигитален контролор, што овозможуваат вибрирање на системот при забрзување еднакво или поголемо од 0,1 g rms во фрекфенциски опсег од 0,1 Hz и 2 kHz и преносни сили еднакви или поголеми од 50 kN, мерено на „маса за мерење“; б. Дигитални контролори комбинирани со посебно развиен софтвер за испитување вибрации, со „ширина на опсег во реално време“ поголема од 5 kHz наменети за користење кај системи за испитување на вибрации наведени во точка а.; в. Поттикнувачи на вибрации (единици за мешање), со или без придружни засилувачи, што може да пренесуваат сила еднаква или поголема од 50 kN, измерено на „маса за мерење“ и кои се користат кај системи за испитување на вибрации наведени во точка а.; г. Потпорни конструкции за испитување и електронски единици наменети за вклопување на повеќе комбинирани единици за мешање во состав кој може да обезбеди ефикасна сложена сила од 50 kN мерено на „маса за мерење“ или повеќе, и кои се користат кај вибрациски системи што се наведени во точка а. Техничка забелешка: „Маса за мерење“ значи рамна маса или површина, без направи за прицврстување или стегање.	2Б116
II.A2.002	Машински алатки и компоненти, како и нумерички управувачи за машински алати, како што следува: а. Машински алатки за брусење кои имаат точност на поставување со „сите расположливи компензации“ еднакви или помали (подобри) од 15 µm според ISO 230/2 (1988) (1) или националните еквиваленти низ каква било линеарна оска; Забелешка: Оваа точка не опфаќа машински алатки за брусење наведени во точки 2Б201.б и 2Б001.в. б. Компоненти и нумерички управувачи посебно проектирани за машински алатки наведени во точки 2Б001, 2Б201 или под а.	2Б201.б 2В001.в

Бр.	Опис	Поврзана точка од Анекс I кон Регулатива (ЕЗ) бр. 428/2009
II.A2.003	Машини за балансирање и соодветна опрема, како што следува: а. Машини за балансирање наменети или модифицирани за стоматолошка или друга медицинска опрема, што ги имаат сите следни карактеристики: 1. Не можат да балансираат ротори/склопови со маса поголема од 3 kg; 2. Можат да балансираат ротори/склопови при брзини поголеми од 12 500 rpm; 3. Може да поправат нерамнотежа во две или повеќе рамнини; и 4. Може да вршат балансирање до преостаната специфична неурамнотеженост од 0,2 g × mm по килограм маса на ротор; б. Главни показатели наменети или модифицирани за користење со машини наведени под а. Техничка забелешка: Главните показатели понекогаш се нарекуваат инструменти за балансирање.	2Б119
II.A2.004	Далечински манипулатори што може да се користат за активност на далечина кај операции на радиохемиско одвојување или жешки ќелии, освен оние наведени во точка 2Б225, што имаат некоја од следните карактеристики: а. Способност на продирање од 0,3 m или повеќе низ ѕидот на жешка ќелија (операција низ ѕид); или б. Способност за премостување преку врвот на ѕидот на жешката ќелија со дебелина од 0,3 m или повеќе (операција преку ѕид).	2Б225
II.A2.006	Печки што може да работат на температура над 400 °C, како што следува: а. Оксидирачки печки б. Печки за топлинска обработка во контролирана атмосфера Забелешка: Оваа точка не опфаќа тунелски печки со пренос преку валјаци или колички, тунелски печки со подвижна лента, печки за потиснување или коморни печки, посебно проектирани за производство на стакло, керамички производи за на маса или структурна керамика.	2Б226 2Б227
Бр.	Опис	Поврзана точка од

		Анекс I кон Регулатива (ЕЗ) бр. 428/2009
II.A2.007	„Конвертори на притисок“, освен оние дефинирани во 2Б230, што може да мерат апсолутен притисок во секоја точка во опсег од 0 до 200 kPa и кои ги имаат следните карактеристики: а. Елементи чувствителни при промени на притисок изработени од или заштитени со „материјали отпорни на корозија со ураниум хексафлуорид (UF_6)“, и б. Што имаат некоја од следните карактеристики: 1. Мерен опсег помал од 200 kPa и „точност“ поголема од ± 1 % на целокупниот мерен опсег; или 2. Мерен опсег од 200 kPa или поголем, и „точност“ поголема од 2 kPa.	2Б230
II.A2.008	Опрема за контакт на течност-течност (таложни миксери, пулсирачки колони, центрифугални склопници); дистрибутери на пареа или течност, или собирачи на течност изработени за таква опрема, кај кои сите површини што доаѓаат во директен допир со хемикалија(-и) која(-и) се обработува(-ат) е (се) изработена(-и) од кој било од следните материјали: ЗАБЕЛЕШКА: ВИДИ ИСТО ТАКА II.A2.014 1. Не’рѓосувачки челик. Забелешка: за нер’ѓосувачки челик со количински удел на никел од 25% и 20% хром, види точка II.A2.014.а	2Б350.д
II.A2.009	Индустриска опрема и компоненти, освен оние наведени во точка 2Б350.г, како што следува: ЗАБЕЛЕШКА: ВИДИ ИСТО ТАКА II.A2.015 Разменувачи на топлина или кондензатори со површина за пренос на топлина поголема од 0,05 m^2 и помала од 30 m^2; како и изработени валјаци за такви топлински разменувачи или кондензатори, плочи, калеми или блокови (јадра), каде што сите површини кои доаѓаат во директен допир со течност (течности) се изработени од следните материјали: 1. Нер’ѓосувачки челик. Забелешка 1: за нер’ѓосувачки челик со количински удел на никел од 25% и 20% хром, види точка II.A2.015.а Забелешка 2: Оваа точка не опфаќа ладилници за возила. Техничка забелешка: Материјалите користени за заптивки и затворачи, како и друга опрема за брусење не влијаат на контролниот статус на разменувачите на топлина.	2Б350.г

Бр.	Опис	Поврзана точка од Анекс I кон Регулатива (ЕЗ) бр. 428/2009
II.A2.010	Пумпи со повеќе затворачи, или пумпи без затворачи, освен оние наведени во точка 2Б350.i, кои се погодни за корозивни течности, со максимална брзина на течење утврдена од страна на производителот поголема од 0,6 m^3 /час, или вакуумски пумпи со максимална брзина на течење утврдена од страна на производителот поголема од 5 m^3/час (на стандардна температура од(273 K(0 °C)) и под стандарден притисок (101,3 kPa); како и куќишта (тела на пумпи), пресувани облошки на куќишта, ротирачки делови на пумпи, млазници на ротори или пумпи со млазници проектирани за такви пумпи, кај кои сите површини кои доаѓаат во директен допир со хемикалија(и) која се обработува се изработени од кои било од следниве материјали: ЗАБЕЛЕШКА: ВИДИ ИСТО ТАКА II.A2.016 1. Нер'ѓосувачки челик; Забелешка: за нерѓосувачки челик со количински удел на никел од 25% и 20% хром, види точка II.A2.016.а Техничка забелешка: Материјалите користени за заптивки и затворачи, како и друга опрема за брусење не влијаат на контролниот статус на пумпата.	2Б350.з
II.A2.011	Центрифугални сепаратори што овозможуваат континуирана сепарација без развивање на аеросоли и се изработени од: 1. Легури со количински удел на никел поголем од 25% и 20% хром; 2. Флуорополимери; 3. Стакло (вклучително застаклена или емајлирана обвивка или стаклена подлога); 4. Легури со количински удел на никел поголем од 40% и хром; 5. Тантал или легури на тантал; 6. Титан или легури на титан; или 7. Циркониум или легури на циркониум. Забелешка: Оваа точка не ги опфаќа центрифугалните сепаратори дефинирани во точка 1Б352.в.	2Б352.в
II.A2.012	Синтерувани метални филтри изработени од никел или легури на никел со удел на маса на никел над 40%. Забелешка: Оваа точка не ги опфаќа филтрите дефинирани во точка 2Б352.г.	2Б352.г

Бр.	Опис	Поврзана точка од Анекс I кон Регулатива (ЕЗ) бр. 428/2009
II.A2.013	Машини за формирање вртежи и струење, освен оние контролирани со точки 2Б009, 2Б109 или 2Б209, што имаат сила на ваљак поголема од 60 kN и посебно проектирани компоненти за нив. Техничка забелешка: За потребите на точка II.A2.013 машините кои ја обединуваат функцијата за формирање вртежи и струење се сметаат за машини за формирање на струење.	—
II.A2.014	Опрема за контакт на течност-течност (таложни миксери, пулсирачки колони, центрифугални склопници); дистрибутери на пареа или течност, или собирачи на течност изработени за таква опрема, кај кои сите површини што доаѓаат во директен допир со хемикалија(-и) која(-и) се обработува(-ат) е (се) изработена(-и) од кој било од следните материјали: ЗАБЕЛЕШКА: ВИДИ ИСТО ТАКА II.A2.008. а. Изработени од кои било од следните материјали: 1. Легури со количински удел на никел поголем од 25% никел и 20% хром; 2. Флуорополимери; 3. Стакло (вклучително застаклена или емајлирана обвивка или стаклена подлога); 4. Графит или „јаглерод графит“; 5. Никел или легури со количински удел на никел поголем од 40% на тежина; 6. Тантал или легури на тантал; 7. Титан или легури на титан; или 8. Циркониум или легури на циркониум; или б. Изработени од нер’ѓосувачки челик и еден или повеќе материјали наведени во точка II.A2.014.а. Техничка забелешка: „Јаглерод графит“ е состав од аморфен јаглерод и графит со количински удел од 8 % или повеќе.	2Б350.д

Бр.	Опис	Поврзана точка од Анекс I кон Регулатива (ЕЗ) бр. 428/2009
II.A2.015	Индустриска опрема и компоненти, освен оние наведени во точка 2Б350.г, како што следува: ЗАБЕЛЕШКА: ВИДИ ИСТО ТАКА II.A2.009. Разменувачи на топлина или кондензатори со површина за пренос на топлина поголема од (0,05 m^2) и помала од (30 m^2); како и изработени валјаци за такви топлински разменувачи или кондензатори, плочи, калеми или блокови (јадра), каде што сите површини кои доаѓаат во директен допир со течност (течности) се некои од следните: а. Изработени од кои било од следните материјали: 1. Легури со количински удел на никел поголем од 25% и 20% хром; 2. Флуорополимери; 3. Стакло (вклучително застаклена или емајлирана обвивка или стаклена подлога); 4. Графит или „јаглерод графит“; 5. Никел или легури со количински удел на никел поголем од 40% и хром; 6. Тантал или легури на тантал; 7. Титан или легури на титан; 8. Циркониум или легури на циркониум; 9. Силициум карбид; или 10. Титан карбид; или б. Изработени од нерѓосувачки челик и еден или повеќе материјали наведени во точка II.A2.015.а. Забелешка: Оваа точка не опфаќа ладилници за возила. Техничка забелешка: Материјалите користени за заптивки и затворачи, како и друга опрема за брусење не влијаат на контролниот статус на разменувачите на топлина.	2Б350.г

Бр.	Опис	Поврзана точка од Анекс I кон Регулатива (ЕЗ) бр. 428/2009
II.A2.016	Пумпи со повеќе заптивки, или пумпи без заптивки, освен оние наведени во точка 2Б350.з се погодни за корозивни течности, со максимална брзина на течење утврдена од страна на производителот поголема од 0,6 m^3 /час, или вакуумски пумпи со максимална брзина на течење утврдена од страна на производителот поголема од 5 m^3 /час (на стандардна температура од (273 K(0 °C)) и под стандарден притисок (101,3 kPa); како и куќишта (тела на пумпи), пресувани облошки на куќишта, ротирачки делови на пумпи, млазници на ротори или пумпи со млазници проектирани за такви пумпи, кај кои сите површини кои доаѓаат во директен допир со хемикалија(-и) која се обработува се некои од следните: ЗАБЕЛЕШКА: ВИДИ ИСТО ТАКА II.A2.010. а. Изработени од кои било од следните материјали: 1. Легури со количински удел на никел поголем од 25% и 20% хром; 2. Керамика; 3. Феросилициум; 4. Флуорополимери; 5. Стакло (вклучително застаклена или емајлирана обвивка или стаклена подлога); 6. Графит или „јаглерод графит“ 7. Никел или легури со количински удел на никел поголем од 40% и хром; 8. Тантал или легури на тантал; 9. Титан или легури на титан; 10. Циркониум или легури на циркониум; 11. Ниобиум (колумбиум) или легури на ниобиум; или 12. Легури на алуминиум; или б. Изработени од нерѓосувачки челик и еден или повеќе материјали наведени во точка II.A2.016.а. Техничка забелешка: Материјалите користени за дихтунзи и заптивки, како и друга опрема за брусење не влијаат на контролниот статус на пумпата.	2Б350.з

Бр.	Опис	Поврзана точка
II.A2.017	Електроерозиски машини (ЕДМ) за обработка на честички или сечење метали, керамика или „композити“, како што следува, и за нив посебно изработени убодни, оловни или жичани електроди. (а) Електроерозиски машини со убодни или оловни електроди; (б) Електроерозиски машини со жичани електроди. Забелешка: Електроерозиските машини се исто така познати и како ерозиски машини со искра (Spark Erosion Machines) или жичани ерозиски машини (Wire Erosion Machines).	2Б001.г
II.A2.018	Компјутерски или „нумерички управувани“ координирани мерни машини (CMM), или мерни машини за преглед на димензии, со тродимензионална (волументриска) максимално дозволена грешка (MPP_E) на која било точка во опсегот на машината (т.е. по должина на оска) која е еднаква или помала (поголема) од (3 + L/1 000) μm (L е измерена должина во mm), тестирани во согласност со ISO 10360-2 (2001) и мерните сонди проектирани за тоа.	2Б006.а 2Б206.а
II.A2.019	Компјутерски или „нумерички“ контролирани машини за заварување со електронски сноп, и за нив посебно изработени компоненти.	2Б001.е.1.б
II.A2.020	Компјутерски или „нумерички“ контролирани машини за ласерско заварување и за нив посебно изработени компоненти.	2Б001.д.1.в
II.A2.021	Компјутерски или „нумерички“ контролирани машини за сечење со „плазма“ и за нив посебно изработени компоненти.	2Б001.д.1
II.A2.022	Опрема за мониторинг на вибрации посебно изработена за ротори или ротирачка опрема и машини, што овозможува мерење на фреквенција во опсег од 600 до 2 000 Hz.	2Б116
II.A2.023	Вакуумски пумпи со течен кружен тек, и за нив посебно изработени компоненти.	2Б231 2Б350.з

Бр.	Опис	Поврзана точка од Анекс I кон Регулатива (ЕЗ) бр. 428/2009
II.A2.024	Ламелни вакуумски пумпи, и за нив посебно изработени компоненти. Забелешка 1: II.A2.024 не контролира ламелни вакуумски пумпи што се посебно изработени за друга специфична опрема. Забелешка 2: Контролниот статус на ламелните вакуумски пумпи што се посебно изработени за друга специфична опрема се одредува со контролниот статус на таа опрема.	2Б231 2Б235.з 0Б002.ѓ
II.A2.025	Воздушни филтри кај кои една или повеќе димензии преминуваат во 1 000 mm: (а) Филтри за ефикасно задржување на честички од воздух (HEPA); (б) Филтри за крајно ниска пропустливост на воздух (ULPA). Забелешка: II.A2.025 не контролира воздушни филтри посебно изработени за медицинска опрема.	2Б352.г

А3. Електроника

II.A3.001	Високонапонски извори на еднонасочна струја за енергетско напојување кои ги имаат следните карактеристики: а. За период од осум часа може непрекинато да произведува 10 kV или повеќе, со излезна сила од 5 kW или повеќе без прекин; и б. За период од четири часа имаат стабилност на проток и напон поголема од 0,1 %. Забелешка: Оваа точка не ги опфаќа единиците за напојување дефинирани во точки 0Б001.s. и 3А227.	3А227
II.A3.002	Спектрометри на маса, освен оние наведени во точка 3А233 или 0Б002.е., што може да мерат јони од 200 единици на атомска маса или повеќе и кои имаат резолуција подобра од 2 дела во 200, како што следува, и нивни извори на јони: а. Спектрометри на маса со индуктивно врзана плазма (ИЦП/МС); б. Спектрометри на маса со светлечко празнење (ГДМС); в. Спектрометри на маса со термичка јонизација (ТИМС);	3А233

Бр.	Опис	Поврзана точка од Анекс I кон Регулатива (ЕЗ) бр. 428/2009
	г. Спектрометри на маса за бомбардирање со електрони кои имаат изворна комора изработена од „материјали отпорни на корозија од ураниум хексафлуорид UF_6“ или се премачкани или обложени со такви материјали; д. Спектрометри на маса со молекуларен сноп што имаат која било од наведените карактеристики: 1. Изворна комора направена, поставена или обложена со нерѓосувачки челик или молибден и опремена со ладен филтер што лади до 193 K (-80 °C) или пониско; или 2. Изворна комора направена, поставена или обложена со „материјали отпорни на корозија од ураниум хексафлуорид (UF_6)“;; ѓ. Масивни спектрометри опремени со извор за микрофлуоринација на јони наменети за актиниди или актинидфлуориди.	
II.A3.003	Спектрометри и дифрактометри изработени за индикативен тест или квантитативна анализа на елементарен состав на метали или легури без хемиска разградливост на материјалот.	—
II.A3.004	Претворачи или генератори на фреквенции и електрични регулатори на вртежи, освен оние забранети во точка 0Б001 или 3А225, што ги имаат сите наведени карактеристики и за нив посебно проектирани компоненти и софтвер: а. Повеќефазен излез способен да обезбеди моќност од 10 W или повеќе; б. Способност за работа на фреквенција од 600 Hz или повеќе; и в. Контрола на фреквенција подобра (помала) од 0,2%. Техничка забелешка: Претворачите на фреквенција, исто така, се познати и како конвертори или инвертори. Забелешки:	3A225 0Б001.б.13

Бр.	Опис	Поврзана точка од Анекс I кон Регулатива (ЕЗ) бр. 428/2009
	1. Точка III.А3.004 не ги контролира претворувачите на фреквенции што вклучуваат комуникациски протоколи или интерфејси изработени за специфични индустриски машини (на пример, машински алатки, предилки, машини за производство на електронски шеми на печатени кола), така што претворувачите на фреквенции што ги исполнуваат наведените карактеристики на работа не можат да се употребуваат за друга цел. 2. Точка III.А3.004 не ги контролира претворувачите на фреквенција што се посебно изработени за возила и кои работат со контролна низа преку која заемно комуницираат претворувачот на фреквенција и контролната единица на возилото.	

А6. Сензори и ласери

II.А6.001	Прачки од итриум алуминиум гранат (YAG)	—
II.А6.002	Оптичка опрема и компоненти, освен оние наведени во 6А002, 6А004.б, како што следува: Инфрацрвени оптички уреди во бранова должина од 9 000 до 17 000 nm и нивни компоненти, вклучително и компоненти на кадмиум телурид (CdTe).	6А002 6А004.б
II.А6.003	Корективни системи на бранови фронтови (фази) за употреба на ласерски зраци со дијаметар над 4 mm, и посебно за нив проектирани компоненти, вклучително контролни системи, сензори за фазни фронтови и „деформирачки огледала“, вклучително и биморфни огледала. Забелешка: Оваа точка не опфаќа огледала дефинирани во 6А004.а, 6А005.д и 6А005.ѓ.	6А003
II.А6.004	Аргон јонски „ласери“ со просечна излезна сила еднаква или поголема од 5 W. Забелешка: Оваа точка не опфаќа аргон јонски „ласери“ дефинирани во точки 0Б001.е.5, 6А005 и 6А205.а.	6А005.а.6 6А205.а

Бр.	Опис	Поврзана точка од Анекс I кон Регулатива (ЕЗ) бр. 428/2009
II.A6.005	Полуспроводливи „ласери“ и нивни компоненти, како што следува: а. Поединечни полуспроводливи „ласери“ со излезна моќност на секој ласер поголема од 200 mW, во количини поголеми од 100; б. Низи на полуспроводливи „ласери“ со излезна моќност на поединечни ласери поголема од 20 W. Забелешки: 1. Полуспроводливите „ласери“ вообичаено се нарекуваат диодни „ласери“. 2. Оваа точка не опфаќа „ласери“ дефинирани во точки 0Б001.е.5, 0Б001.ж.6 и 6А005.б. 3. Оваа точка не опфаќа диодни „ласери“ со бранова должина во распон од 1 200 nm – 2 000 nm.	6А005.б
II.A6.006	Приспособливи полуспроводливи „ласери“ и низи на приспособливи полуспроводливи „ласери“, со бранова должина меѓу 9 µm и 17 µm, како и групи на низи на полуспроводливи ласери со најмалку една низа на приспособливи полуспроводливи „ласери“ со таква бранова должина. Забелешки: 1. Полуспроводливите „ласери“ вообичаено се нарекуваат диодни „ласери“. 2. Оваа точка не опфаќа полуспроводливи „ласери“ дефинирани во точки 0Б001.ж.6 и 6А005.б.	6А005.б
II.A6.007	Тврди „приспособливи ласери“ и посебно дизајнирани компоненти за нив, како што следува: а. Ласери од титаниум-сафир, б. Ласери од александрит. Забелешка: Оваа точка не опфаќа ласери од титаниум-сафир и алексадрит дефинирани во точки 0Б001.е.5, 0Б001.ж.6 и 6А005.в.1.	6А005.в.1
II.A6.008	„Ласери“ помешани со неодимиум (освен стаклени) со излезна бранова должина поголема од 1 000 nm, но не над 1 100 nm и излезна енергија над 10 J по импулс. Забелешка: Оваа точка не опфаќа „ласери“ помешани со неодимиум (освен стаклени) дефинирани во точка 6А005.в.2.б.	6А005.в.2

Бр.	Опис	Поврзана точка од Анекс I кон Регулатива (ЕЗ) бр. 428/2009
II.A6.009	Акустично-оптички компоненти, како што следува: а. Оквирни цевки и полуспроводливи уреди за создавање слики со фреквенција на повторување еднаква на 1 kHz или поголема; б. Генератори на повторувачка фреквенција; в. Покелсови (Pockels) ќелии.	6A203.б.4.в
II.A6.010	Камери отпорни на зрачење, или објективи за нив, освен оние наведени во точка 6A203.в., посебно изработени или рангирани како нечувствителни на зрачење да издржат вкупна доза на зрачење поголема од 50×10^3 Gy (силициум) (5×10^6 rad (силициум)) без ослабнување на квалитетот. Техничка забелешка: Поимот Gy(силициум) се однесува на енергија во џули по килограм, што ја апсорбира незаштитен примерок на силициум при изложеност на јонизирачко зрачење.	6A203.в
II.A6.011	Засилувачите и осцилаторите за ласер во боја со приспособлив импулс кои ги имаат сите следни карактеристики: 1. Работа на бранова должина помеѓу 300 nm и 800 nm; 2. Просечна излезна моќност поголема од 10 W, но не поголема од 30 W; 3. Стапка на повторување поголема од 1 kHz; и 4. Ширина на импулс помала од 100 ns. Забелешки: 1. Оваа точка не опфаќа осцилатори со еден начин на работа. 2. Оваа точка не опфаќа засилувачи и осцилатори за ласер во боја со приспособлив импулс, наведени во точки 6A205.в, 0B001.е.5 и 6A005.	6A205.в
II.A6.012	Пулсирачки јаглероднодиоксидни „ласери“ што ги имаат сите следни карактеристики: 1. Работа на бранова должина помеѓу 9 000 nm и 11 000 nm; 2. Стапка на повторување поголема од 250 Hz; 3. Просечна излезна моќност поголема од 100 W, но не поголема од 500 W; и 4. Ширина на импулс помала од 200 ns. Забелешка: Оваа точка не опфаќа засилувачи и осцилатори на пулсирачки јаглероднодиоксидни ласери наведени во точки 6A205.г, 0Б001.ж.6 и 6A005.г.	6A205.г

Бр.	Опис	Поврзана точка од Анекс I кон Регулатива (ЕЗ) бр. 428/2009
II.A6.013	Бакарни „ласери“ со пареа што ги имаат двете следни карактеристики: 1. Работа на бранова должина помеѓу 500 nm и 600 nm; 2. Просечна излезна сила еднаква или поголема од 15 W.	6A005.б
II.A6.014	Пулсирачки јаглеродномоноксидни „ласери“ што ги имаат сите следни карактеристики: 1. Работа на бранова должина помеѓу 5 000 nm и 6 000 nm; 2. Стапка на повторување поголема од 250 Hz; 3. Просечна излезна сила поголема од 100 W; и 4. Времетраење на импулс помало од 200 ns. Забелешка: Во оваа точка не се контролирани индустриски јаглеродномоноксидни ласери со повисока сила (обично 1 до 5 kW) што се употребуваат на пример при сечење и заварување, затоа што тие ласери се континуирани или импулсни, со импулсна ширина поголема од 200 ns.	
II.A6.015	„Вакуумски мерачи на притисок“, електрични, со точност на мерење од 5% или помалку (подобра). Вакуумски мерачи на притисок“ вклучуваат Пираниеви мерачи, Пенингови мерачи и капацититавни манометри.	0Б001.б
II.A6.016	Микроскопи и соодветна опрема и детектори, како што следува: (а) Електронски микроскопи за скенирање; (б) Електронски микроскопи за скенирање со Оже-спектроскопија; (в) Електронски микроскопи за трансмисија; (г) Микроскопи врз база на атомска сила; (д) Микроскопи за скенирање врз база на атомска сила; (ѓ) Опрема и детектори, посебно изработени за употреба со микроскопите наведени во III.A6.013 од а) до д) погоре, што користат една од следните техники на анализа на материјал: 1. Рендгенска фотоелектронска спектроскопија (XPS); 2. Енергетско-дисперзивна рендгенска спектроскопија (EDX, EDS); или 3. Електронска спектроскопија за хемиска анализа (ESCA).	6Б

Бр.	Опис	Поврзана точка од Анекс I кон Регулатива
	А7. Навигација и авионика	
II.A7.001	Инерциски навигациски системи и посебно изработени компоненти, како што следува: I. Инерциски навигациски системи кои се дозволени за употреба „на цивилни авиони“ од страна на цивилни органи на власта на земјата-учесничка (потписничка) на Договорот Васенар, и посебно за нив изработени компоненти, како што следува: а. Инерциски навигациски системи (ИНС) (со кардан или бесплатформни) и инерциска опрема изработена за „воздухоплови“, копнени возила, пловни објекти (површинска или подводна) или „вселенски летала“ за позиционирање, насочување или контрола, што имаат некои од следните карактеристики и за тоа посебно изработени компоненти: 1. Навигациска грешка (слободна инерциска) по вообичаено порамнување од 0,8 наутички милји на час „веројатна циклусна грешка“ (СЕР) или помала (подобра); или 2. Специфициран за работа при линеарни нивоа на забрзување над 10 g; б. Хибридни инерциски навигациски системи со вградени Глобални навигациски сателитски систем(-и) (ГНСС) или со „навигациски системи базирани на референтни податоци“ („ДБРН“) за позиционирање, насочување или контрола, по вообичаеното порамнување, со ИНС точност на навигациско позиционирање, по губење на ГНСС или „ДБРН“ за период до четири минути, помалку (подобро), со „веројатна циклусна грешка“ (СЕР) од 10 метри; в. Инерциска опрема за одредување на азимут, водење или насочување кон север со која било од подолу наведените карактеристики и посебно за тоа изработени делови: 1. Изработени за одредување на азимут, водење или насочување кон север со прецизност еднаква или помала (подобра) од 6 лачни минути РМС на 45 степени географска ширина; или 2. Изработена да има неоперативно ниво на удар од најмалку 900 g во траење од најмалку 1 msec.	7A003 7A103

Бр.	Опис	Поврзана точка од Анекс I кон Регулатива (ЕЗ)
II.А7.001	Забелешка: Параметрите од I.а. и I.б. се применливи со секој од следните услови во животната средина: 1. Влезната случајна генерирана вибрација со вкупна големина од 7,7 g rms во првиот половина час и вкупното траење на тестот од час и половина по оската на секоја од трите вертикални оски, кога случајната вибрација го исполнува следното: Инерциски навигациски системи и посебно изработени компоненти, како што следува: I. Инерциски навигациски системи кои се дозволени за употреба „на цивилни авиони“ од страна на цивилни органи на власта на земјата-учесничка (потписничка) на Договорот Васенар, и посебно за нив изработени компоненти, како што следува: а. Инерциски навигациски системи (ИНС) (со кардан или бесплатформни) и инерциска опрема изработена за „воздухоплови“, копнени возила, пловни објекти (површинска или подводна) или „вселенски летала“ за позиционирање, насочување или контрола, што имаат некои од следните карактеристики и за тоа посебно изработени компоненти: 1. Навигациска грешка (слободна инерциска) по вообичаено порамнување од 0,8 наутички милји на час „веројатна циклусна грешла“ (CEP) или помала (подобра); или 2. Специфициран за работа при линеарни нивоа на забрзување над 10 g; б. Хибридни инерциски навигациски системи со вградени Глобални навигациски сателитски систем(-и) (ГНСС) или со „навигациски системи базирани на референтни податоци“ („ДБРН“) за позиционирање, насочување или контрола, по вообичаеното порамнување, со ИНС точност на навигациско позиционирање, по губење на ГНСС или „ДБРН“ за период до четири минути, помалку (подобро), со „веројатна циклусна грешка“ (CEP) од 10 метри; в. Инерциска опрема за одредување на азимут, водење или насочување кон север со која било од подолу наведените карактеристики и посебно за тоа изработени делови:	7А003 7А103

Бр.	Опис	Поврзана точка од Анекс I кон Регулатива (ЕЗ) бр. 428/2009
II.A7.001	1. Изработени за одредување на азимут, водење или насочување кон север со прецизност еднаква или помала (подобра) од 6 лачни минути РМС на 45 степени географска ширина; или 2. Изработена да има неоперативно ниво на удар од најмалку 900 g во траење од најмалку 1 msec. Забелешка: Параметрите од I.a. и I.б. се применливи со секој од следните услови во животната средина: 1. Влезната случајна генерирана вибрација со вкупна големина од 7,7 g rms во првиот половина час и вкупното траење на тестот од час и половина по оската на секоја од трите вертикални оски, кога случајната вибрација го исполнува следното: a. Константна вредност на спектрална густина на моќност (ПСД) од 0,04 g^2/Hz во фрекфенциски интервал од 15 до 1 000 Hz; и б. ПСД се намалува со фреквенција од 0,04 g^2/Hz на 0,01 g^2/Hz во фреквенциски интервал од 1 000 до 2 000 Hz; 2. Брзина на тркалање и свртување еднаква или поголема од +2,62 radian/s (150 deg/s); или 3. Во согласност со националните стандарди еднакви на 1. или 2. погоре. Технички забелешки: 1. I.б. се однесува на системи во кои ИНС и други независни навигациски помагала се вградени во една единица за да се постигне подобра работа. 2. „Веројатна циклична грешка“ (CEP) – при нормална кружна дистрибуција, радиусот на круг што содржи 50% од спроведените индивидуални мерења, или радиус на круг во кој постои 50% веројатност на лоцирање. II. Теодолитски системи што вклучуваат инерциска опрема посебно изработена за цивилни мерни цели и прокетирани за точност при одредување на азимут, водење или насочување кон север со прецизност еднаква, или помала (подобра) од 6 лачни минути RMS на 45 степени географска ширина и посебно за нив изработени компоненти.	7A003 7A103

Бр.	Опис	Поврзана точка од Анекс I кон Регулатива (ЕЗ) бр. 428/2009
	III. Инерциска или друга опрема која користи акцелерометри наведени во точки 7А001 или 7А101, кога тие акцелерометри се посебно изработени и развиени како сензори за мерење при дупчење (MWD) за користење во операции на дупчење во рударски окна.	
II.А7.002	Акцелерометри што содржат пиезоелектричен керамички конвертор со чувствителност од 1 000 mV/g или поголема (повисока)	7А001
А9. Аеропростор и погон		
II.А9.001	Експлозивни завртки.	—
II.А9.002	„Мерни ќелии“ што овозможуваат мерење на притисок на ракетен мотор со капацитет над 30 kN. Техничка забелешка: „Мерни ќелии“ значи уреди и конвертори за мерење на сила при напон и притисок. Забелешка: III.А9.002 не опфаќа опрема, уреди или конвертори, посебно изработени за мерење на тежина на возила, на пример платформски ваги.	9Б117
II.А9.003	Гасни турбини за производство на електрична енергија, нивни компоненти и соодветна опрема како што следува: (а) Гасни турбини посебно изработени за производство на електрична енергија, со излезна сила над 200 MW; (б) Ламели, статори, комори за согорување и млазници за вбризгување на гориво посебно изработени за гасни турбини за производство на електрична енергија наведени во III.А9.003.а; (в) Опрема посебно изработена за „развој“ и „производство“ на гасни турбини за производство на електрична енергија наведени во II. А9.003.а.	9А001 9А002 9А003 9Б001 9Б003 9Б004
II.Б. ТЕХНОЛОГИЈА		
II.Б.001	Потребна технологија за развој, производство или употреба на предметите од Дел II.А. (Стока) погоре во текстот. Техничка забелешка: Поимот „технологија“ вклучува софтвер.	—

АНЕКС III

Список на производи, вклучувајќи софтвер и технологија содржани во списокот на Режимот за контрола на ракетната технологија наведен во член 4а

Овој анекс ги опфаќа следните производи наведени во Режимот за контрола на ракетната технологија, како што се дефинирани во истиот. Воведните забелешки (оддел 1) треба да се сметаат како алатка за толкување на точните спецификации на наведените производи; тие не ја доведуваат во прашање забраната за извоз на овие производи за Иран, како што е предвидено во член 4.

СОДРЖИНА

„Производство“

„Опрема за производство“

„Капацитети за производство“

„Програми“

„Отпорност на зрачење“

„Опсег“

„Софтвер“

„Технологија“

„Техничка помош“

„Технички податоци“

„Употреба“

3. **ТЕРМИНОЛОГИЈА**

„Посебно проектирани“

„Проектирани или изменети“

„се користи во“, „се користи за“, „се користи како“ или „способен“

2.Г.2. „Софтвер“

2.Г.3. „Софтвер“

2.Г.4. „Софтвер“

2.Г.5. „Софтвер“

2.Г.6. „Софтвер“

2.Д.1. „Технологија“

КАТЕГОРИЈА II — ТОЧКА 3

ПОГОНСКИ КОМПОНЕНТИ И ОПРЕМА

3.А.1. Турбомлазни и турбопропелерски мотори

3.А.2. Реактивни млазни мотори/суперсонични реактивно-млазни мотори/пулсирачки млазни мотори/млазни мотори со комбиниран циклус

3.А.3. Комори на ракетни мотори, „изолациони“ компоненти и млазници

3.А.4. Механизми за етапирање, механизми за одвојување и меѓуфази

3.А.5. Системи за контрола со течни и полутечни ракетни горива (вклучувајќи оксидатори)

3.А.6. Хибридни ракетни мотори

3.А.7. Радијални топчести лежишта

4.В.6. Други адитиви на горива и агенси

а. Сврзувачки агенси

3.А.8. Резервоари за течно погонско гориво

3.А.9. Турбопропелерски моторни системи

3.А.10. Комори за согорување

3.Б.1. „Капацитети за производство“

3.Б.2. „Опрема за производство“

3.Б.3. Машини за обликување со проток

3.В.1. „Внатрешно обложување“ употребливо за ракетни моторни куќишта

3.В.2. „Изолациони“ материјали во рефус форма за ракетни моторни куќишта

3.Г.1. „Софтвер“

3.Г.2. „Софтвер“

3.Г.3. „Софтвер“

3.Д.1. „Технологија“

КАТЕГОРИЈА II — ТОЧКА 4

ГОРИВА, ХЕМИКАЛИИ И ПРОИЗВОДСТВО НА ГОРИВА

4.А. Нема

б. Катализатори на вулканизациски реакции

в. Модификатори на стапката на палење

г. Естери и пластификатори

д. Стабилизатори

4.Г.1. „Софтвер“

4.Д.1. „Технологија“

КАТЕГОРИЈА II — ТОЧКА 5

(резервирано за идна употреба)

КАТЕГОРИЈА II — ТОЧКА 6

ПРОИЗВОДСТВО НА СТРУКТУРНИ КОМПОЗИТИ, ПИРОЛИТИЧНО ТАЛОЖЕЊЕ И ЗГУСНУВАЊЕ И СТРУКТУРНИ МАТЕРИЈАЛИ

6.А.1. Композитни структури, ламинати и изработки за нив

6.А.2. Заситени пиролизирани материјали

6.Б.1.а. Машини за намотување нишки или машини за поставување влакна

4.Б.1.	„Опрема за производство“	б.	Машини за редење ленти
4.Б.2.	„Опрема за производство“	в.	Повеќенасочни, повеќедимензиски предилки или машини за испреплетување
4.Б.3.а.	Сериски мешалки	г.	Опрема проектирана или изменета за производство на влакнести материјали или материјали за филаменти
б.	Континуирани мешалки		
в.	Мелници со течно гориво	д.	Опрема проектирана или изменета за посебен третман на површината на влакното
г.	„Опрема за производство“ на метален прав	6.Б.2.	Млазници
4.В.1.	Композитни горива и композитни изменети двобазни горива		
		6.Б.3.	Изостатички преси
4.В.2.	Горивни материи	6.Б.4.	Печки за хемиско таложење од гасна фаза
а.	Хидразин	6.Б.5.	Опрема и контрола за згуснување и процес на пиролиза
б.	Хидразински деривати		
в.	Сферичен алуминиумски прав	6.В.1.	Препреги со влакна импрегнирани со смола и предеимпрегнирани влакна обложени со метал
г.	Циркониум, берилиум, магнезиум и легури	6.В.2.	Заситени пиролизирани материјали
д.	Бор и легури на бор	6.В.3.	Графити со фино зрно

ѓ.	Материјали со висока енергетска густина	6.В.4.	Пиролитски или влакнести армирани графити
4.В.3.	Перхлорати, хлорати и хромати	6.В.5.	Керамички композитни материјали за ракетни обвивки
4.В.4.а.	Оксидантни супстанции кои се користат во ракетни мотори со течно гориво		
		6.В.6.	Силициум-карбид материјали
б.	Оксидантни супстанции кои се користат во ракетни мотори со цврсто гориво	6.В.7.	Волфрам, молибден и легури
4.В.5.	Полимерни супстанции	6.В.8.	Мартензитен челик
6.В.9.	Двоен не’рѓосувачки челик од стабилизиран титаниум	10.Б.1.	Опрема за тестирање, калибрација или порамнување
6.Г.1.	„Софтвер“	10.В.	Нема
6.Г.2.	„Софтвер“	10.Г.1.	„Софтвер“
6.Д.1.	„Технологија“	10.Д.1.	Проектна „технологија“за интеграција на трупот на леталото, погонски систем и контрола на површината за подигнување
6.Д.2.	„Технички податоци“		
6.Д.3.	„Технологија“		
КАТЕГОРИЈА II — ТОЧКА 7 (резервирано за идна употреба)		10.Д.2.	Проектна „технологија“ за интеграција на податоци за контрола на летањето, насочување и погонот во системот за управувањето со летот
КАТЕГОРИЈА II — ТОЧКА 8		10.Д.3.	„Технологија“
(резервирано за идна употреба)		**КАТЕГОРИЈА II — ТОЧКА 11**	

КАТЕГОРИЈА II — ТОЧКА 9

ИНСТРУМЕНТИ, НАВИГАЦИЈА И ОДРЕДУВАЊЕ НА ПРАВЕЦ

9.А.1. Интегрирани инструментални системи за летање

9.А.2. Жиро-астро компаси

9.А.3. Линеарни акцелерометри

9.А.4. Сите видови на жироскопи

9.А.5. Акцелерометри или жироскопи

9.А.6. Инерциска или друга опрема

9.А.7. „Интегрирани навигациски системи“

9.А.8. Три сензори за магнетно насочување на оската

9.Б.1. „Опрема за производство“ и друга опрема за тестирање, калибрација и порамнување

9.Б.2.а. Машини за балансирање

б. Индикаторни глави

в. Симулатори на движење/маси за мерење брзина

г. Маси за позиционирање

д. Центрифуги

9.В. Нема

9.Г.1. „Софтвер“

АВИОНИКА

11.А.1. Радари и ласерско радарски системи и висинометри

11.А.2. Пасивни сензори

11.А.3. Опрема за добивање податоци од GNSS; пр. GPS, GLONSS или Galileo

11.А.4. Електронски склопови и компоненти

11.А.5. Основни и средни електрични конектори

11.Б. Нема

11.В. Нема

11.Г.1. „Софтвер“

11.Г.2. „Софтвер“

11.Д.1. Проектирана „технологија“

11.Д.2. „Технологија“

КАТЕГОРИЈА II — ТОЧКА 12

ПОМОШНА ОПРЕМА ЗА ЛАНСИРАЊЕ

12.А.1. Апарати и уреди

12.А.2. Возила

12.А.3. Мерачи на гравитација (гравиметри) и градиометри за гравитација

9.Г.2. Интеграциски „софтвер“

9.Г.3. Интеграциски „софтвер“

9.Г.4. Интеграциски „софтвер“

9.Д.1. „Технологија“

КАТЕГОРИЈА II — ТОЧКА 10

КОНТРОЛА НА ЛЕТАЊЕ

10.А.1. Хидраулични, механички, електрооптички, или електромеханички системи за контрола на летови

10.А.2. Опрема за контрола на позицијата

10.А.3. Сервовентили за контрола на летот

12.А.4. Опрема за телеметрија и опрема за телеконтрола, вклучувајќи и теренска опрема

12.А.5. Системи за прецизно следење

- а. Системи за следење
- б. Радари за одредување далечина

12.А.6. Термални батерии

12.Б. Нема

12.В. Нема

12.Г.1. „Софтвер“

12.Г.2. „Софтвер“

12.Г.3. „Софтвер“

12.Д.1. „Технологија“

КАТЕГОРИЈА II — ТОЧКА 13

<u>КОМПЈУТЕРИ</u>

13.А.1. Аналогни компјутери или дигитални компјутери или дигитални диференцијални анализатори

13.Б. Нема

13.В. Нема

13.Г. Нема

КАТЕГОРИЈА II — ТОЧКА 17

<u>СТЕЛТ ТЕХНОЛОГИЈА</u>

17.А.1. Уреди за намалување на забележливоста

17.Б.1. Системи посебно проектирани за мерење на радарски пресек

17.В.1. Материјали за намалување на забележливоста

17.Г.1. „Софтвер“

17.Д.1. „Технологија“

КАТЕГОРИЈА II — ТОЧКА 18

ЗАШТИТА ОД НУКЛЕАРНИ ВЛИЈАНИЈА

13.Д.1. „Технологија“

КАТЕГОРИЈА II — ТОЧКА 14

АНАЛОГНО-ДИГИТАЛНИ КОНВЕРТОРИ

14.А.1. Аналогно-дигитални конвертори

14.Б. Нема

14.В. Нема

14.Г. Нема

14.Д.1. „Технологија“

КАТЕГОРИЈА II — ТОЧКА 15

ОПРЕМА И ОБЈЕКТИ ЗА ТЕСТИРАЊЕ

15.А. Нема

15.Б.1. Опрема за тестирање вибрации

- а. Системи за тестирање вибрации
- б. Дигитални контролори
- в. Поттикнувачи на вибрации (единици за протресување)
- г. Држачи за делот кој се испитува и електронски единици

15.Б.2. Аеродинамички тунели

15.Б.3. Платформи за тестирање/пултови

18.А.1. „Отпорни на радијација“ „микрокола“

18.А.2. „Детектори“

18.А.3. Заштитна конструкција

18.Б. Нема

18.В. Нема

18.Г. Нема

18.Д.1. „Технологија“

КАТЕГОРИЈА II — ТОЧКА 19

ДРУГИ ЦЕЛОСНИ СИСТЕМИ ЗА ЛАНСИРАЊЕ

19.А.1. Целосни ракетни системи (≥ 300 km опсег)

19.А.2. Целосни УАВ системи (≥ 300 km опсег)

19.А 3. Целосни УАВ системи

19.Б.1. „Капацитети за производство“

19.В. Нема

19.Г.1. „Софтвер“

19.Д.1. „Технологија“

КАТЕГОРИЈА II — ТОЧКА 20

ДРУГИ ЦЕЛОСНИ ПОТСИСТЕМИ

ВОВЕД, ДЕФИНИЦИИ, ТЕРМИНОЛОГИЈА

1. ВОВЕД

(а) Овој анекс се состои од две категории производи, а терминот вклучува опрема, материјали, „софтвер“ или „технологија“. Производите од Категорија I кои се изложени во точки 1 и 2 од анексот се производи со најголема чувствителност. Ако производот од Категорија I е вграден во системот, тогаш овој систем исто така се смета како Категорија I, освен кога вградениот производ не може да биде одделен, отстранет или удвоен. Производите од Категорија II се оние производи од анексот кои не спаѓаат во Категорија I.

(б) При разгледување на предложените барања за трансфери на целосни ракетни системи и беспилотни летала опишани во точки 1 и 19, и на опрема, материјали, „софтвер“ или „технологија“ наведени во техничкиот анекс за потенцијална употреба во такви системи, Владата ќе ја земе предвид можноста за компромис меѓу „опсег“ и „корисниот товар“.

(в) **Општа забелешка за технологија**

Трансферот на „технологија“, директно поврзан со сите стоки контролирани во анексот се контролира според одредбите за секој одделен производ, до степенот дозволен со националното законодавство. Одобрувањето на извозот на кој било производ од анексот вклучува и одобрување на извозот до истиот краен корисник на минималната „технологија“ потребна за инсталирање, функционирање, одржување и поправка на производите.

Забелешка:

Контролата не се применува на „технологија“ „во јавниот домен“ или на „основното научно истражување“.

(г) **Општа забелешка за софтвер**

Анексот не го контролира „софтверот“ кој е или:

1. Слободно достапен за јавноста со тоа што:
   - а. Се продава од залихите на малопродажните места, без ограничување, преку:
     1. Трансакции преку шалтер;
     2. Трансакции со нарачка по пошта; или
     3. Електронски трансакции; или
     4. Трансакции со нарачки по телефон; и

б. Проектирани за инсталирање од страна на корисникот без дополнителна значителна поддршка од страна на добавувачот; <u>или</u>

2. „Во јавниот домен“.

<u>Забелешка:</u>

Општата забелешка за софтверот се применува само за „софтверот“ за масовниот пазар за општа намена.

(д) **<u>Броеви на Службата за хемиска дестилација (CAS)</u>**

Во некои случаи хемикалиите се наведени по име и CAS број.

Хемикалиите со иста структурна формула (вклучувајќи хидрати) се контролираат, независно од името или CAS бројот. CAS броевите се дадени за олеснување при утврдување дали одредена хемикалија или смеса се контролираат, независно од нивната номенклатура. CAS броевите не можат да се користат како единствени идентифиактори затоа што некои форми на наведената хемикалија имаат различни CAS броеви, и смесите кои ја содржат наведената хемикалија исто така може да имаат различни CAS броеви.

2. <u>ДЕФИНИЦИИ</u>

За целите на овој анекс се применуваат следните дефиниции:

„Точност“

Најчесто измерена во смисла на неточност, е максималното отстапување, позитивно или негативно, на назначената вредност од прифатениот стандард или вистинската вредност.

„Основно научно истражување“

Експериментална или теоретска работа која се изведува првенствено за да се добие ново знаење за основните начела на феномените или забележливите факти, а која не е првенствено насочена кон посебна практична намена или цел.

„Развој“

Се однесува на сите фази кои му претходат на „производството“, како што се:

— проектирање

— истражување на проектирање

— проектна анализа

— проектни концепти

— склопување и испитување на прототипи

— планови за пилот-производство

— податоци за проектирање

— процес на трансформирање на проектните податоци во производ

— проектирање конфигурации

— проектирање на интегрирање

— нацрти

„Во јавниот домен“

Тоа значи „технологија“ или „софтвер“ кој се овозможува без ограничувања во понатамошната примена. (Ограничувањата кои се однесуваат на авторски права не значат дека „софтверот“ или „технологијата“ не се во рамките на „јавниот домен“).

„Микроколо“

Уред во кој голем број пасивни и/или активни елементи се сметаат како неразделно поврзани со или во рамките на континуирана структура со цел исполнување на функцијата на колото.

„Микропрограми“

Серија од елементарни инструкции, чувани во специјална меморија, чие извршување се иницира со воведување на соодветна инструкција во регистар.

„Товар“

Вкупната маса, која може да биде пренесена или испорачана од конкретните ракетни системи или системот на беспилотни летала (УАВ) и која не се користи за одржување на летот.

Забелешка:

Конкретната опрема, потсистеми или компонентите кои се вклучуваат во поимот „товар“, зависат од видот и конфигурацијата на соодветното летало.

Технички забелешки:

1. *Балистички проектили*

   а. *„Товар“ за системи со летала со повторен влез во атмосфера (RV) вклучува:*

      1. *RV, вклучувајќи:*

         а. *Посебно наменета опрема за насочување, навигација и контрола;*

         б. *Посебно наменета опрема за контрамерки;*

      2. *Муниција од секаков вид (на пр., експлозивна или неексплозивна);*

      3. *Поддржувачки структури и механизми за користење на муницијата (на пр. хардвер за спојување кон или одвојување на RV од ракетата по*

фазата на забрзување), кои можат да бидат отстранети, без да се нарушува структурниот интегритет на ракетата;

4. *Уреди и механизми за заштита, вооружување, палење или пукање;*
5. *Друга опрема за антимерки (на пр.: мамки, антирадари или уреди за откривање на радарски мамки), која се одвојува од RV од ракетата по фазата на забрзување;*
6. *Ракетата по фазата на забрзување или модулот за контрола на позицијата/брзината, кои не вклучуваат системи/потсистеми, имаат суштинско значење за спроведувањето на другите фази.*

б. *„Товар“ за системи со летала со повторен влез во атмосфера (RV) кои не се одвоени вклучува:*

1. *Муниција од секаков вид (на пр., експлозивна или неексплозивна);*
2. *Поддржувачки структури и механизми за користење на муницијата, кои можат да бидат отстранети, без да се нарушува структурниот интегритет на возилото;*
3. *Уреди и механизми за заштита, вооружување, палење или пукање;*
4. *Секоја опрема за антимерки (на пр.: мамки, антирадари или уреди за откривање на радарски мамки), која може да се отстрани, без да се нарушува структурниот интегритет на возилото.*

2. *Вселенски лансирани летала*

„Товар“ вклучува:

а. *Вселенско летало (едно или повеќе), вклучувајќи сателити;*

б. *Адаптери за вселенски лансирни летала, вклучувајќи, доколку е применливо, апогејски/перигејски ракетни мотори за излез во орбитата или слични системи за управување и за одвојување.*

3. *Сондажни ракети*

„Товар“ вклучува:

а. *Опрема потребна за мисија, како што се уреди за собирање, евидентирање и пренос на специфични податоци за мисија;*

б. *Опрема за спасување (на пр. падобрани), која може да се отстрани, без да се нарушува структурниот интегритет на возилото.*

4. *Крстосувачки ракети*

„Товар“ вклучува:

а. *Муниција од секаков вид (на пр., експлозивна или неексплозивна);*

б. *Поддржувачки структури и механизми за користење на муницијата, кои можат да бидат отстранети, без да се нарушува структурниот интегритет на возилото;*

в. *Уреди и механизми за заштита, вооружување, палење или пукање;*

г. *Опрема за антимерки (на пр.: мамки, антирадари или уреди за откривање на радарски мамки), која може да се отстрани, без да се нарушува структурниот интегритет на возилото;*

д. *Опрема за изменување на одразите што може да се отстрани, без да се нарушува структурниот интегритет на возилото.*

5. *Други УАВи*

„Товар“ вклучува:

а. *Муниција од секаков вид (на пр., експлозивна или неексплозивна);*

б. *Уреди и механизми за заштита, вооружување, палење или пукање;*

в. *Опрема за антимерки (на пр.: мамки, антирадари или уреди за откривање на радарски мамки), која може да се отстрани, без да се нарушува структурниот интегритет на возилото;*

г. *Опрема за изменување на одразите што може да се отстрани, без да се нарушува структурниот интегритет на возилото;*

д. *Опрема потребна за мисија, како што се уреди за собирање, евидентирање и пренос на специфични податоци за мисија и поддржувачки структури која може да се отстрани, без да се нарушува структурниот интегритет на возилото;*

ѓ. *Опрема за спасување (на пр. падобрани), која може да се отстрани, без да се нарушува структурниот интегритет на возилото.*

е. *Поддржувачки структури на муниции и механизми за користење на муницијата, кои можат да бидат отстранети, без да се нарушува структурниот интегритет на возилото.*

„Производство“

Се сите фази на производство, како што се:

— производствен инжинеринг

— производство

— вклопување

— склопување (монтажа)

— проверка

— тестирање

— обезбедување на квалитет

„Опрема за производство“

Значи алати, обрасци, шаблони, копачи, калапи, матрици, инсталации, механизми за порамнување, опрема за тестирање, друга машинерија и составни делови од истата, ограничена на оние кои се посебно проектирани или изменети за „развој“ или за една или повеќе фази на „производство“.

„Капацитети за производство“

Значи „опрема за производство“ и посебно проектиран „софтвер“ вграден во инсталациите за „развој“ или една или повеќе фази на „производство“.

„Програми“

Значи низа инструкции за изведување на процес во, или конвертибилност во, облик кој се извршува од електронски компјутер.

„Отпорност на зрачење“

Значи дека компонентата или опремата е проектирана или класифицирана да издржи нивоа на радијација кои одговараат на вкупна доза на радијација од 5×10^5 рада (Si) или ја надминуваат.

„Опсег“

Максималното растојание коешто конкретните ракетни системи или системот на беспилотни воздушни летала (UAV) се способни да преминат во режим на стабилен лет, мерено како проекција на нивната траекторија над површината на Земјата.

Технички забелешки:

1. *При определување на „опсегот“ ќе биде земена предвид максималната способност врз основа на проектните карактеристики на системот при целосно оптоварување со гориво или погонско гориво.*
2. *Опсегот за ракетните системи и за UAV системите ќе се одредува независно од надворешните фактори, како што се: оперативни ограничувања, ограничувања наметнати од телеметрија, податочни врски или други надворешни ограничувања.*
3. *„Опсегот“ за ракетните системи ќе се одредува преку траекторијата која го максимизира „опсегот“, под претпоставка на стандард за атмосфера на ИКАО-без ветер.*
4. *„Опсегот“ за системите UAV ќе се определува за растојанието во едната насока, користејќи го најефикасниот профил на летот од гледна точка на горивото (на пр. одржување брзина и висина), под претпоставка на стандард за атмосфера на ИКАО-без ветер.*

„Софтвер“

Збир на една или на повеќе „програми“ или „микропрограми“ сместени во кој било физички медиум.

„Технологија“

Значи посебна информација која е потребна за „развојот“, „производството“ или „употребата“ на производите. Оваа информација е во форма на „технички податоци“ или „техничка помош“.

„Техничка помош“

Може да биде во форми како што се:

— упатства

— вештини

— обука

— практично знаење

— советодавни услуги

„Технички податоци“

Може да бидат во форми како што се:

— технички цртежи

— планови

— дијаграми

— модели

— формули

— технички дизајн и спецификации

— прирачници и инструкции во писмена форма или снимени на друг медиум или уреди како што се:

  — диск

  — лента

  — РОМ-меморија

„Употреба“

Значи:

— функционирање

— инсталација (вклучувајќи инсталација на лице место)

— одржување

— поправка

— испитување

— реновирање

3. **ТЕРМИНОЛОГИЈА**

Кога следните термини се појавуваат во текстот, тие треба да се разбираат во согласност со следните објаснувања:

(a) „Посебно проектирани“ опишува опрема, делови, компоненти, материјали или „софтвер“, кои, како резултат на „развој“, имаат уникатни својства, кои ги разликуваат од однапред одредени цели. На пример, одреден дел од опремата кој е „посебно проектиран“ за употреба во ракета, ќе се смета за таков, само ако нема никаква друга функција или употреба. Слично на тоа, одреден дел од опремата за производство, кој е „посебно проектиран“ за производство на одреден вид компонента, ќе се смета за таков, само ако не може да произведе други видови компоненти.

(б) „Проектиран или изменет“ опишува опрема, делови или компоненти кои, како резултат на „развој“ или изменување, имаат посебни својства кои ги прават погодни за одредена апликација. „Проектирана или изменета“ опрема, делови, компоненти или „софтвер“ може да се користат и за други апликации. На пример, пумпа обложена со титан проектирана за ракета, може да се користи со корозивни течности освен горива.

(в) „Се користи во“, „се користи за“, „се користи како“ или „способен“ опишува опрема, делови, компоненти, материјали или „софтвер“, кои се погодни за одредена цел. Опремата, деловите, компонентите или „софтверот“ не треба да бидат конфигурирани, изменети или одредени за конкретната намена. На пример, секое мемориско коло за воени спецификации ќе биде „способно“ за работа во системот на водење.

(г) „Изменет“ во контекст на „софтвер“ опишува „софтвер“, кој бил намерно изменет на начин да има својства кои го прават погоден за одредени цели или апликации. Неговите својства исто така можат да го прават погоден за цели или апликации, различни од оние за кои бил „изменет“.

КАТЕГОРИЈА I, ТОЧКА 1

КАТЕГОРИЈА I

ТОЧКА 1 ЦЕЛОСНИ СИСТЕМИ ЗА ЛАНСИРАЊЕ

1.А. ОПРЕМА, СКЛОПОВИ И КОМПОНЕНТИ

1.А.1. Целосни ракетни системи (вклучувајќи системи за балистички проектили, вселенски лансирни летала и сондажни ракети), способни да испорачуваат „товар“ од најмалку 500 kg во „опсег“ од најмалку 300 km.

1.А.2. Целосни системи за беспилотни летала (вклучувајќи системи за крстосувачки ракети, дронови за воздушни цели и разузнавачки дронови), способни да испорачуваат „товар“ од најмалку 500 kg во „опсег“ од најмалку 300 km.

1.Б. ОПРЕМА ЗА ТЕСТИРАЊЕ И ПРОИЗВОДСТВО

1.Б.1. „Капацитети за производство“, посебно проектирани за системите наведени во 1.А.

1.В. МАТЕРИЈАЛИ

Нема.

1.Г. СОФТВЕР

1.Г.1. „Софтвер“ посебно проектиран или изменет за „употреба“ на „капацитетите за производство“, наведени во 1.Б.

1.Г.2. „Софтвер“ кој ги координира функциите на повеќе од еден потсистем посебно проектиран или изменет за „употреба“ во системите наведени во 1.А.

1.Д. ТЕХНОЛОГИЈА

1.Д.1. „Технологија“ според Општата забелешка за технологија“ за „развој“, „производство“ или „употреба“ на опрема или „софтвер“ наведени во 1.А., 1.Б. или 1.Г.

КАТЕГОРИЈА I, ТОЧКА 2

ТОЧКА 2 ЦЕЛОСНИ ПОТСИСТЕМИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ПРИ ЦЕЛОСНИ СИСТЕМИ ЗА ЛАНСИРАЊЕ

2.А. ОПРЕМА, СКЛОПОВИ И КОМПОНЕНТИ

2.А.1. Целосни потсистеми, кои се користат во системите наведени во 1.А., како што следува:

а. Поединечни ракетни степени, употребливи во системите наведени во 1.А.;

б. Летала со повторен влез во атмосфера и опрема проектирана или изменета за нив, кои можат да се користат во системите наведени во 1.А.,како што следува, освен за предвиденото во Забелешка 2.А.1. за оние кои се проектирани за товар кој не е оружје:

1. Топлотни штитници и составни делови за нив направени од керамички или аблативни материјали;
2. Топлотни одводи и делови за нив направени од лесни материјали со голем топлотен капацитет;
3. Електронска опрема посебно проектирана за летала со повторен влез во атмосфера;

в. Потситеми на ракетен погон, кои можат да се користат во системите наведени во 1.А., како што следува:

1. Ракетни мотори на течен погон или хибридни ракетни мотори кои имаат капацитет на вкупен импулс еднаков на или поголем од 1.1 × 10^6 Ns;
2. Ракетни мотори на течно погонско гориво, проектирани или изменети да бидат вклучени во погонски системи на течно гориво кои имаат капацитет на вкупен импулс еднаков на или поголем од 1.1 × 10^6 Ns;

Забелешка:

Апогејски мотори на течно погонско гориво или мотори за одржување на леталото во орбитата наведени во 2.А.1.в.2., проектирани или изменети за употреба во сателити, можат да бидат третирани како Категорија II, ако извозот на потсистем се остварува при присуството на апликации за крајна употреба и квантитативни ограничувања, соодветни за исклучок на крајна употреба наведена погоре, кога потиснувањето во вакуум не е поголемо од 1kN.

г. „Системи за насочување“ употребливи во системите наведени во 1.А., способни за достигнување системска точност од 3,33 % или помалку во однос на „опсегот“ (на пр., „CEP“ од10 km или помалку, на „опсег“ од 300 km), со исклучок на предвиденото во Забелешка 2.А.1. подолу, за оние кои се проектирани за проектили со „опсег“ под 300 km или пилотирани летала;

Технички забелешки:

1. *„Систем за насочување“ го интегрира процесот на мерење и пресметување на позицијата на возила и брзината (т.е. навигацијата) со процесот на пресметување и испраќање на наредби до контролните системи за летање на возилата за да се коригира траекторијата.*
2. *„ЦЕП-СЕР“ (веројатност на циркуларна грешка) е мерка за прецизност, дефинирана како радиус на кругот кој е позициониран во центарот на целта, во определен опсег, во кој влегува 50% од корисниот товар.*

д. Потсистеми за контрола на вектор на потисок, употребливи во системите наведени во 1.А., со исклучок на предвиденото во Забелешка 2.А.1. за оние кои се проектирани за ракетни системи кои не го надминуваат капацитетот „опсег“/„товар“ на системите наведени во 1.А.;

Техничка забелешка:

2.А.1.е. ги вклучува следните методи за постигнување на управувањето со векторот на потисок:

а. *Флексибилна млазница;*

б. *Инјектирање течност или секундарен гас;*

в. *Подвижен мотор или млазница;*

г. *Пренасочување на протокот на издувни гасови (млазни лопатки или сонди);*

д. *Користење на јазичиња за потисок.*

ѓ. Механизми за осигурување, вооружување, палење или пукање, употребливи во системите наведени под 1.А., освен како што е предвидено во Забелешка 2.А.1. подолу за оние кои се наменети за системи кои не се наведени во 1.А.

Забелешка:

Исклучоците во 2.А.1.б., 2.А.1.г., 2.А.1.д. и 2.А.1.ѓ. погоре можат да се третираат како Категорија II, ако потсистемот се извезува согласно изјавата за крајна употреба и квантитативни ограничувања, соодветни за исклучок на погоре наведенаta крајна употреба.

2.Б. ОПРЕМА ЗА ТЕСТИРАЊЕ И ПРОИЗВОДСТВО

2.Б.1. „Капацитети за производство“, посебно проектирани за потсистемите наведени во 2.А.

2.Б.2. „Опрема за производство“, посебно проектирана за потсистемите наведени во 2.А.

2.В. МАТЕРИЈАЛИ

Нема.

2.Г. СОФТВЕР

2.Г.1. „Софтвер“ посебно проектиран или изменет за „употреба“ на „капацитетите за производство“, наведени во 2.В.1.

2.Г.2. „Софтвер“ посебно проектиран или изменет за „употреба“ на ракетните мотори или мотори наведени во 2.А.1.в.

2.Г.3. „Софтвер“ посебно проектиран или изменет за „употреба“ на „системите за насочување“, наведени во 2.А.1.г.

Забелешка:

2.Г.3. вклучува „софтвер“ посебно проектиран или изменет за подобрување на работата на „системите за насочување“ за да се постигне или надмине точноста наведена во 2.А.1.г.

2.Г.4. „Софтвер“ посебно проектиран или изменет за „употреба“ на потсистеми или опрема наведени во 2.А.1.б.3.

2.Г.5. „Софтвер“ посебно проектиран или изменет за „употреба“ на системите во 2.А.1.д.

2.Г.6. „Софтвер“ посебно проектиран или изменет за „употреба“ на системите во 2.А.1.ѓ.

Забелешка:

Под услов за присуство на апликации за крајна употреба, соодветни со исклучок во крајна употреба „софтвер“, контролиран од 2.Г.2. - 2.Г.6. може да се третира како Категорија II, како што следува:

1. *Според 2.Г.2. ако е посебно проектиран или изменет за апогејски мотори на течно погонско гориво или мотори за одржување на леталото во орбитата проектирани или изменети за употреба во сателити, како што е наведено во Забелешка 2.А.1.в.2.;*
2. *Според 2.Г.3., ако е проектиран за проектили со „опсег“ под 300 km или пилотирани летала;*
3. *Според 2.Г.4. ако е посебно проектиран или изменет за летала со повторен влез во атмосфера проектирани за товар кој не е оружје:*
4. *Според 2.Г.5. ако е проектиран за ракетни системи кои го не надминуваат капацитетот „опсег“/„товар’ на системите наведени во 1.А .;*
5. *Според 2.Г.6., ако е проектиран за системи, различни од оние наведени во 1.А.*

2.Д. ТЕХНОЛОГИЈА

2.Д.1. „Технологија“ според Општата забелешка за технологија“ за „развој“, „производство“ или „употреба“ на опрема или „софтвер“ наведени во 2.А., 2.Б. или 2.Г.

КАТЕГОРИЈА II; ТОЧКА 3

КАТЕГОРИЈА II

ТОЧКА 3 ПОГОНСКИ КОМПОНЕНТИ И ОПРЕМА

3.А. ОПРЕМА, СКЛОПОВИ И КОМПОНЕНТИ

3.А.1. Турбомлазни и турбопропелерски мотори, како што следува:

а. Мотори кои ги имаат и двете следни карактеристики:

1. „Максимална вредност на потисок“ поголема од 400 N (добиена додека моторот не е поставен) освен мотори одобрени за цивилна употреба со „максимална вредност на потисок“ поголема од 8,89 kN (добиена додека не е поставен моторот); и
2. Посебна потрошувачка на гориво од 0.15 kg N^{-1} h^{-1} или помалку (при максимална постојана сила, на морско ниво, користејќи стандард за атмосфера според ИКАО/ICAO);

Техничка забелешка:

Во 3.А.1.а.1. „максимална вредност на потисок“ е максимална вредност на потисок за односниот вид мотор во неинсталирана состојба според спецификација на производителот. Сертифицирана вредност на потисок при употреба за цивилни цели е еднаква или помала од максималната вредност на потисок за односниот вид мотор во неинсталирана состојба покажана од производителот.

б. Мотори, проектирани или изменети за системите наведени во 1.А. и 19.А.2., независно од потисок и специфична потрошувачка на гориво.

Забелешка:

Моторите наведени во 3.А.1., можат да бидат предмет на извоз, како дел од пилотирани летала или во количини погодни за делови за замена за пилотирани летала.

3.А.2. Реактивно-млазни мотори/суперсонични реактивно-млазни мотори/пулсирачки млазни мотори/млазни мотори со комбиниран циклус и посебно проектирани компоненти за нив, употребливи во системите наведени во 1.А. и 19.А.2.

Техничка забелешка:

Во точка 3.А.2. „мотори со комбиниран циклус“ се моторите кои користат два или повеќе циклуси од следните типови мотори: мотор на гасна турбина (турбомлазни, турбопропелерски, турбовентилаторски и мотор со турбо оска) реактивно-млазни мотори, суперсонични реактивно-млазни мотори, пулсирачки млазни мотори, пулсирачки *детонациски мотори и рактни мотори (со течно/цврсто гориво и хибридни).*

3.А.3. Куќишта на ракетни мотори и составни делови за „изолација“ и млазници за нив, употребливи во системите наведени во 1.А. или 19.А.1.

Техничка забелешка:

Во 3.А.3. „изолација“ е наменета да се користи на составните делови на ракетниот мотор, т.е. на куќиштето, на млазницата, влезните отвори, прегради на куќиштето и вклучува вулканизирана или полувулканизирана смеса на гума што содржи изолациски или огноотпорен материјал. Може да се употреби и на приклучните капачиња за попуштање на напонот или на поклопките.

Забелешка:

Види 3.В.2. материјал за „изолација“ натрупани или на слоеви.

3.А.4. Механизми за степени, механизми за одвојување степени и нивна меѓуфаза, употребливи во системите наведени во 1.А.

Забелешка:

Исто така, види точка 11.А.5

3.А.5. Системи за управување со течни, густи и гелни горива (вклучувајќи оксидатори) и посебно проектирани составни делови за нив, употребливи во системите наведени во 1.А., проектирани или изменети да работат во услови на вибрации над 10 g rms помеѓу 20 Hz и 2 kHz.

Забелешки:

1. *Единствени сервовентили, пумпи **и гасни турбини** наведени во 3.А.5 се следните:*

   а. *Сервовентили проектирани за брзини на проток од 24 литри во минута или повеќе, при апсолутен притисок од 7 MPa или повеќе и кои имаат време на одговор на придвижувач помало од 100 ms.*

   б. *Пумпи, за течни ракетни горива, со брзина на оска еднаква или поголема од 8000 rpm. **при максимален работен режим** или со притисок на исфрлање еднаков или поголем од 7 MPa.*

   в. ***Гасни турбини, за турбински пумпи на течни горива, со брзина на оска еднаква или поголема од 8 000 rpm при максимален работен режим.***

2. *Системите и компонентите опишани во 3.А.5., можат да бидат предмет на извоз, како дел од сателити.*

3.А.6. Посебно проектирани компоненти за хибридни ракетни мотори, опишани во 2.А.1.в.1. и 20.А.1.б.1.

3.А.7. Радијални топчести лежишта кои ги имаат сите толеранции наведени во согласност со ISO 492 класа на толеранција 2 (или ANSI/ABMA стандардна класа на толеранција 20 ABEC-9 или други национални еквиваленти) или подобра, и кои ги имаат сите карактеристики наведени подолу:

а. Внатрешен дијаметар на прстенот меѓу 12 и 50 mm;

б. Надворешен дијаметар на прстенот меѓу 25 и 100 mm; <u>и</u>

в. Ширина меѓу 10 и 20 mm.

3.А.8. Резервоари со течно гориво, посебно проектирани за ракетни горива контролирани во точка 4.В. или други течни горива кои се користат во системите наведени во 1.А.1.

3.А.9. „Турбопропелерски моторни системи“ посебно проектирани за системите во 1.А.2. или 19.А.2 и за нив посебно проектирани составни делови, кои имаат максимална моќност над 10 kW (која се постигнува во неинсталирана состојба при стандардни услови за морското ниво и стандардот за атмосфера на ИКАО), со исклучок на сертифицираните мотори за цивилно воздухопловство.

<u>Техничка забелешка:</u>

За целите на точка 3.А:9., „турбопропелерски моторен систем“ вклучува сè од следново:

а. *Мотор со турбо оска; <u>и</u>*

б. *Систем за трансмисија на сила за пренос на силата во пропелерот.*

3.А.10. Комори за согорување **и млазници** за ракетни мотори со течно гориво, употребливи во **потсистемите** наведни во **2.А.1.в.2.** или **20.А.1.б.2.**

3.Б. ОПРЕМА ЗА ТЕСТИРАЊЕ И ПРОИЗВОДСТВО

3.Б.1. „Капацитети за производство“ посебно проектирани за опрема или материјали наведени во 3.А.1., 3.А.2., 3.А.3., 3.А.4., 3.А.5., 3.А.6., 3.А.8., 3.А.9., **3.А.10.** или 3.В.

3.Б.2. „Опрема за производство“ посебно проектирана за опрема или материјали наведени во 3.А.1., 3.А.2., 3.А.3., 3.А.4., 3.А.5., 3.А.6., 3.А.8., 3.А.9., **3.А.10.** или 3.В.

3.Б.3. Машини за обликување со проток и посебно проектирани делови за нив, кои:

а. Во согласност со техничката спецификација на производителот, можат да се опремат со единици за нумеричка контрола или со компјутерска контрола, дури и кога не се опремени со такви единици на испорака; <u>и</u>

б. Имаат повеќе од две оски кои можат истовремено да се координираат за контрола на контурна обработка.

<u>Забелешка:</u>

Оваа точка не вклучува машини кои не се употребуваат во „производство“ на погонски составни делови и опрема (на пример, куќишта за мотори) за системи наведени во 1.А.

<u>Техничка забелешка:</u>

Машини кај кои е комбинирана функцијата на обликување со центрифугално истиснување и обликување со проток се сметаат како машини за обликување со проток.

3.В. МАТЕРИЈАЛИ

3.В.1. „Внатрешно обложување“, употребливо за куќишта на ракетни мотори во системите наведени во 1.А., или посебно проектирано за системите наведени во 19.А.1. или 19.А.2.

<u>Техничка забелешка:</u>

Во 3.В.1. „Внатрешно обложување“ се става за граничната површина меѓу цврстото ракетно гориво и куќиштето или изолациската облога која обично е течна дисперзија од огноотпорни или изолациски материјали, на пример, хидроксил-терминиран полибутадиен (HTPB) полнет со јаглерод или друг полимер со додаден вулканизирачки материјал, нанесен со прскање или премачкување преку внатрешниот ѕид на куќиштето.

3.В.2. Материјал за „изолација“ во најголем дел, употреблив за куќишта на ракетни мотори во системите наведени во 1.А., или посебно проектиран за системите наведени во 19.А.1. или 19.А.2.

<u>Техничка забелешка:</u>

Во 3.В.2. „изолација“ е наменета да се користи на составните делови на ракетниот мотор, т.е. на куќиштето, на млазницата, влезните отвори, прегради на куќиштето и вклучува вулканизирана или полувулканизирана смеса на гума што содржи изолациски или огноотпорен материјал. Исто така, може да се употреби на приклучните капачиња за попуштање на напонот или на поклопките наведени во 3.А.3.

3.Г. СОФТВЕР

3.Г.1. „Софтвер“ посебно проектиран или изменет за „употреба“ на „капацитетите за производство“, и машините за формирање проток наведени во 3.Б.1. или 3.Б.3.

3.Г.2. „Софтвер“ посебно проектиран или изменет за „употреба“ на опрема наведена во 3.А.1., 3.А.2., 3.А.4., 3.А.5., 3.А.6. или 3.А.9.

Забелешки:

1. *„Софтвер“ посебно проектиран или изменет за „употреба“ на мотори наведени во 3.А.1 може да биде предмет на извоз како дел од пилотирани летала или како „софтвер“ за замена на истите.*
2. *„Софтвер“ посебно проектиран или изменет за „употреба“ на контролните системи за гориво наведени во 3.А.5. може да биде предмет на извоз како дел од сателити или како „софтвер“ за замена на истите.*

3.Г.3. „Софтвер“ посебно проектиран или изменет за „развој“ на опрема наведена во 3.А.2., 3.А.3. или 3.А.4.

3.Д. ТЕХНОЛОГИЈА

3.Д.1. „Технологија“ според Општата забелешка за технологија“ за „развој“, „производство“ или „употреба“ на опрема или „софтвер“ наведени во 3.А.1., 3.А.2., 3.А.3., 3.А.4., 3.А.5., 3.А.6., 3.А.8., 3.А.9., **3.А.10.**, 3.Б., 3.В. или 3.Г.

КАТЕГОРИЈА II; ТОЧКА 4

ТОЧКА 4 ГОРИВА, ХЕМИКАЛИИ И ПРОИЗВОДСТВО НА ГОРИВА

4.А. ОПРЕМА, СКЛОПОВИ И КОМПОНЕНТИ

Нема.

4.Б. ОПРЕМА ЗА ТЕСТИРАЊЕ И ПРОИЗВОДСТВО

4.Б.1. „Опрема за производство“, и посебно проектирани компоненти за неа, за „производство“, ракување и прифаќање на тестирање на течни горива или нивни состојки наведени во 4.В.

4.Б.2. „Опрема за производство“, различна од онаа наведена во 4.Б.3, и посебно проектирани компоненти за неа, за производство, ракување, мешање, вулканизирање, леење, пресување, машинска обработка, екструдирање или прифаќање на тестирање на цврсти погонски горива или состојки опишани во 4.В.

4.Б.3. Опрема, како што следува, и посебно проектирани компоненти за неа:

а. Сериски мешалки за мешање под вакуум во опсег од нула до 13,326 kPa и со можност за контрола на температурата во комората за мешање и што ги имаат сите следни карактеристики:

1. Вкупен волуметриски капацитет од 110 литри или повеќе; и

2. Најмалку една оска за мешање/гмечење монтирана надвор од центарот;

Забелешка:

Во точка 4.Б.3.а.2. терминот една „оска за мешање/гмечење“ не се однесува за деагломератори или ротирачки сечила.

б. Континуирани мешалки за мешање под вакуум во опсег од нула до 13,326 kPa и со можност за контрола на температурата во комората за мешање и што ги имаат сите следни карактеристики:

1. Две или повеќе оски на мешалки/гмечалки; или

2. Една ротирачка оска што осцилира и има запци/игли за гмечење на оската, како и во внатрешноста на куќиштето на комората за мешање;

в. Мелници со течно гориво кои се употребуваат за дробење или мелење на супстанциите наведени во 4.В.;

г. „Опрема за производство“ на метален прав што се користи за „производство“, во контролирана средина, од сферни, сфероидни или атомизирани материјали кои се наведени во 4.В.2.в., 4.В.2.г. или 4.В.2.д.

Забелешка:

4.Б.3.г. вклучува:

а. *Плазма генератори (високофреквентни електролачни) што можат да се користат за добивање на прашкест или сферичен метален прав со организација на процес во средина аргон-вода;*

б. *Опрема за електрично празнење што може да се употреби за добивање на прашкест или сферичен метален прав со организација на процес во средина аргон-вода;*

в. *Опрема што може да се користи за „производство“ на сферични алуминиумски правови со претворање растоп во прав во инертна средина (на пример, азот).*

Забелешки:

1. *Единствените сериски мешалки, континуираните мешалки кои се користат за цврсти погонски горива или нивни состојки наведени во 4.В., и мелниците со течно гориво, опишани во 4.Б., се опишани во 4.Б.3.*
2. *Формите на „опрема за производство“ на метален прав, кои не се наведени во 4.Б.3.г., треба да се оценуваат во согласност со 4.Б.2.*

4.В. МАТЕРИЈАЛИ

4.В.1. Композитни горива и композитни изменети двобазни горива.

4.В.2. Горивни супстанции, како што следува:

а. Хидразин (CAS 302-01-2) со концентрација над 70%;

б. Деривати на хидразин, како што следува:

1. Монометилхидразин (MMH) (CAS 60-34-4);
2. Несиметричен диметилхидразин (UDMH) (CAS 57-14-7);
3. Хидразин мононитрат **(CAS 13464-97-6)**;
4. Триметилхидразин (CAS 1741-01-1);
5. Тетраметилхидразин (CAS 09.12.6415);
6. N, N диалилхидразин **(CAS 5164-11-4)**;
7. Алилхидразин (CAS 7422-78-8);
8. Етилен дихидразин;
9. Монометилхидразин динитрат;
10. Несиметричен диметилхидразин нитрат;
11. Хидразиниум азид (CAS 14546-44-2);
12. Диметилхидразиниум азид;
13. Хидразиниум динитрат **(CAS 13464-98-7)**;
14. Диимидо оксална киселина дихидразин (CAS 3457-37-2);
15. 2-хидроксиетилхидразин нитрат (HEHN);
16. Хидразиниум перхлорат (CAS 27978-54-7);

17. Хидразиниум диперхлорат (CAS 13812-39-0);
18. Метилхидразин нитрат (MHN) **(CAS 29674-96-2)**;
19. Диетилхидразин нитрат (DEHN);
20. 3,6-дихидразино тетразин нитрат (DHTN);

<u>Техничка забелешка:</u>

За 3,6-дихидразино тетразин нитро се користи и името 1,4-дихидразин нитрат.

в. Сферичен или сфероиден алуминиумски прав (CAS 7429-90-5) со големина на честички помалку од 200×10^{-6} m (200 μm) и содржина на алуминиум од 97% по маса или повеќе, во случај кога барем 10% од вкупната тежина се состои од честички помали од 63 μm, според ISO 2591-1: 1988 или еквивалентни национални стандарди;

<u>Техничка забелешка:</u>

Големина на честичка од 63 μm (ISO R-565) соодветствува на 250 окца (по Тајлер) или 230 окца (стандард ASTM E-11).

г. Метален прав од кој било од следните: циркониум (CAS 7440-67-7), берилиум (CAS 7440-41-7), магнезиум (CAS 7439-95-4) или нивни легури, ако најмалку 90% од вкупниот волумен или тежината на честички се составени од честички со големина под 60 μm (што се одредува преку мерни техники како што се: техника со сито, ласерска дифракција или оптичко скенирање), без разлика дали се сферични, атомизирани, сфероидни, лушпести или мелени, составени од 97% по маса и повеќе од некој од горенаведените метали;

<u>Забелешка:</u>

При мултимодална распределба на честичките (пр. мешавини од зрна со различни големини) во која се контролираат еден или неколку начини, се контролира целата смеса во прав.

<u>Техничка забелешка:</u>

Природната содржина на хафниум (CAS 7440-58-6) во циркониум (обично од 2 до 7%) се мери заедно со циркониумот.

д. Метален прав од бор (CAS 7440-42-8) или од легури на бор, со содржина на бор 85% по маса или повеќе, ако најмалку 90% од вкупниот волумен или тежината на честички се составени од честички со големина под 60 μm (што се одредува преку мерни техники како што се: техника со сито, ласерска дифракција или оптички скенирање), без разлика дали се сферични, атомизирани, сфероидни, лушпести или мелени;

Забелешка:

При мултимодална распределба на честичките (пр. мешавини од зрна со различни големини) во која се контролираат еден или неколку начини, се контролира целата смеса во прав.

ѓ. Материјали со висока енергетска густина, кои можат да се користат во системите наведени во 1.А. или 19.А., како што следува:

1. Мешани горива кои содржат цврсти и течни горива, како што е борна суспензија,чија енергетска густина врз основа на обемот е од 40 × 10^6 J/kg или повеќе;
2. Други горива или адитиви за горива со висока енергетска густина (на пр., кубан, јонски раствори, JP-10), чија енергетска густина врз основа на обемот е од 37,5 × 10_9 J/m^3 или поголема, мерено при 20 ° C и притисок од една атмосфера (101,325 kPa);

Забелешка:

Точка 4.В.2.ѓ.2. не се однесува на производите од фосилни горива и биогорива произведени од зеленчук, вклучувајќи горива за мотори сертифицирани за употреба во цивилната авијација, освен ако не се специјално формулирани за системите наведени во 1.А. и 19.А.

е. **Замена на хидразин горива, како што следува: 1,2-Диметиламиноетилазид (DMAZ) (CAS 86147-04-8).**

4.В.3. Оксидатори/Горива, како што следува:

Перхлорати, хлорати и хромати, помешани со метали во прав или други компоненти на високо-енергетско гориво.

4.В.4. Оксидирачки супстанции, како што следува:

а. Оксидирачки супстанции кои се користат за ракетни мотори со течно гориво, како што следува:

1. Диазот триоксид (CAS 10544-73-7);
2. Азот диоксид (CAS 10102-44-0)/диазот тетраоксид (CAS 10544-72-6);
3. Диазот пентоксид (CAS 10102-03-1);
4. Мешани оксиди на азот (MON);
5. Инхибирана азотна киселина што испушта црвен чад (IRFNA) (CAS 8007-58-7);
6. Соединенија составени од флуор и еден или повеќе други халогени, кислород или азот;

Забелешка:

Точка 4.В.4.а.6. не се однесува на азот трифлуорид (NF_3) (CAS 7783-54-2) во гасовита состојба, бидејќи тој не може да се користи во ракетни апликации.

Техничка забелешка:

Мешани оксиди на азот (MON) се раствори на азотен оксид (NO) во диазотен тетроксид/азотен диоксид (N_2O_4/NO_2) кои можат да се употребат во ракетни системи. Постојат различни состојки кои можат да бидат идентификувани како MONi или MONij, каде i и j се цели броеви кои го претставуваат процентот на азотен оксид во смесата (на пр. MON3 содржи 3% азотен оксид, MON25 - 25% азотен оксид. Горна граница е MON40, 40% по маса).

б. Оксидирачки супстанции кои се користат за ракетни мотори со цврсто гориво, како што следува:

1. Амониум перхлорат (AP) (CAS 7790-98-9);
2. Амониум динитрамид (ADN) (CAS 140456-78-6);
3. Нитро-амини (циклотетраметилен-тетранитрамин (HMX) (CAS 2691-41-0); циклотриметилен-тринитрамин (RDX) (CAS 121-82-4);
4. Хидразиниум нитроформат (HNF) (CAS 20773-28-8);
5. 2,4,6,8,10,12-хексанитрохексаазоизовурцитан (CL-20) (CAS 135285-90-4).

4.В.5. Полимерни супстанции, како што следува:

а. Карбокси — терминиран полибутадиен (вклучувајќи карбоксил — терминиран полибутадиен) (CTPB);

б. Хидрокси — терминиран полибутадиен (вклучувајќи хидроксил — терминиран полибутадиен) (HTPB);

в. Глицидил азид полимер (GAP);

г. Полибутадиен — акрилна киселина (PBAA);

д. Полибутадиен — акрилна киселина — акрилонитрил (PBAN);

ѓ. Политретахидрофуран полиетилен гликол (TPEG).

е. Полиглицидил нитрат (PGN или poly-GLYN) (CAS 27814-48- 8).

Техничка забелешка:

*Политетрахидрофуран полиетилен гликол (TPEG) е блок ко-полимер на поли 1,4-бутандиол **(CAS 110-63-4)** и полиетилен гликол (PEG) **(CAS 25322-68-3)**.*

4.В.6. Други адитиви на горива и агенси, како што следува:

а. Сврзувачки агенси, како што следува:

1. Трис (1-(2-метил) азиридинил) фосфин оксид (MAPO) (CAS 57-39-6);
2. 1,1', 1''-тримезоил-трис (2-етилазиридин) (HX-868, BITA) (CAS 7722-73-8);

3. Тепанол (HX-878), реакциски производ од тетраетиленпентамин, акрилонитрил и глицидол (CAS 68412-46-4);
4. Тепан (HX-879), реакциски производ од тетраетиленпентамин и акрилонитрил (CAS 68412-45-3);
5. Повеќефункционални азиридински амиди со изофталски, тримезични, изоцианурски или триметиладипски главностолбни структури и 2-метил или 2-етил супституции на азиридински прстен;

Забелешка:

Точка 4.В.6.а.5. вклучува:

1. *1,1'-изофталоил-бис (2-метилазиридин) (HX-752) (CAS 7652-64-4);*
2. *2,4,6-трис (2-етил-1-азиридинил)-1,3,5-триазин (HX-874) (CAS 18924-91-9);*
3. *1,1'-триметиладипоил-бис (2-етилазиридин) (HX-877) (CAS 71463-62-2).*

б. Катализатори на стврднувачки реакции, како што следува: Трифенил бизмут (TPB) (CAS 603-33-8);

в. Изменувачи на стандардното согорување, како што следува:

1. Карборани, декарборани, пентаборани и нивни деривати;
2. Деривати на фероцен, како што следува:
   - а. Катоцен (CAS 37206-42-1);
   - б. Етил фероцен (CAS 1273-89-8);
   - в. Пропил фероцен;
   - г. n-бутил фероцен (CAS 31904-29-7);
   - д. Пентил фероцен (CAS 1274-00-6);
   - ѓ. Дициклопентил фероцен;
   - е. Дициклохексил фероцен;
   - ж. Диетил фероцен (CAS 1273-97-8);
   - з. Дипропил фероцен;
   - ѕ. Дибутил фероцен (CAS 1274-08-4);
   - и. Дихексил фероцен (CAS 93894-59-8);
   - ј. Ацетил фероцен (CAS 1271-55-2) / 1,1'-диацетил фероцен (CAS 1273-94-5);
   - к. Фероценова карбоксилна киселина (CAS 1271-42-7) / 1,1'-фероценова дикарбоксилна киселина (CAS 1293-87-4);
   - л. Бутацен (CAS 125856-62-4);

љ. Други деривати на фероцен кои може да се користат како изменувачи на брзината на согорување на ракетно гориво;

Забелешка:

Точка 4.В.6.в.2.о не се однесува на деривати на фероцен кои содржат ароматична функционална група со шест јаглеродни атоми, додадени на молекулот на фероцен.

г. Естери и пластификатори, како што следува:

1. Триетилен гликол динитрат (TEGDN) (CAS 111-22-8);
2. Триметилетан тринитрат (TMETN) (CAS 3032-55-1);
3. 1,2,4-бутантриол тринитрат (BTTN) (CAS 6659-60-5);
4. Диетилен гликол динитрат (DEGDN) (CAS 693-21-0);
5. 4,5 диазидометил-2-метил-1,2,3-триазол (исо- DAMTR);
6. Пластификатори врз основа на нитратоетилнитрамин (NENA), како што следува:
   - а. Метил-NENA (CAS 17096-47-8);
   - б. Етил-NENA (CAS 85068-73-1);
   - в. Бутил-NENA (CAS 82486-82-6)
7. Пластификатори врз основа на динитропропил, како што следува:
   - а. Бис (2,2 динитропропил) ацетал (BDNPA) (CAS 5108-69-0);
   - б. Бис (2,2 динитропропил) формал (BDNPF) (CAS 5917-61-3);

д. Стабилизатори, како што следува:

1. 2-нитродифениламин (CAS 119-75-5);
2. N-метил-п-нитроанилин (CAS 100-15-2).

4.Г. СОФТВЕР

4.Г.1. „Софтвер“ посебно проектиран или изменет за работење или одржување на опремата наведена во 4.Б., за „производство“ и управување со материјали опишани во 4.В.

4.Д. ТЕХНОЛОГИЈА

4.Д.1 „Технологија“ според Општата забелешка за технологија за „развој“, „производство“ или „употреба“ на опрема или материјали наведени во 4.Б. и 4.В.

КАТЕГОРИЈА II; ТОЧКА 5

РЕЗЕРВИРАНО ЗА ИДНА УПОТРЕБА

КАТЕГОРИЈА II; ТОЧКА 6

ТОЧКА 6 ПРОИЗВОДСТВО НА СТРУКТУРНИ КОМПОЗИТИ, ПИРОЛИТИЧНО ТАЛОЖЕЊЕ И ЗГУСНУВАЊЕ И СТРУКТУРНИ МАТЕРИЈАЛИ

6.А. ОПРЕМА, СКЛОПОВИ И КОМПОНЕНТИ

6.А.1. Композитни структури, ламинати и производи за нив посебно проектирани за употреба во системите наведени во 1.А, 19.А.1. или 19.А.2. и потсистемите наведени во 2.А. или 20.А.

6.А.2. Делови од повторно заситени пиролизирани (т.е јаглерод-јаглерод) кои ги имаат сите следни карактеристики:

а. Проектирани за ракетни системи; и

б. Погодни за употреба во системите наведени во 1.А. или 19.А.1.

6.Б. ОПРЕМА ЗА ТЕСТИРАЊЕ И ПРОИЗВОДСТВО

6.Б.1. Опрема за „производство“ на структурни композити, влакна, предимпрегнирани или материјали или предоблици, погодни за употреба во системите наведени во 1.А., 19.А.1. или 19.А.2. подолу, и посебно проектирани компоненти и прибор:

а. Машини за намотување нишки или машини за прицврстување влакна, кај кои движењата за позиционирање, виткање и намотување на влакната можат да бидат координирани и програмирани во три или во повеќе оски, проектирани за производство на композитни структури или ламинати од влакнести материјали или материјали за филаменти и контролни системи за координација и програмирање;

б. Машини за редење ленти или ленти од влакна, кај кои движењата за позиционирање и редење на лентите, лентите од влакна или листовите можат да бидат координирани и програмирани во две или во повеќе оски, посебно проектирани за производство на композитни структури за ракети и трупови на летала;

в. Повеќенасочни, повеќедимензиски предилки или машини за испреплетување, вклучувајќи адаптери и комплети за прилагодување за ткаење, вкрстување или плетење влакна за производство на композитни структури;

Забелешка:

6.Б.1.в. не се однесува на текстилните машини што не се модификувани за наведените крајни употреби.

г. Опрема проектирана или изменета за производство на влакнести материјали или материјали за филаменти, како што следува:

1. Опрема за претворање на полимерни влакна (како што се полиакрилонитрил, вештачка свила или поликарбосилан), вклучувајќи посебна опрема за затегнување на влакната за време на загревањето;
2. Опрема за таложење елементи или соединенија од гасна фаза на загреани влакнести подлоги;
3. Опрема за водено спинување на огноотпорна керамика (како што е алуминиум оксид);

д. Опрема проектирана или изменета за посебен третман на површината на влакното за производство на предимпрегнирани и предоблици, вклучувајќи опрема за валање, извлекување, обложување, машини за сечење и шаблони за кроење.

Забелешка:

Примери за составни делови и додатоци за машини наведени во 6.Б.1.се калапи, оски, матрици, алати за прицврстување и за пресување, вулканизирање, леење, синтерување или врзување композитни структури, ламинати и производи од нив.

6.Б.2. Млазници посебно проектирани за процесите наведени во 6.Д.3.

6.Б.3. Изостатички преси кои ги имаат сите следни карактеристики:

а. Максимален работен притисок од 69 MPa или поголем;

б. Проектирани за достигнување и одржување на контролирано топлотно окружување на температура од 600 °C или поголема; и

в. Имаат шуплина на комора со внатрешен дијаметар од 254 mm или поголем.

6.Б.4. Печки за хемиско таложење од гасна фаза, проектирани или изменети за згуснување на јаглерод-јаглерод композити.

6.Б.5. Контроли на опрема и процеси, различни од оние наведени во 6.Б.3 или 6.Б.4, кои се проектирани или изменети за згуснување и пиролиза на млазници на ракети и носни врвови на летала кои повторно влегуваат во атмосферата, изработени од структурен композит.

6.В. МАТЕРИЈАЛИ

6.В.1. Предимпрегнирани со влакна потопени во смола и претформи со влакна обложени со метал, за стоката наведена во 6.А.1., направени или со органска матрица или со метална матрица, користејќи влакнести или нишкасти зајакнувања кои имаат „точно определена издржливост на истегнување“ поголема од 7.62 x 10^4 m и „точно определен модул“ поголем од 3.18 x 10^6 m.

Забелешка:

Единствени предимпрегнирани со влакна потопени во смола, наведени во 6.В.1. се оние што користат смоли чија температура на застаклување (Tg), по вмрежување, е поголема од 145 °C, како што е одредено со стандардот ASTM D4065 или еднакво на него.

Технички забелешки:

1. *Во точка 6.В.1. „посебна издржливост на истегнувањето“ е максимална издржливост на истегнувањето во паскали, еднакви на N/m^2 поделени по специфична тежина во N/m^3, измерена на температура од (296 ± 2) K ((23 ± 2) °C) и соодветна влага од (50 ± 5)%.*
2. *Во точка 6.В.1. „Посебни модули“ е Јунгов модул во паскали, еднакви на N/m^2 поделени по специфична тежина во N/m^3, измерен на температура од (296 ± 2) K ((23 ± 2) °C) и соодветна влажност од (50 ± 5)%.*

6.В.2. Повторно заситени пиролизирани материјали (т.е јаглерод-јаглерод) кои ги имаат сите следни карактеристики:

а. Проектирани за ракетни системи; и

б. Погодни за употреба во системите наведени во 1.А. или 19.А.1.

6.В.3. Фини зрнести графити со густина од 1,72 g/cc или поголема, измерена на 15°C, и кои имаат големина на зрната од 100×10^{-6} m (100 μm) или помалку, кои се користат за ракетни отвори и носни врвови на летала за повторен влез во атмосферата, кои можат да се произведат машински во следниве производи:

а. Цилиндри кои имаат дијаметар од 120 mm или повеќе и должина од 50 mm или поголема;

б. Туби кои имаат внатрешен дијаметар од 65 mm или поголем и дебелина на ѕидот од 25 mm или поголема и должина од 50 mm или поголема; или

в. Блокови кои имаат големина од 120 mm × 120 mm × 50 mm или поголема;

6.В.4. Пиролитски или влакнести зајакнати графити, кои се користат за ракетни отвори и носни врвови на летала за повторен влез во атмосферата кои се користат во системите наведени во 1.А. или 19.А.1.

6.В.5. Керамички композитни материјали (диелектрична константа помала од 6 на која било фреквенција од 100 MHz до 100 GHz) за употреба во радоми кои се користат во системите наведени во 1.А. или 19.А.1.

6.В.6. Силициумски-карбид материјали, како што следува:

а. Машинска обработлива армирана керамика засилена со силикон-карбид, која се користи за челните врвови кои се користат во системите наведени во 1.А. или 19.А.1.;

б. Керамички композити засилени со силикон-карбид, кои се користат за челните врвови, возила за повторно влегување и крила на отворите кои се користат во системите наведени во 1.А. или 19.А.1.

6.В.7. Материјали за изработка на компоненти за ракети во системите наведени во 1.А., 19.А.1. или 19.А.2, како што следува:

а. Волфрам и легури во форма на честички по тежинска содржина на волфрам од 97% или повеќе и со големини на честички од 50×10^{-6} m (50 μm) или помалку;

б. Молибден и легури во форма на честички по тежинска содржина на молибден од 97% или повеќе и со големини на честички од 50×10^{-6} m (50 μm) или помалку;

в. Волфрам материјали во цврста форма кои ги имаат сите следни карактеристики:

1. Имаат кој било од следните состави на материјалот:
   - i. Волфрам и легури со количински удел на волфрам од 97% или повеќе;
   - ii. Волфрам инфилтриран со бакар со количински удел на волфрам од 80% или повеќе; <u>или</u>
   - iii. Волфрам инфилтриран со сребро со количински удел на волфрам од 80% или повеќе; <u>и</u>
2. При машинска обработка може да се добијат следните производи:
   - i. Цилиндри кои имаат дијаметар од 120 mm или повеќе и должина од 50 mm или поголема;
   - ii. Туби кои имаат внатрешен дијаметар од 65 mm или поголем и дебелина на ѕидот од 25 mm или поголема и должина од 50 mm или поголема;

   или

   - iii. Блокови кои имаат големина од 120 mm × 120 mm × 50 mm или поголема.

6.В.8. Мартензитни челици, употребливи за системите наведени во 1.А. или 19.А.1., имајќи ги сите наведени подолу карактеристики:

а. Максимална затегнувачка цврстина, измерена на 20 °C, е еднаква на или поголема од:

1. 0.9 GPa во калена состојба на растворот; <u>или</u>

2. 1.5 GPa во состојба на стврднување наносите; и

б. Некоја од следните форми:

1. Лист, плоча или туба со дебелина на ѕидот или плочата еднаква на или помала од 5.0 mm; или
2. Цевководи форми со дебелина на ѕидот еднаква или помала од 50 mm и внатрешен дијаметар еднаков или поголем од 270 mm.

Техничка забелешка:

Мартензитни челици се железни легури:

а. *Генерално окарактеризирани со високо ниво на никел, многу мала содржина на јаглерод и употреба на елементи за замена или талог за производство и зголемување на тврдоста на легурата; и*

б. *Кои се подложени на циклуси на термичка обработка за да се олесни процесот на мартензитна трансформација (калена состојба на растворот), по што биле подложени на зголемување на отпорност на стареење (Состојба на стврднување на наносите).*

6.В.9. Стабилизирани со титаниум дуплекс нерѓосувачки челик (Ti- DSS), употребливи кај системите наведени во 1.А. или 19.А.1. кои ги имаат сите следни карактеристики подолу:

б. Што ги имаат сите од следните карактеристики:

1. Содржи 17.0-23.0 просечна тежина на хром и 4.5-7.0 просечна тежина на никел;
2. Има содржина на титаниум поголема од 0,10 просечна тежина; и
3. Феритно-аустенитна микроструктура (исто така наречена и двофазна микроструктура) од која најмалку 10 проценти од волуменот е аустенит (во согласност со ASTM E-1181-87 или национални еквиваленти); и

б. Некоја од следните форми:

1. Инготи или шипки кои имаат големина од 100 mm или повеќе во секоја димензија;
2. Листови кои имаат широчина од 600 mm или повеќе и дебелина од 3 mm или помалку; или
3. Туби кои имаат надворешен дијаметар од 600 mm или повеќе и дебелина на ѕидовите од 3 mm или помалку.

6.Г. СОФТВЕР

6.Г.1.„Софтвер“ посебно проектиран или изменет за работење или одржување опрема наведена во 6.Б.1. 6.Г.2. „Софтвер“ посебно проектиран или изменет за опрема наведена во 6.Б.3., 6.Б.4. или 6.Б.5.

6.Д. ТЕХНОЛОГИЈА

6.Д.1. „Технологија“ според Општата забелешка за технологија“ за „развој“, „производство“ или „употреба“ на опрема, материјали или „софтвер“ наведени во 6.А., 6.Б., 6.В. или 6.Г.

6.Д.2. „Технички податоци“ (вклучувајќи услови за обработка) и процедури за регулирање на температурата, притисокот или атмосфера кај автоклави или хидроклави кога се користат за производство на композитни материјали или делумно преработени композити, употребливи за опремата или материјалите наведени во 6.А. или 6.В.

6.Д.3. „Технологија“ за производство на пиролитички материјали обликувани во калапи, вретена или друг супстрат од гасови на прекурсори кои се разложуваат на температурен опсег од 1 300 °C до 2 900 ° C на притисоци од 130 Pa (1 mm Hg) до 20 kPa (150 mm Hg), вклучувајќи „технологија“ за утврдување на составот на гасови на прекурсори, брзини на проток и шемите и параметрите за контрола на процесите.

КАТЕГОРИЈА II; ТОЧКА 7

РЕЗЕРВИРАНО ЗА ИДНА УПОТРЕБА

КАТЕГОРИЈА II; ТОЧКА 8

РЕЗЕРВИРАНО ЗА ИДНА УПОТРЕБА

КАТЕГОРИЈА II; ТОЧКА 9

ТОЧКА 9 ИНСТРУМЕНТИ, НАВИГАЦИЈА И ОДРЕДУВАЊЕ НА ПРАВЕЦ

9.А. ОПРЕМА, СКЛОПОВИ И КОМПОНЕНТИ

9.А.1. Интегрирани системи за летање кои содржат жиро-стабилизатори или автоматски пилоти и кои се проектирани или изменети за користење на системите наведени во 1.А. или 19.А.1., или 19.А.2, и посебно проектирани компоненти за нив.

9.А.2. Жиро-астро компаси и други уреди кои добиваат положба или ориентација преку небески тела со автоматско следење или сателити и за нив посебно проектирани составни делови.

9.А.3. Линеарни акцелерометри проектирани за употреба во системи за инерцијална навигација или во системи за водење од сите видови, кои се користат во системите наведени во 1.А., 19.А.1. или 19.А.2., кои ги имаат сите следни карактеристики и за нив посебно проектирани составни делови:

а. „Повторливост“ на „факторот за скала“ помала (подобра) од 1250 ppm; и

б. „Повторливост“ на „отстапување“ помала (подобра) од 1250 micro g.

Забелешка:

Точка 9.А.3. не наведува акцелерометри кои се посебно проектирани и развиени како MDP (Мерење при дупчење), односно сензори за користење во операции на дупчење во окна.

Технички забелешки:

1. *„Отстапување“ се дефинира како показатели на акцелерометар, кога не се врши забрзување.*

2. *„Фактор на скала“ значи соодносот на промената на излез кон промената на влез.*

3. *Мерењето на „отстапување“ и „фактор на скала“ значи едно отстапување по сигма стандард во однос на фиксна калибрација во текот на период од една година.*

4. *Дефиницијата за „повторливост“ според Стандард IEEE 528-2001 за терминологијата за инерцијални сензори, во дел Дефиниции став 2.214, насловен повторливост (жиро или акцелерометар) како што следува: „Блискоста на согласноста помеѓу повторливите мерења на истата променлива при исти работни услови, кога помеѓу мерењата се јавуваат промени во условите или периодите на нефункционирање“.*

9.А.4. Сите видови жироскопи кои се користат во системите наведени во 1.А., 19.А.1 или 19.А.2., со номинална „стабилност“ на „стапката на поместување“ помала од 0,5° (1 сигма или rms) на час во средина на 1 g, и посебно проектирани компоненти за нив.

Технички забелешки:

1. *„Стапка на поместување“ се дефинира како составен дел од излезната вредност на жироскопот што функционира независно од влезната вредност на вртење и се изразува како аголна стапка. (IEEE STD 528-2001 став 2.56)*
2. *„Стабилност“ се дефинира како мерка на способноста на специфичен механизам или оперативен коефициент да остане непроменет, додека е постојано изложен на фиксни работни услови. (Оваа дефиниција не се однесува за динамичната стабилност или серво стабилноста.) (IEEE STD 528-2001 став 2.247)*

9.А.5. Акцелерометри или жироскопи од секаков вид, проектирани за употреба во инерциски навигациски системи или во системи за насочување од сите типови, кои се предвидени да работат под нивоа на забрзување поголеми од 100 g, и посебно проектирани компоненти за нив.

Забелешка:

9.А.5. не вклучува акцелерометри проектирани за мерење на вибрации или удар.

9.А.6. Инерциска или друга опрема што користи акцелерометри опишани во 9.А.3. или 9.А.5. или жироскопи опишани во 9.А.4. или 9.А.5, како и системи содржани во таква опрема, и посебно проектирани компоненти за нив.

9.А.7. „Интегрирани навигациски системи“ проектирани или изменети за системите наведени во 1.А., 19.А.1 или 19.А.2 и кои можат да обезбедат прецизност на навигацијата со веројатност на радијална грешка (ЦЕП) од 200 m или помала.

Техничка забелешка:

„Интегриран навигациски систем“ обично ги содржи следните составни делови:

а. *Инерциски мерен уред (на пр. референтен систем за одредување на положбата и насочувањето, инерциската референтна единица или инерцискиот навигациски систем);*

б. *Еден или повеќе надворешни сензори за ажурирање на положбата и/или брзината, било повремено или непрекинато во текот на летот (на пр. сателитски навигациски приемник, радарски висинометар и/или Доплер-радар); <u>и</u>*

в. *Интеграциски хардвер и софтвер.*

Забелешка За „софтвер“ за интегрирање, види точка 9.Г.4.

9.А.8. Три сензори за магнетно насочување на оската, кои ги имаат сите следни карактеристики, и посебно конструирани компоненти:

а. Внатрешна компензација на наклонот во насока на движењето (+/- 90 степени) и на вртењето околу надолжната оска на движењето (+/- 180 степени).

б. Способни да обезбедат азимутна точност подобра (помала) од 0,5 степени rms на ширина од +/– 80 степени, упатување на локално магнетно поле; и

в. Проектирани или изменети за да бидат интегрирани со системите за контрола на летањето и навигациски системи.

Забелешка:

Системи за контрола на летање и навигација во точка 9.А.8. опфаќаат жиростабилизатори, автоматски пилоти и системи за инерциска навигација.

9.Б. ОПРЕМА ЗА ТЕСТИРАЊЕ И ПРОИЗВОДСТВО

9.Б.1. „Опрема за производство“ и друга опрема за тестирање, калибрација и порамнување, различни од оние наведени во 9.Б.2., проектирана или изменета за употреба со опремата наведена во 9.А.

Забелешка:

Опрема наведена во 9.Б.1 го вклучува следното:

а. *За опрема за ласерски жироскопи, следната опрема се користи за обележување огледала, имајќи праг на прецизност еднаков или повисок од оној што е наведен:*

1. *Скатерометар (10 ppm);*
2. *Рефлектометар (50 ppm);*
3. *Профилометар (5 ангстроми);*

б. *За друга инерциска опрема:*

1. *Уред за модуларно тестирање на инерциските мерни единици (ИМУ);*
2. *Тестирање на платформа ИМУ;*
3. *Управувачка опрема на стабилен елемент ИМУ;*
4. *Опрема за балансирање платформа ИМУ;*
5. *Испитна станица за прилагодување на жироскоп;*
6. *Станица за динамично балансирање жироскопи;*
7. *Испитна станица за мотори за разработување на жироскоп;*

8. *Станица за полнење и празнење на жироскоп;*
9. *Центрифугална опрема за лежишта на жироскоп;*
10. *Станица за приспособување на оската на акцелерометарот;*
11. *Испитна станица за акцелерометри;*
12. *Калемени машини за намотување на оптички влакна на жироскоп.*

9.Б.2. Опрема како што следува:

а. Машини за балансирање, кои ги имаат сите следни карактеристики:

  1. Не можат да балансираат ротори/склопови со маса поголема од 3 kg;
  2. Можат да балансираат ротори/склопови при брзини поголеми од 12 500 rpm;
  3. Може да поправат нерамнотежа во две или повеќе рамнини; и
  4. Може да вршат балансирање до преостаната специфична неурамнотеженост од 0,2 g mm по килограм од масата на ротор;

б. Индикаторни глави (понекогаш се нарекуваат како инструменти за балансирање) наменети или изменети за користење со машини наведени во 9.Б.2.а.;

в. Симулатори на движење/маси за забрзување (опрема што може да симулира движење), кои ги имаат сите следни карактеристики:

  1. Две или повеќе оски;
  2. Проектирани или изменети да инкорпорираат лизгачки прстени или интегрирани бесконтактни уреди способни да пренесуваат електрична енергија, сигнални информации или и двете; и
  3. Имаат која било од следните карактеристики:
    а. За секоја поединечна оска која ги има сите следни карактеристики:
      1. Способност да се постигне брзина од 400 степени/s или повеќе, или 30 степени/s или помалку; и
      2. Резолуција на брзина еднаква или помала од 6 степени/s и прецизност еднаква или помала од 0,6 степени/s;
    б. Стабилност на брзина во најлош случај еднаква или подобра (помала) од просечно ± 0,05% на 10 степени или повеќе; или
    в. „Точност“ на позиционирање еднаква или помала (подобра) од 5 секунди од лак;

г. Маси за позиционирање (опрема за прецизно позиционирање при ротирање околу која било оска), кои ги имаат сите следни карактеристики:

  1. Две или повеќе оски; и
  2. „Точност“ на позиционирање еднаква или помала (подобра) од 5 секунди од лак;

д. Центрифуги способни да даваат забрзувања над 100 g и проектирани или изменети да инкорпорираат лизгачки прстени или интегрирани бесконтактни уреди способни да пренесуваат електрична енергија, сигнални информации или и двете.

Забелешки:

1. *Единствените машини за балансирање, индикаторски глави, симулатори на движење, маси за забрзување, маси за позиционирање и центрифуги наведени во точка 9, се оние опишани во 9.Б.2.*
2. *9.Б.2.а. не се однесува на машини за балансирање проектирани или изменети за стоматолошка или за друга медицинска опрема.*
3. *9.Б.2.в. и 9.Б.2.Г. не се однесуваат на ротирачки маси проектирани или изменети за машински алатки или за медицинска опрема.*
4. *Масите за забрзување кои не се однесуваат на 9.Б.2.в. ги поседуваат карактеристиките на масата на позиционирање која се оценува во согласност со 9.Б.2.г.*
5. *Опремата која ги поседува карактеристиките наведени во 9.Б.2.г. што одговара и на карактеристиките наведени во 9.Б.2.в., се третира како опремата наведена во 9.Б.2.в.*
6. *Точка 9.Б.2.в. се применува без разлика дали при извозот се монтирани лизгачки прстени или интегрирани бесконтактни уреди.*
7. *Точка 9.Б.2.д. се применува без разлика дали при извозот се монтирани лизгачки прстени или интегрирани бесконтактни уреди.*

9.В. МАТЕРИЈАЛИ

Нема.

9.Г. СОФТВЕР

9.Г.1. „Софтвер“ посебно проектиран или изменет за „употреба“ на опрема наведена во 9.А. или 9.Б.

9.Г.2. Интеграциски „софтвер“ за опрема опишан во 9.А.1.

9.Г.3. Интеграциски „софтвер“ посебно проектиран за опрема опишана во 9.А.6.

9.Г.4. Интеграциски „софтвер“ проектиран или изменет за „инетеграциските системи за навигација“ наведени во 9.А.7.

Забелешка:

Општата форма за интеграциски „софтвер“ користи филтрирање на системот Калман.

9.Д. ТЕХНОЛОГИЈА

9.Д.1. „Технологија“ според Општата забелешка за технологија“ за „развој“, „производство“ или „употреба“ на опрема или „софтвер“ наведени во 9.А., 9.Б. или 9.Г.

Забелешка:

Опрема или „софтвер“ наведени во 9.А. или 9.Г., можат да се извезуваат како дел од пилотирани летала, сателити, копнени возила, морски пловни објекти/подморници или опрема за геофизички истражувања, или во количини, погодни за делови за замена за такви апликации.

КАТЕГОРИЈА II; ТОЧКА 10

ТОЧКА 10 КОНТРОЛА НА ЛЕТАЊЕ

10.А. ОПРЕМА, СКЛОПОВИ И КОМПОНЕНТИ

10.А.1. Хидраулички, механички, електрооптички или електромеханички системи за управување со летови (вклучувајќи и систем на електрични команди на летање) проектирани или изменети за системите наведени во 1.А.

10.А.2. Опрема за контрола на положбата проектирана или изменета за системите наведени во 1.А.

10.А.3. Сервовентили за контрола на летови, проектирани или изменети за системите наведени во 10.А.1 или 10.А.2., и проектирани или изменети да работат во окружување со вибрации поголеми од 10 g rms во целиот опсег помеѓу 20 Hz и 2 kHz.

Забелешка:

Системите, опремата или вентилите наведени во 10.А. можат да бидат предмет на извоз, како дел од пилотирани летала или сателити или во количини погодни за делови за замена за пилотирани летала.

10.Б. ОПРЕМА ЗА ТЕСТИРАЊЕ И ПРОИЗВОДСТВО

10.Б.1. Опрема за тестирање, калибрација и приспособување, која е специјално проектирана за опремата наведена под 10.А.

10.В. МАТЕРИЈАЛИ

Нема.

10.Г. СОФТВЕР

10.Г.1. „Софтвер“ посебно проектиран или изменет за „употреба“ на опрема наведена во 10.А. или 10.Б.

Забелешка:

„Софтвер“ наведен во 10.Г.1 може да биде предмет на извоз, како дел од пилотирани летала или сателити или во количини погодни за делови за замена за пилотирани летала.

10.Д. ТЕХНОЛОГИЈА

10.Д.1. Проектна „технологија“ за интегрирање на трупот на леталото, погонски систем и површини за контрола на подигање, проектирана или изменета за системите наведени во 1.А. или 19.А.2., за оптимизирање на аеродинамичните карактеристики на беспилотни летала во текот на режимот на летање.

10.Д.2. Проектна „технологија“ за воведување на податоците од контрола на летање, насочување и погон во систем за управување на летот, проектирана или изменета за системите наведени во 1.А. или 19.А.1., со цел да се оптимизира патеката на ракетниот систем.

10.Д.3. „Технологија“ според Општата забелешка за технологија“ за „развој“, „производство“ или „употреба“ на опрема или „софтвер“ наведени во 10.А., 10.Б. или 10.Г.

КАТЕГОРИЈА II; ТОЧКА 11

ТОЧКА 11 АВИОНИКА

11.А. ОПРЕМА, СКЛОПОВИ И КОМПОНЕНТИ

11.А.1. Радарски и ласерски радарски системи, вклучувајќи висинометри, проектирани или изменети за употреба во системите наведени во 1.А.

Техничка забелешка:

Ласерски радарски системи кои вклучуваат специјализирани техники за пренос, скенирање, прифаќање и обработка на сигнали за користење на ласери за одредување на ехото на звучниот сигнал, одредување на насоки, разликување на целите по локација, радијалната брзина и карактеристики на рефлективноста на органите.

11.А.2. Пасивни сензори за одредување на положбата кон конкретни електромагнетни извори (опрема за одредување на насока) или карактеристични елементи од теренот, проектирани или изменети за употреба во системите наведени во 1.А.

11.А.3. Опрема за добивање на податоци од глобални навигациски сателитски системи (GNSS; на пр. GPS, GLONASS или Galileo), со која било од следните карактеристики, и посебно проектирани компоненти за нив:

а. Проектирани или изменети за употреба во системите наведени во 1.А.; или

б. Проектирани или изменети за воздушни апликации и кои ги имаат кои било од следните карактеристики:

1. Способност за обезбедување на информации за навигација при брзини поголеми од 600 m/s;
2. Употреба на шифрирање, проектирано или изменето за користење во воени или во владини цели, за обезбедување пристап до GNSS-доверливи сигнали/податоци; или
3. Проектирани се специјално за употреба на карактеристики против пречки (пр. антена која поништува пречки или електронски управувана антена) за да функционираат во окружување со активно или пасивно противелектронско дејство.

Забелешка:

11.А.3.б.2. и 11.А.3.б.3. не се однесуваат на опрема проектирана за комерцијални, цивилни или услуги на GNSS поврзани со „безбедност на животот“ (на пр. интегритет на податоци, безбедност на летот).

11.А.4. Електронски склопови и компоненти, проектирани или изменети за употреба во системите наведени во 1.А. или 19.А., и специјално проектирани за воена употреба и работа при температури над 125 °C.

Забелешки:

1. *Опремата наведена во 11.А., го вклучува следното:*
    - а. *Опрема за мапирање на контурите на теренот;*
    - б. *Опрема за мапирање или корелација на сцена (и аналогна и дигитална);*
    - в. *Опрема за навигација со Доплер-радар;*
    - г. *Пасивно интерферометрична опрема;*
    - д. *Сензорна опрема за слика (активна и пасивна).*
2. *Опрема наведена во 11.А може да биде предмет на извоз, како дел од пилотирани летала или сателити или во количини погодни за делови за замена за пилотирани летала.*

11.А.5. Основни и средни електрични спојки, специјално проектирани за системите наведени во 1.А.1. или 19.А.1.

Техничка забелешка:

Средни спојки наведени во 11.А.5. вклучуваат и електрични врски инсталирани помеѓу системите опишани во 1.А.1. или 19.А.1. и нивниот „товар“.

11.Б. ОПРЕМА ЗА ТЕСТИРАЊЕ И ПРОИЗВОДСТВО

Нема.

11.В. МАТЕРИЈАЛИ

Нема.

11.Г. СОФТВЕР

11.Г.1. „Софтвер“ посебно проектиран или изменет за „развој“ на опрема наведена во 11.А.1., 11.А.2. или 11.А.4.

11.Г.2. „Софтвер“ посебно проектиран за „употреба“ на опрема наведена во 11.А.3.

11.Д. ТЕХНОЛОГИЈА

11.Д.1. Проектна „Технологија“ за заштита на авионската електроника и електронските потсистеми од електромагнетен импулс (EMP) и електромагнетна интерференција (EMI) од надворешни извори, како што следува:

- а. Проектна „Технологија“ за заштитни системи;
- б. Проектна „технологија“ за конфигурирање на отпорни електронски кола и потсистеми;
- в. Проектна „технологија“ за утврдување на критериумите за зголемување на отпорноста наведени погоре.

11.Д.2. „Технологија“ според Општата забелешка за технологија“ за „развој“, „производство“ или „употреба“ на опрема или „софтвер“ наведени во 11.А. или 11.Г.

КАТЕГОРИЈА II; ТОЧКА 12

ТОЧКА 12 ПОМОШНА ОПРЕМА ЗА ЛАНСИРАЊЕ

12.А. ОПРЕМА, СКЛОПОВИ И КОМПОНЕНТИ

12.А.1. Апарати и уреди за ракување, контрола, стартување или лансирање, проектирани или изменети за системите наведени во 1.А., 19.А.1., или 19.А.2.

12.А.2. Летала за превоз, ракување, контролирање, стартување или лансирање, проектирани или изменети за системите наведени во 1.А.

12.А.3. Мерачи на гравитација (гравиметри) или градиометри за гравитација, проектирани или изменети за употреба во воздух или во море, кои се користат за системите наведени во 1.А. како што следува, и посебно конструирани компоненти за нив:

а. Мерачи на гравитација кои ги имаат сите од следните карактеристики:

1. Статичка или работна точност еднаква на 0,7 milligal (mgal) или помала (подобра); и
2. Време на постигнување на регистрација во стабилна состојба од две минути или помалку;

б. Градиометри за гравитација.

12.А.4. Опрема за телеметрија и телеконтрола, вклучувајќи и теренска опрема, проектирана или изменета за системите наведени во 1.А., 19.А.1. или 19.А.2.

Забелешки:

1. *12.А.4. не се однесува на опрема проектирана или изменета за вселенски летала или сателити.*
2. *12.А.4. не се однесува на копнена опрема проектирана или изменета за копнена или поморска примена.*
3. *12.А.4. не се однесува на опрема проектирана за комерцијални, цивилни или сигурносни („Безбедност на живот“) (на пример, интегритет на податоци, безбедност при летање) GNSS-услуги.*

12.А.5. Системи за прецизно следење, употребливи за системите наведени во 1.А., 19.А.1. или 19.А.2., како што следува:

а. Системи за следење кои користат преведувач на кодови инсталиран во ракетата или беспилотно летало, во соработка со копнени или воздушни референци или со системите за сателитска навигација со цел обезбедување мерење на позицијата и брзината во текот на летот, во реално време;

б. Радари за одредување далечина, вклучувајќи соодветни оптички/инфрацрвени трагачи со сите следни способности:

1. Аголна резолуција подобра од 1,5 милирадијани;
2. Опсег од 30 km или поголем, со резолуција на опсег подобра од 10 m rms; и
3. Резолуција на брзината подобра од 3 m/s.

12.А.6. Термални батерии проектирани или изменети за системите наведени во 1.А., 19.А.1. или 19.А.2.

Забелешка:

12.А.6. не се однесува на термалните батерии, посебно проектирани за ракетни системи или беспилотни летала, кои не можат да имаат „опсег“ еднаков на 300 km или поголем.

Техничка забелешка:

Термални батерии се батерии за еднократна употреба кои содржат тврда неспроводлива неорганска сол како електролит. Овие батерии вклучуваат пиролитски материјал кој при запалување го топи електролитот и ја активира батеријата.

12.Б. ОПРЕМА ЗА ТЕСТИРАЊЕ И ПРОИЗВОДСТВО

Нема.

12.В. МАТЕРИЈАЛИ

Нема.

12.Г. СОФТВЕР

12.Г.1. „Софтвер“ посебно проектиран или изменет за „употреба“ на опрема наведена во 12.А.1.

12.Г.2. „Софтвер“ кој по извршениот лет ги обработува снимените податоци и овозможува одредување на положбата на леталото врз основа на неговите патеки на движење и кој е посебно проектиран или изменет за системите наведени во 1.А., 19.А.1. или 19.А.2.

12.Г.3. „Софтвер“ посебно проектиран или изменет за „употреба“ на опрема наведена во 12.А.4. или 12.А.5., кој се користи кај системите наведени во 1.А., 19.А.1. или 19.А.2.

12.Д. ТЕХНОЛОГИЈА

12.Д.1. „Технологија“ според Општата забелешка за технологија“ за „развој“, „производство“ или „употреба“ на опрема или „софтвер“ наведени во 12.А. или 12.Г.

КАТЕГОРИЈА II; ТОЧКА 13

ТОЧКА 13 КОМПЈУТЕРИ

13.А. ОПРЕМА, СКЛОПОВИ И КОМПОНЕНТИ

13.А.1. Аналогни компјутери, дигитални компјутери или дигитални диференцијални анализатори, проектирани или изменети за употреба во системите наведени во 1.А., кои ги имаат сите од следните карактеристики:

а. Класифицирани за континуирана работа на температура пониска од -45 ° C до над + 55 ° C; или

б. Се проектирани како засилени или „отпорни на радијација“.

13.Б. ОПРЕМА ЗА ТЕСТИРАЊЕ И ПРОИЗВОДСТВО

Нема.

13.В. МАТЕРИЈАЛИ

Нема.

13.Г. СОФТВЕР

Нема.

13.Д. ТЕХНОЛОГИЈА

13.Д.1. „Технологија“ според Општата забелешка за технологија“ за „развој“, „производство“ или „употреба“ на опрема наведена во 13.А.

Забелешка:

Опремата од точка 13 може да биде предмет на извоз, како дел од пилотирани летала или сателити во количини погодни за делови за замена за пилотирани летала.

КАТЕГОРИЈА II; ТОЧКА 14

ТОЧКА 14 АНАЛОГНО-ДИГИТАЛНИ КОНВЕРТОРИ

14.А. ОПРЕМА, СКЛОПОВИ И КОМПОНЕНТИ

14.А.1. Аналогно-дигитални конвертори, употребливи за системите наведени во 1.А., кои ги имаат сите од следните карактеристики:

а. Проектирани да ги исполнат воените спецификации за оспособена опрема; или

б. Проектирани или изменети за воена употреба и претставуваат еден од следните видови:

1. Аналогно-дигитални конвертори „микрокола“ кои се „отпорни на зрачење“ или ги поседуваат сите од следните карактеристики:

   а. Режим на работа во температурен опсег од под - 54 °C до над + 125 °C; и

   б. Херметички затворени; или

2. Електрични печатени кола или модули за претворање на аналогните податоци во дигитални кои ги имаат сите следни карактеристики:

   а. Режим на работа во температурен опсег од под - 45 °C до над + 80 °C; и

   б. Вклучуваат „микрокола“ наведени во 14.А.1.б.1.

14.Б. ОПРЕМА ЗА ТЕСТИРАЊЕ И ПРОИЗВОДСТВО

Нема.

14.В. МАТЕРИЈАЛИ

Нема.

14.Г. СОФТВЕР

Нема.

14.Д. ТЕХНОЛОГИЈА

14.Д.1. „Технологија“ според Општата забелешка за технологија“ за „развој“, „производство“ или „употреба“ на опрема наведена во 14.А.

КАТЕГОРИЈА II; ТОЧКА 15

ТОЧКА 15 ОПРЕМА И ОБЈЕКТИ ЗА ТЕСТИРАЊЕ

15.А. ОПРЕМА, СКЛОПОВИ И КОМПОНЕНТИ

Нема.

15.Б. ОПРЕМА ЗА ТЕСТИРАЊЕ И ПРОИЗВОДСТВО

15.Б.1. Опрема за тестирање на вибрации која може да се користи за системите наведени во 1.А., 19.А.1. или 19.А.2. или потсистемите наведени во 2.А. или 20.А. или компоненти за неа, како што следува:

а. Системи за тестирање вибрации што користат техники на повратни или затворени спреги и кои вклучуваат дигитален контролор, што овозможува вибрирање на системот при забрзување еднакво или поголемо од 10 g rms во фрекфенциски опсег од 20 Hz и 2 kHz и преносни сили еднакви или поголеми од 50 kN, мерено на „маса за мерење“;

б. Дигитални контролори комбинирани со посебно развиен „софтвер“ за тестирање вибрации, со „широкопојасна контрола во реално време“ поголема од 5 kHz наменети за користење кај системи за испитување на вибрации наведени во15.Б.1.а.;

Техничка забелешка:

„Широкопојасна контрола во реално време“ е максималната стапка по која контролорот може да извршува целосни циклуси на земање примероци, обработка на податоци и да пренесува контролни сигнали.

в. Поттикнувачи на вибрации (единици за мешање), со или без придружни засилувачи, што може да пренесуваат сила еднаква или поголема од 50 kN, измерено на „маса за мерење“ и кои се користат кај системи за испитување на вибрации наведени во 15.Б.1.а.;

г. Потпорни конструкции за тестирање и електронски единици наменети за вклопување на повеќе комбинирани единици во комплетен систем за мешање кој може да обезбеди ефикасна сложена сила од 50 kN мерено на „маса за мерење“ или повеќе, и кои се користат кај вибрациски системи што се наведени во 15.Б.1.а.

Техничка забелешка:

Системите за тестирање на вибрации, со дигитален контролор, се системите, чии функции делумно или целосно се контролираат автоматски преку складирани и дигитално кодирани електрични сигнали.

15.Б.2. „Аеродинамични објекти за тестирање“ за брзини од 0,9 мах или повеќе, употребливи за системите наведени во 1.А. или 19.А., или потсистемите опишани во 2.А. или 20.А.

Забелешка:

Точка 15.Б.2 не се однесува на аеродинамични тунели за брзини од 3 махи или помалку со димензии на „големината на пресек на површината за тестирање“ еднаква на 250 mm или помала.

Технички забелешки:

1. *„Аеродинамични објекти за тестирање“ вклучува аеродинамични тунели и ударни тунели за проучување на интеракцијата на струење над објектите.*
2. *„Големина на пресек на површината за тестирање“ значи дијаметарот на кругот, или страна на квадратот, или најдолга страна на правоаголникот, или должината на главната оска на елипса во најголемиот „пресек на површината за тестирање“. „Пресек на површината за тестирање“ е пресекот, нормален на насоката на протокот.*

15.Б.3. Платформи за тестирање/пултови употребливи за системите наведени во 1.А., 19.А.1. или 19.А.2., или потсистемите наведени во 2.А. или 20.А., кои се способни да управуваат со ракети, мотори со течно или цврсто гориво, кои имаат потисок поголем од 68 kN, или можност за истовремено мерење на три компоненти на аксијален потисок.

15.Б.4. Комори за симулација на средината, како што следува употребливи за системите наведени во 1.А. или 19.А., или потсистемите опишани во 2.А. или 20.А.:

а. Комори за симулација на средината со можност да ги симулираат следните услови на летот:

1. Ги имаат сите од следните карактеристики:
   а. Висина на лет еднаква или поголема од 15 km; или
   б. Температурен опсег од под - 50°C до над + 125 °C; и
2. Кои вклучуваат или проектирани или изменети за да вклучат единица за мешање или друга опрема за испитување на вибрации за да обезбедат вибрирачки средини еднакви или поголеми од 10 g rms, измерени на „масата за мерење“, помеѓу 20 Hz и 2 kHz распределувајќи ги силите еднакви или поголеми од 5 kN;

Технички забелешки:

1. *Точка 15.Б.4.а.2. опишува системи кои можат да генерираат вибрирачка средина со еднократен бран (на пр., синусен бран) и системи кои можат да генерираат широк опсег на наизменична вибрација (на пр. спектар на сила).*

2. *Во точка 15.Б.4.а.2., проектиран или изменет значи дека комората за средина овозможува соодветни точки на поврзување (на пр. уреди за затнување) за да вклучи единица за протресување или друга опрема за испитување на вибрациите, како што е наведено во оваа точка.*

б. Комори за симулација на средината со можност да ги симулираат следните услови на летот:

1. Акустични средини на вкупно ниво на звучен притисок од 140 dB или повеќе (во однос на 2×10^{-5} N/m^2) или со вкупна номинална акустична сила од 4 kW или повеќе; и
2. Имаат кои било од следните карактеристики:
   а. Висина на лет еднаква или поголема од 15 km; или

   б. Температурен опсег од под - 50°C до над 25 °C.

15.Б.5. Акцелератори способни да обезбедат електромагнетно зрачење генерирано со закочено зрачење од забрзани електрони од 2 MeV или повеќе и системи што содржат такви акцелератори, употребливи за системите наведени во 1.А., 19.А.1. или 19.А.2., или потсистемите опишани во 2.А. или 20.А.

Забелешка:

15.Б.5. не се однесува на опрема посебно проектирана за медицински цели.

Техничка забелешка:

Во точка 15.Б. „маса за мерење“ значи рамна маса или површина, без направи за прицврстување или стегање.

15.В. МАТЕРИЈАЛИ

Нема

15.Г. СОФТВЕР

15.Г.1. „Софтвер“ посебно проектиран или изменет за „употреба“ на опрема наведена во 15.Б., кој се користи кај системите за тестирање наведени во 1.А., 19.А.1. или 19.А.2. или потсистемите наведени во 2.А или 20.А.

15.Д. ТЕХНОЛОГИЈА

15.Д.1. „Технологија“ според Општата забелешка за технологија“ за „развој“, „производство“ или „употреба“ на опрема или „софтвер“ наведени во 15.Б. или 15.Г.

КАТЕГОРИЈА II; ТОЧКА 16

ТОЧКА 16 МОДЕЛИРАЊЕ, СИМУЛАЦИЈА И ИНТЕГРИРАЊЕ ПРОЕКТИ

16.А. ОПРЕМА, СКЛОПОВИ И КОМПОНЕНТИ

16.А.1. Посебно проектирани хибридни (комбинирани аналогни/дигитални) компјутери за моделирање, симулација или интеграција на проекти за системите наведени во 1.А., или потсистемите наведени во 2.А.

Забелешка:

Оваа контрола се применува единствено кога опремата се испорачува заедно со „софтвер“ наведен во 16.Г.1.

16.Б. ОПРЕМА ЗА ТЕСТИРАЊЕ И ПРОИЗВОДСТВО

Нема.

16.В. МАТЕРИЈАЛИ

Нема.

16.Г. СОФТВЕР

16.Г.1. „Софтвер„ посебно проектиран за моделирање, симулација или интеграција на проекти за системите наведени во 1.А., или потсистемите наведени во 2.А или 20.А.

Техничка забелешка:

Моделирањето вклучува особено аеродинамична и термодинамичка анализа на системите.

16.Д. ТЕХНОЛОГИЈА

16.Д.1. „Технологија“ според Општата забелешка за технологија“ за „развој“, „производство“ или „употреба“ на опрема или „софтвер“ наведени во 16.А. или 16.Г.

КАТЕГОРИЈА II; ТОЧКА 17

ТОЧКА 17 СТЕЛТ ТЕХНОЛОГИЈА

17.А. ОПРЕМА, СКЛОПОВИ И КОМПОНЕНТИ

17.А.1. Уреди за намалување на забележливоста како што се: радарска рефлексивност, ултравиолетови/инфрацрвени карактеристични одрази и акустични одрази (т.е. стелт технологија), за апликации, употребливи за системите наведени во 1.А. или 19.А., или потсистемите опишани во 2.А. или 20.А.

17.Б. ОПРЕМА ЗА ТЕСТИРАЊЕ И ПРОИЗВОДСТВО

17.Б.1. Системи посебно проектирани за радарско мерење на пресек, употребливи за системите наведени во 1.А., 19.А.1. или 19.А.2., или потсистемите наведени во 2.А.

17.В. МАТЕРИЈАЛИ

17.В.1. Материјали за намалување на забележливоста како што се: радарска рефлексивност, ултравиолетови/инфрацрвени карактеристични одрази и акустични одрази (т.е. стелт технологија), за апликации, употребливи за системите наведени во 1.А. или 19.А., или потсистемите наведени во 2.А.

Забелешки:

1. *17.В.1 вклучува структурни материјали и прекривки (вклучувајќи и бои), посебно проектирани за намалена или приспособена рефлексивност или способност за емисија во микробранови, инфрацрвени или ултравиолетови региони на електромагнетскиот спектар.*
2. *17.В.1. не ги опфаќа прекривките (вклучувајќи и бои) кои посебно се користат за термална контрола на сателитите.*

17.Г. СОФТВЕР

17.Г.1. „Софтвер“ посебно проектиран за намалување на забележливоста како што се: радарска рефлексивност, ултравиолетови/инфрацрвени карактеристични одрази и акустични одрази (т.е. стелт технологија), за апликации, употребливи за системите наведени во 1.А. или 19.А., или потсистемите наведени во 2.А.

Забелешка:

17.Г.1 вклучува „софтвер“ посебно проектиран за анализа на намалување на одразувањето.

17.Д. ТЕХНОЛОГИЈА

17.Д.1. „Технологија“ според Општата забелешка за технологија“ за „развој“, „производство“ или „употреба“ на опрема, материјали или „софтвер“ наведени во 17.А., 17.Б., 17.В. или 17.Г.

Забелешка:

17.Д.1 вклучува база на податоци посебно проектирана за анализа на намалување на одразувањето.

КАТЕГОРИЈА II; ТОЧКА 18

ТОЧКА 18 ЗАШТИТА ОД НУКЛЕАРНИ ВЛИЈАНИЈА

18.А. ОПРЕМА, СКЛОПОВИ И КОМПОНЕНТИ

18.А.1. „Микрокола“ „отпорни на зрачење“, употребливи за заштита на ракетни системи и беспилотни летала против нуклеарни ефекти (на пр. Електромагнетни импулси (ЕМР/ЕМР), Х-зраци, комбинирани експлозивни и термички ефекти), и кои се користат кај системите наведени во 1.А.

18.А.2. „Детектори“ посебно проектирани или изменети за заштита на ракетни системи и беспилотни летала против нуклеарни ефекти (на пр. Електромагнетни импулси (ЕМР/ЕМР), Х-зраци, комбинирани експлозивни и термички ефекти), и кои се користат кај системите наведени во 1.А.

Техничка забелешка:

„Детектор“ се дефинира како механички, електричен, оптички или хемиски уред кој автоматски идентификува и бележи или регистрира стимули, како што се промена на притисок или температура на окружувањето, електрични или електромагнетни сигнали или зрачења од радиоактивен материјал. Ова опфаќа уреди кои детектираат промени еднократно или по пат на дефект.

18.А.3. Заштитни конструкции проектирани да издржат комбиниран топлотен удар, поголем од 4.184 × 10^6 J/m^2 и врвови на притисокот, повисоки од 50 kPa, употребливи за заштита на ракетни системи и беспилотни летала против нуклеарни ефекти (на пр. Електромагнетни импулси (ЕМР), Х-зраци, комбинирани експлозивни и термички ефекти), и кои се користа кај системите наведени во 1.А.

18.Б. ОПРЕМА ЗА ТЕСТИРАЊЕ И ПРОИЗВОДСТВО

Нема.

18.В. МАТЕРИЈАЛИ

Нема.

18.Г. СОФТВЕР

Нема.

18.Д. ТЕХНОЛОГИЈА

18.Д.1. „Технологија“ според Општата забелешка за технологија“ за „развој“, „производство“ или „употреба“ на опрема наведена во 18.А.

КАТЕГОРИЈА II; ТОЧКА 19

ТОЧКА 19 ДРУГИ ЦЕЛОСНИ СИСТЕМИ ЗА ЛАНСИРАЊЕ

19.А. ОПРЕМА, СКЛОПОВИ И КОМПОНЕНТИ

19.А.1. Целосни ракетни системи (вклучувајќи системи за балистички проектили, вселенски лансирни летала и сондажни ракети), со „опсег“ еднаков на 300 km или поголем, кои не се наведени во 1.А.1.

19.А.2. Целосни беспилотни воздухопловни системи (вклучувајќи системи за крстосувачки ракети, дронови за воздушни цели и разузнавачки дронови), со „опсег“ еднаков на 300 km или поголем, кои не се наведени во 1.А.2.

19.А.3. Целосни беспилотни воздухопловни системи кои не се наведени во 1.А.2 или 19.А.2., со сите од следните карактеристики:

а. Што имаат која било од следните карактеристики:

1. Автономна контрола на летот и можност за навигација; или
2. Можност за контролиран лет надвор од директниот виден дострел со помош на човечки оператор; и

б. Што имаат која било од следните карактеристики:

1. Вклучувајќи систем/механизам за распрскување на аеросоли со капацитет поголем од 20 литри; или
2. Проектирани или изменети да вклучуваат систем/механизам за распрскување на аеросоли со капацитет поголем од 20 литри.

Забелешка:

Точка 19.А.3. не се однесува на модели на авиони, посебно проектирани за рекреативни или натпреварувачки цели.

Технички забелешки:

1. *Аеросол е составен од честички или течности, различни од горивни компоненти, нус-производи или адитиви, како дел од „товар“, кој се распрснува во атмосферата. Примери за аеросоли вклучуваат пестициди за прскање на житни култури и тврди хемикалии за засејување на облаци.*
2. *Системот /механизмот за распрскување на аеросоли ги содржи сите овие делови (механички, електрични, хидраулични, итн.), кои се неопходни за складирање и дисперзија на аеросоли во атмосферата. Ова ја вклучува можноста за инјектирање на аеросоли во издувната пареа при согорувањето и во протокот на воздух од пропелерот.*

19.Б. ОПРЕМА ЗА ТЕСТИРАЊЕ И ПРОИЗВОДСТВО

19.Б.1. „Капацитети за производство“, посебно проектирани за системите наведени во 19.А.1. или 19.А.2.

19.В. МАТЕРИЈАЛИ

Нема.

19.Г. СОФТВЕР

19.Г.1. „Софтвер“ кој ги координира функциите на повеќе од еден потсистем посебно проектиран или изменет за „употреба“ во системите наведени во 19.А.1 или 19.А.2.

19.Д. ТЕХНОЛОГИЈА

19.Д.1. „Технологија“ според Општата забелешка за технологија“ за „развој“, „производство“ или „употреба“ на опрема наведена во 19.А. 19.А.2.

КАТЕГОРИЈА II; ТОЧКА 20

ТОЧКА 20 ДРУГИ ЦЕЛОСНИ ПОТСИСТЕМИ

20.А. ОПРЕМА, СКЛОПОВИ И КОМПОНЕНТИ

20.А.1. Целосни потсистеми како што следува:

а. Поединечни ракетни степени, кои не се наведени во 2.А.1., употребливи во системите наведени во 19.А.;

б. Потситеми на ракетен погон, кои не се наведени во 2.А.1., употребливи во системите наведени во 19.А.1., како што следува:

1. Ракетни мотори на течен погон или хибридни ракетни мотори кои имаат капацитет на вкупен импулс еднаков на или поголем од 8.41 × 10^5 Ns, но помал од 1.1 × 10^6 Ns;
2. Ракетни мотори на течно погонско гориво, вклучени или проектирани или изменети да бидат вклучени во погонски системи на течно гориво кои имаат капацитет на вкупен импулс еднаков на или поголем од 8.41 × 10^5 Ns, но помал од 1.1 × 10^6 Ns;

20.Б. ОПРЕМА ЗА ТЕСТИРАЊЕ И ПРОИЗВОДСТВО

20.Б.1. „Капацитети за производство“, посебно проектирани за потсистемите наведени во 20.А.

20.Б.2. „Опрема за производство“, посебно проектирана за потсистемите наведени во 20.А.

20.В. МАТЕРИЈАЛИ

Нема.

20.Г. СОФТВЕР

20.Г.1. „Софтвер“ посебно проектиран или изменет за системите наведени во 20.Б.1.

20.Г.2. „Софтвер“ кој не е наведен во 2.Г.2., посебно проектиран или изменет за „употреба“ на ракетните мотори или мотори наведени во 20.А.1.б.

20.Д. ТЕХНОЛОГИЈА

20.Д.1. „Технологија“ според Општата забелешка за технологија“ за „развој“, „производство“ или „употреба“ на опрема или „софтвер“ наведени во 20.А., 20.Б. или 20.Г.

ЕДИНИЦИ, КОНСТАНТИ, АКРОНИМИ И КРАТЕНКИ

ЕДИНИЦИ, КОНСТАНТИ, АКРОНИМИ И КРАТЕНКИ УПОТРЕБЕНИ ВО ОВОЈ АНЕКС

ABEC	Комитет на инженерите во областа на радијални топчести лежишта
ABMA	Здружението на американските производители на радијални топчести лежишта
ANSI	Американски национален институт за стандарди
Ангстром	1×10^{-10} метри
ASTM	Американско друштво за испитување и материјали
bar	единица за притисок
°C	Целзиусов степен
cc	кубен центиметар
CAS	Служба за хемиски индекси
CEP	Веројатност на циркуларна грешка
dB	децибел
g	грам; исто и забрзување кое се должи на гравитација
GHz	гигахерц
GNSS	Глобален навигациски сателитски систем Galileo („Галилео“)
	GLONASS — Глобален сателитски систем за навигација
	GPS — Глобален систем за позиционирање
h	час
Hz	херц
HTPB	Хидрокси — терминиран полибутадиен
ICAO	Меѓународна организација за цивилна авијација
IEEE	Институтот за електрични и електронски инженери
IR	Инфрацрвен
ISO	Меѓународна организација за стандардизација
J	џул
JIS	Јапонски индустриски стандард
K	келвин
kg	килограм

kHz	килохерц
km	километар
kN	килоњутн
kPa	килопаскал
kW	киловат
m	метар
MeV	милион електронволт или мега електронволт
MHz	мегахерц
milligal	10^{-5} m/s^2 (исто така наречен mGal, mgal или милигалилео)
mm	милиметар
mm Hg	милиметри живин столб
MPa	мегапаскал
mrad	милирадијан
ms	милисекунда
µm	микрометар
N	њутн
Pa	паскал
ppm	милионити делови
rads (Si)	апсорбирана доза зрачење
RF	радио фреквенција
rms	квадратна средна вредност
rpm	вртежи во минута
RV	возила за враќање во земјината атмосфера
s	секунда
Tg	температура на премин во стакло
Tyler	големина на окца по Тајлер или стандардна ситова серија по Тајлер
UAV	Беспилотни летала
UV	Ултравиолетов

ТАБЕЛА НА КОНВЕРЗИЈА

ТАБЕЛА ЗА КОНВЕРЗИИ, УПОТРЕБЕНИ ВО ОВОЈ АНЕКС

Единица (од)	Единица (до)	Конверзија
бар	паскал (Pa)	1 бар = 100 kPa
g (гравитација)	m/s^2	1 g = 9.806 65 m/s^2
mrad (милирадијан)	степени (агол)	1 mrad ≈ 0.0573°
Рада	ergs/gram Si	1 rad (Si) = 100 ergs/gram силикон (= 0.01 греј [Gy])
250 окца (по Тајлер)	mm	за 250 окца по Тајлер, отвор на окце 0,063 mm

ДОПОЛНУВАЊЕ — ИЗЈАВА ЗА РАЗБИРАЊЕ

ИЗЈАВА ЗА РАЗБИРАЊЕ

Земјите-членки се согласуваат дека во случаите кога поимот „национални еквиваленти“ е посебно дозволен како алтернатива на специфични меѓународни стандарди, технички методи и параметри утврдени во националниот еквивалент, ќе обезбедат дека се исполнети барањата на стандардот утврден со специфичните меѓународни стандарди.“

АНЕКС II

„АНЕКС VIIA

Софтвер наведен во член 10г

1. Софтвер за планирање на ресурсите на претпријатието, специјално проектиран за употреба во нуклеарната и воената индустрија

Објаснувачка забелешка: Софтверот за планирање на ресурсите на претпријатието е софтвер кој се користи за финансиско сметководство, управувачко сметководство, човечки ресурси, производство, управување со снабдувачки синџири, управување со проекти, врски со клиентите, податочни услуги или контрола на пристап.

АНЕКС VIIБ

Графит и суровини, третирани полуобработени метали наведени во член 15а

Кодови и описи на ХС

1. Суровини или полупреработен графит

2504	Природен графит
3801	вештачки графит; колоиден или полуколоиден графит; препарати врз база на графит или други видови јаглероди во форма на паста, блокови, плочи или други полупроизводи

2. Не'рѓосувачки челик со висок квалитет (содржина на хром> 12%) во форма на листови, плочи, цевки или стапови

ex 7208	Плоснати валани производи од железо или нелегиран челик, со ширина од 600 mm или повеќе, топловалани, неплатирани или непревлечени
ex 7209	Плоснати валани производи од железо или нелегиран челик, со ширина од 600 mm или повеќе, ладновалани (ладно-редуцирани), неплатирани или непревлечени
ex 7210	Плоснати валани производи од железо или нелегиран челик, со ширина од 600 mm или повеќе, неплатирани или непревлечени
ex 7211	Плоснати валани производи од железо или нелегиран челик, со ширина помала од 600 mm, неплатирани или непревлечени
ex 7212	Плоснати валани производи од железо или нелегиран челик, со ширина помала од 600 mm, платирани или превлечени

ex 7213	Прачки и жици, топловалани, во неправилно навиткани клопчиња од железо или нелегиран челик
ex 7214	Други прачки и жици од железо или нелегиран челик, понатаму необработени, само ковани, топловалани, топловлечени или истиснати, но вклучувајќи ги и оние извртени по валање
ex 7215	Други прачки и жици од железо или нелегиран челик
ex 7219	Плоснати валани производи од не’рѓосувачки челик, со ширина од 600 mm или повеќе
ex 7220	Плоснати валани производи од не’рѓосувачки челик, со ширина помала од 600 mm
ex 7221	Прачки и жици, топловалани, во неправилно навиткани клопчиња од не’рѓосувачки челик
ex 7222	Други прачки и жици од не’рѓосувачки челик, агли, форми и делови од не’рѓосувачки челик
ex 7225	Плоснати валани производи од друг легиран челик, со ширина од 600 mm или повеќе
ex 7226	Плоснати валани производи од друг легиран челик, со ширина помала од 600 mm
ex 7227	Прачки и жици, топловалани, во неправилно навиткани клопчиња од друг легиран челик
ex 7228	Други шипки и прачки, во неправилно навиткани клопчиња; агли, форми и делови од друг легиран челик; шупливи шипки и прачки за дупчење, од легиран или нелегиран челик
ex 7304	Цевки и шупливи профили од железо (освен од леано железо) или челик
ex 7305	Други цевки (на пример: заварени, заковани или затворени на сличен начин) со кружен напречен пресек чиј надворешен пречник надминува 406,4 mm, од железо или челик
ex 7306	Други цевки и шупливи профили (на пример, со отворени споеви или заварени, заковани или затворени на сличен начин), од железо или челик
ex 7307	Прибор за цевки (на пример, спојки, колена, муфови), од железо или челик

3. Алуминиум и легури во форма на листови, плочи, цевки или стапови

ex 7604 Прачки и профили од алуминиум

ex 7604 10 10 – од нелегиран алуминиум

– – Прачки

ex 7604 29 10	– од легури на алуминиум
	– – Шупливи профили
	– – – Прачки
7606	Плочи, листови и ленти од алуминиум, со дебелина поголема од 0,20 мм
7607	Алуминиумска фолија (вклучувајќи и печатена или со подлога од хартија, картон, пластична маса или од слични материјали) со широчина до 0,2 mm (без подлога)
7608	Цевки од алуминиум
7609	ex 7307 Прибор за цевки, од алуминиум (на пример, спојници, колена, муфови)

4. Титан и легури во форма на листови, плочи, цевки или стапови

ex 8108 90	Титан и титански производи, вклучувајќи отпадоци и остатоци
	– Друго

5. Никел и легури во форма на листови, плочи, цевки или стапови

ex 7505	Прачки, профили и жици од никел
ex 7505 11	Шипки ex 7505 12
7506	Плочи, лимови, ленти и фолии, од никел
ex 7507	Цевки и прибор за цевки (на пример, спојници, колена, муфови), од никел
7507 11	– Цевки
	– – Од нелегиран никел
7507 12	– Цевки
	– – Од легури на никел 7507 20
	– Прибор за цевки

Објаснување: металните легури од точките 2, 3, 4 и 5 се оние што содржат повисок процент по тежина метал од кој било друг елемент.“

АНЕКС III

„АНЕКС X

Интернет страници за информации за надлежните органи и адреса за испраќање на известувања до Европската комисија

БЕЛГИЈА

http://www.diplomatie.be/eusanctions

БУГАРИЈА

http://www.mfa.bg/en/pages/135/index.html

РЕПУБЛИКА ЧЕШКА

http://www.mfcr.cz/mezinarodnisankce

ДАНСКА

http://um.dk/da/politik-og-diplomati/retsorden/sanktioner/

ГЕРМАНИЈА

http://www.bmwi.de/DE/Themen/Aussenwirtschaft/aussenwirtschaftsrecht,did=404888.html

ЕСТОНИЈА

http://www.vm.ee/est/kat_622/

ИРСКА

http://www.dfa.ie/home/index.aspx?id=28519

ГРЦИЈА

http://www.mfa.gr/en/foreign-policy/global-issues/international-sanctions.html

ШПАНИЈА

http://www.exteriores.gob.es/Portal/es/PoliticaExteriorCooperacion/GlobalizacionOportunidadesRiesgos/Documents/ORGANISMOS%20COMPETENTES%20SANCIONES%20INTERNACIONALES.pdf

ФРАНЦИЈА

http://www.diplomatie.gouv.fr/autorites-sanctions/

ХРВАТСКА

http://www.mvep.hr/sankcije

ИТАЛИЈА
http://www.esteri.it/MAE/IT/Politica_Europea/Deroghe.htm

КИПАР http://www.mfa.gov.cy/sanctions

ЛАТВИЈА
http://www.mfa.gov.lv/en/security/4539

ЛИТВАНИЈА

http://www.urm.lt/sanctions

ЛУКСЕМБУРГ
http://www.mae.lu/sanctions

УНГАРИЈА

http://2010-2014.kormany.hu/download/b/3b/70000/ENSZBT-ET-szankcios-tajekoztato.pdf

МАЛТА

https://www.gov.mt/en/Government/Government%20of%20Malta/Ministries%20and%20Entities/Officially%20Appointed %20Bodies/Pages/Boards/Sanctions-Monitoring-Board-.aspx

ХОЛАНДИЈА
http://www.rijksoverheid.nl/onderwerpen/internationale-sancties

АВСТРИЈА
http://www.bmeia.gv.at/view.php3?f_id=12750&LNG=en&version=

ПОЛСКА

http://www.msz.gov.pl

ПОРТУГАЛИЈА

http://www.portugal.gov.pt/pt/os-ministerios/ministerio-dos-negocios-estrangeiros/quero-saber-mais/sobre-o-ministerio/ medidas-restritivas/medidas-restritivas.aspx

РОМАНИЈА
http://www.mae.ro/node/1548

СЛОВЕНИЈА
http://www.mzz.gov.si/si/omejevalni_ukrepi

СЛОВАЧКА
http://www.mzv.sk/sk/europske_zalezitosti/europske_politiky-sankcie_eu

ФИНСКА
http://formin.finland.fi/kvyhteistyo/pakottee
t

ШВЕДСКА

http://www.ud.se/sanktioner

ОБЕДИНЕТО КРАЛСТВО

https://www.gov.uk/sanctions-embargoes-and-restrictions

Адреса за испраќање на известувања до Европската комисија:

European Commission
Service for Foreign Policy Instruments (FPI)
EEAS 02/309
B-1049 Brussels
Belgium
E-mail: relex-sanctions@ec.europa.eu’.

АНЕКС IV

„АНЕКС XIII

Список на лица, субјекти и органи наведени во член 23а(1)

А. Физички лица

Б. Субјекти и органи

АНЕКС XIV

Список на лица,

субјекти и органи наведени во член 23а(2)

А. Физички лица

Б. Субјекти и органи“.